Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН СО АКЦИОНЕН ПЛАН (2016-2025)

ПРОГРАМА ЗА
ЗАЧУВУВАЊЕ
НА ПРИРОДАТА

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
РЕГИОН

„Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион со Акционен план 2016 -2025“ е подготвена во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП) - проект на Швајцарската агенција за развоји соработка (SDC) кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем. Стратешки партнер на Програмата за зачувување на природата во Македонија е Центарот за развој на Источен плански регион.

HELVETAS Swiss Intercooperation

ФАРМАХЕМ FARMAHEM

## Изработено од:

IDEA O.K. TRAINING & CONSULTING ОБУКА И КОНСАЛТИНГ ИДЕЈА О.К.

BDS BALKAN DEVELOPMENT SOLUTIONS


## Тим автори:

**Д-р. Ивица Милевски** - Координатор на тимот, Експерт за туризам и природно наследство

**Д-р Зоран Тунтев** - Експерт за туризам

**Д-р. Ирена Ружин** - Експерт за туризам и културно наследство

**Виолета Јанкова** - Експерт за рурален туризам

**Јане Вртески** - Експерт за стратешко и акциско планирање и управување со проектен циклус

**Звонко Наумоски** - Експерт за стратешко планирање и рурален развој

**Васко Карангелевски** – Експерт за кост-бенефит анализа

## Лектура:

**Ирена Игњатовска**

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ....................................................................8

2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН СО АКЦИОНЕН ПЛАН (2016-2025)................................9

3. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ.........................................................13

4. ПРОФИЛ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО ОДНОС НА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ....................................................14

4.1 Општи податоци............................................................ 14

5. АНАЛИЗА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ СЕГМЕНТИ ЗА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР ВО РЕГИОНОТ .....................................17

5.1 Анализа на природните ресурси како регионални туристички атрактивности ..........................................................17

5.2 Анализа на културно-историските ресурси како регионални туристички атрактивности ..........................................................18

5.3 Анализа на демографските ресурси и населби..............................20

5.3.1 Демографски ресурси во ИПР ......................................... 20

5.3.2 Населби како туристички ресурс во ИПР.......................... 21

5.4 Анализа на рецептивните фактори ..........................................23

5.5 Туристички промет.........................................................25

5.6 Туристички пазари .........................................................27

5.7 Други значајни сегменти....................................................28

5.7.1 Транспортна инфраструктура ........................................ 28

5.7.2 Комунална инфраструктура........................................... 30

5.7.3 Енергетска инфраструктура .......................................... 31

5.7.4 Телефонија и интернет ................................................ 32

5.7.5 Здравствено осигурување и здравствена заштита ............ 32

6. SWOT АНАЛИЗА – ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ ..........................33

6.1 Силни страни на ИПР за развој на туризмот ..............................33

6.2 Слаби страни на ИПР за развој на туризмот...............................34

6.3 Можности на ИПР за развој на туризмот..................................35

6.4 Закани за развој на туризмот во ИПР .....................................36

7. КОНКУРЕНТНОСТ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ......37

7.1 Конкурентност на ИПР во регионален контекст ....................................37

7.2 Конкурентност на ИПР во национален контекст ....................................38

8. ВИЗИЈА, ПРИНЦИПИ, СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ, СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ И МЕРКИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР 40

8.1 Визија ........................................................................................40

8.2 Принципи врз кои ќе се базира развојот на туризмот во ИПР......... 41

8.2.1 Одржлив туризам ............................................................ 41

8.2.2 Профитабилност............................................................. 41

8.2.3 Селективни (приоритетни) инвестиции............................ 41

8.2.4 Целен маркетинг ............................................................ 42

8.2.5 Јавно приватно партнерство ........................................... 42

8.3 Стратешки области, стратешки приоритетни цели и мерки .............42

8.3.1 Развој на човечки и институционални капацитети ............ 43

8.3.2 Туристичка инфраструктура ........................................... 44

8.3.3 Туристичка понуда .......................................................... 44

8.3.4 Маркетинг и брендирање ................................................ 45

8.4 Процес на идентификување на стратешките области и цели...........46

8.5 Стратешка карта на ИПР за развој на туризмот 2016-2025................48

9. ТУРИСТИЧКО ЗОНИРАЊЕ НА ИПР ..................................50

9.1 Принципи на туристичко зонирање ..................................................50

9.2 Туристички субрегиони во рамките на ИПР .......................................50

10. ФОРМИРАЊЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ И ПОНУДИ .......52

10.1 Принципи на формирање туристички производи и понуди .............52

10.2 Тематски туристички производи и понуди ......................................53

10.3 Културен туризам..........................................................................53

10.3.1 Етно туриам ................................................................... 53

10.3.2 Рурален туризам ............................................................ 54

10.3.3 Религиозен–манастирски туризам .................................. 56

10.3.4 Планински туризам.......................................................... 57

10.3.5 Трекинг ........................................................................... 57

10.3.6 Планинарење.................................................................. 58

10.3.7 Зимски (зимско-спортски) туризам.................................. 58

10.3.8Бањски - велнес спа туризам ........................................ 59
10.3.9Џип сафари, сафари, оф-роуд, мото туризам .................... 60
10.3.10 Планински велосипедизам (маунтенбајк) ..................... 60
10.3.11 Геотуризам ........................................................ 61
10.3.12 Езерски туризам .................................................. 62
10.3.13 Летен капалишен туризам и активности на вода ........... 62
10.3.14 Ловен туризам ..................................................... 63
10.3.15 Риболовен туризам ................................................ 63
10.3.16 Параглајдинг ....................................................... 64
10.3.17 Адреналински паркови ........................................... 64
10.3.18 Зип-линии (zip-line) ............................................... 65
10.3.19 Аеротуризам и едриличарство .................................. 65
10.3.20 Алпинизам .......................................................... 65
10.3.21 Други туристички активности ................................... 66
10.4 Интегрирани туристички производи и понуди ........................ 67
10.4.1Туристички рути ...................................................... 67
10.4.2Предлог тематски туристички рути во ИПР ....................... 69
10.4.3Предлог интегрирани туристички рути во ИПР ................... 69
10.4.4Предлог на други туристички производи ......................... 70
10.4.1Предлог на клучни проекти за развој на туризмот во ИПР .. 71

**11. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ И АКЦИОНИОТ ПЛАН НА ИПР 74**

11.1 Туристичка дестинација ................................................ 74
11.2 Организација за управување со туристичката дестинација .............. 75
11.3 Свесност за значењето на туризмот во ИПР ............................ 77

**12. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ 79**

**13. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР 2016-2025 ........................................................ 82**

13.1 ВОВЕД ......................................................................... 82
13.2 ЦЕЛИ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ........................................... 83
13.3 АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО ПЕРИОДОТ 2016 – 2025 ГОДИНА ........................................................................ 84
13.4 ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ...................... 106

13.5 КОСТ БЕНЕФИТ АНАЛИЗА ........................................................................................ 107
13.5.1 Методолошки пристап во кост бенефит анализа (CBA).... 107
13.5.2 Влезни инпути за кост бенефит анализа ....................... 107
13.5.3 Кост бенефит анализа............................................... 109
**14. ПРИМЕРИ НА ПРОЕКТНИ КАРТИ КАКО ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР ..............................................116**
**15. ПРИЛОЗИ .........................................................................133**

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АП** | Агенција за патишта |
| **АППТРМ** | Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ГПС** | Глобален позициски систем |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕЛС** | Единица на локалната самоуправа |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЕУР** | Евро |
| **Ез.** | езеро |
| **ИКП** | Избалансирана карта на показатели |
| **ИПА** | (Instrument for Pre- accession) – Инструмент за претпристапна помош |
| **ИПАРД** | (Instrument for Pre- accession for Rural Development) – Инструмент за претпристапна помош за рурален развој |
| **ИПР** | Источен плански регион |
| **ЈПП** | Јавно–приватно партнерство |
| **км** | километар |
| **м** | метар |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **НВО** | Невладина организација |
| **НИ** | Нема информација |
| **ОУД** | Организација за управување со туристичката дестинација |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РТО** | Регионална туристичка организација |
| **с.** | Село |
| **сл.** | слично |
| **СДИ** | Странски директни инвестиции |
| **ТДО** | Треба да се одреди |
| **ЦР на ИПР** | Центар за развој на Источен плански регион |
| **3Г** | Трета генерација на мобилна комуникациска технологија |
| **4Г** | Четврта генерација на мобилна комуникациска технологија |
| **cca** | Приближна вредност |
| **CFCD** | (Central Finance and Contracting Department) – Централно одделение за финансирање и договори |
| **SDC** | Швајцарска агенција за развој и соработка |
| **SWOT** | (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats) Структуриран метод за планирање кој се користи за евалуација на внатрешните фактори (силните и слабите страни) и надворешните фактори (можности и закани) |

# ПОИМНИК

**Автентичност** – изворен, вистински

**Атрактивни туристички ресурси** – особини (карактеристики) на природните и антропогените туристички ресурси да ги привлекуваат туристите и со помош на нив да ги задоволуваат потребите на туристите (рекреативни и културни)

**Букинг** – пријавено доаѓање на гости во некој хотел, резервација на некој туристички аранжман или седиште во некое превозно средство или сместувачки капацитет

**Домашен турист** – лице со постојано место на живеење во Република Македонија, кое привремено престојува надвор од местото на живеење и остварува најмалку едно ноќевање во угостителски или во друг објект за ноќевање

**Излетници** – посетители (домашни или странски) кои во местото што го посетуваат не користат ноќевање т.е. не пренокиле (еднодневни посетители)

**Посетител** – термин кој се однесува на секое лице кое од кои било причини, освен да врши дејност, посетува странска земја (или кое било друго место во земјата, што не е негово место на постојано живеење). Според Светската туристичка организација, посетителите можат да бидат туристи и излетници.

**Спа туризам -** современа форма на бањски туризам која вклучува здравствени и рекреативни бањски активности

**Странски турист** - лице со постојано место на живеење надвор од Република Македонија, кое привремено престојува во Република Македонија и остварува најмалку едно ноќевање во угостителски или во друг објект за ноќевање

**Стратегија** – комплекс од координирани акции со кои за однапред одреден временски период треба да се реализираат поставените цели; програми или акции кои се насочени во одреден правец со цел да се постигнат посакуваните цели

**Субрегиони** се дефинирани како области од ИПР со одредени природни, демографски или културни специфичности, но и доста сличности со другите области во регионот.

**Туризам** – збир на односи и појави поврзани со активностите на лицата кои патуваат и престојуваат надвор од местото на постојано живеење, во кои го поминуваат своето слободно време, поради деловни и други причини (според Светската туристичка организација)

**Турист** - посетител кој остварува најмалку едно ноќевање во угостителски или во друг објект за ноќевање надвор од неговото постојано место на живеење

**Туристичка агенција** – стопанско претпријатие кое посредува со услугите на трети претпријатија, а тие услуги се неопходни за патување и престој на туристите, или истите тие услуги се нудат во нова комбинација како „сопствени услуги“ – туристички аранжман.

**Туристичка атракција** – привлечен елемент во некоја туристичка дестинација. Претставува природна или културна целина, појава, манифестација или настан што ги мотивира идните туристи да доаѓаат. Туристичката атракција претставува база за развој на туризмот.

**Туристичка дестинација** – во најширока смисла секое одредиште во туристичките патувања (од хотел и место до земја). Во студијава овој термин најчесто се однесува на место, локалитет или на Источниот плански регион како туристичка дестинација.

**Туристичка инфраструктура** – сите изградени капацитети на туристичката понуда во некоја туристичка дестинација за да може таа како таква да функционира - во поширока смисла, и во потесна смисла, инфраструктурните капацитети што се неопходни за развој на туризмот во некое подрачје (хотели, ресторани). Угостителски објект – деловна единица во која на гостите им се даваат угостителски услуги во храна, пијалаци, напитоци, сместување и други услуги кои вообичаено се даваат во угостителските објекти

**Туристичка побарувачка** – количина на производи и услуги кои под одредени услови и по одредена цена можат да се продадат на туристичкиот пазар, и за кои постои објективна побарувачка (корисници)

**Туристичка понуда** – количина на производи и услуги кои се нудат на пазарот по одредена цена и се наменети за задоволување на туристичките потреби

**Туристичка промоција** – вкупните активности што се насочени кон привлекување на туристите во одредено подрачје и форми на убедување со цел посетителите да купуваат одредени производи и услуги во местото во кое престојуваат и низ кое патуваат; промоцијата се состои од разни форми на комуникација со потенцијалните купувачи

**Туристички пакет - аранжман** е однапред договорена комбинација од најмалку две од следниве услуги продадени или дадени на продажба со тоа што вкупната услуга да трае подолго од 24 часа или вклучува сместување со ноќевање, односно сместување, и тоа:

а) транспорт,

б) сместување и

в) други туристички услуги кои не се опфатени со транспортот и сместувањето и се значаен обем во рамките на туристичкиот пакет- аранжман;

**Туристички регион** е географска и функционална просторна површина која опфаќа неколку туристички места со заедничко име чии природни и создадени туристички вредности се основа за формирање самостојна туристичка понуда, а што претставува можност за формирање туристички аранжмани од страна на туристичките агенции.

**Туристички ресурси** - природни или антропогени добра кои можат да се искористат за развој на туризмот (валоризираат)

**Туристичко место** претставува подрачје или дестинација кое како организациска и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите;

**Фитнес** – здравје, добра кондиција (да бидеш „fit“ значи да бидеш во добра кондиција). Во туризмот фитнес центрите најчесто се во рамките на хотелите. Опремени со современи справи за вежбање и со други придружни содржини за рекреација и опуштање (сауни, солариуми, соби за масажи итн.)

# 1. ВОВЕД

Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион 2016-2025 година е во целост документ на Советот на Источниот плански регион, кој дава јасна визија како туристичката индустрија може да го зголеми своето економско и социјално влијание во регионот.

Оваа визија е: Источниот плански регион во следните неколку години да создаде неколку респектабилни туристички дестинации, чии производи ќе се базираат врз природното и културното наследство на регионот и врз традицијата на луѓето што живеат тука; производи препознатливи по својот квалитет и целосно прилагодени кон барањата и потребите на современите туристи

За да ја постигне оваа визија Стратегијата дава:

- Долгорочна рамка која ги зема предвид тековните и новите трендови
- Стратешките области врз кои е ставен фокусот на развојот на туризмот во ИПР
- Стратешките приоритетни цели и клучните показатели со целни вредности на изведбата кои треба да бидат двигател во постигнувањето на визијата;
- Листа на мерки кои треба да бидат вклучени во краткорочните и среднорочните планови на општините и другите засегнати страни во Источниот плански регион и на ниво на држава
- Водич за стопанството и другите засегнати страни за приоритетите на Источниот плански регион во развојот на туризмот
- Преглед на политиките на Советот на ИПР и ЕЛС во однос на развојот на туризмот во регионот

Целта на оваа Стратегија е да даде насоки за искористување на потенцијалот кој постои во регионот за развој на туристичка индустрија, при тоа земајќи ги предвид сите ограничувања кои постојат во Источниот плански регион.

Успехот зависи од активностите на двете страни, страните на понуда и побарувачка во туристичката равенка. Предизвиците за развојот на туризмот се во: домашниот туристички пазар, посетеноста од странските туристи (дојдовен туризам), развиеноста на туристичката понуда, рецептивните фактори, туристичката инфраструктура, односот кон туризмот. Главен предизвик е подобрувањето на конкурентноста на ИПР во однос на соседните региони.

Стратегијата има фокус кон искористувањето на потенцијалот на блиските емитивни подрачја и брзорастечки туристички пазари, за зголемување на туристичкиот промет во ИПР.

Реализацијата на целите и мерките кои се од дел од оваа стратегија зависат од вклученоста на голем број засегнати страни почнувајќи од Советот на ИПР, ЕЛС од регионот, Агенцијата за поддршка и развој на туризмот на РМ, соодветните министерства и агенции, туристичката индустрија во целина и стопанството во регионот, како и населението кое живее во ИПР. При тоа, координацијата и раководењето со активностите треба да биде спроведувано од страна на организација за управување со туристички дестинации.

Во периодот за реализација на оваа стратегија Источниот плански регион треба да забележи раст на туристичката потрошувачка. Постигнувањето на оваа цел ќе има големо значење врз демографските и социо-економските состојби и трендови во регионот.

# 2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН СО АКЦИОНЕН ПЛАН (2016-2025)

Процесот на изработка на Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2016-2025) е тесно поврзан со процесот на изработка на Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион[1]. Изработката на Стратегијата започна во периодот на подготовка на финалната нацрт верзија на Студијата. Добиените резултати и изведените ставови, заклучоци и препораки од Студијата станаа податочна база за изработка на Стратегијата.

Во изработката на Стратегијата се употреби пристапот **„од долу - нагоре“ (bottom up[2]).** Ваквиот методолошки пристап подразбира вклучување на чинителите во сите фази и на сите нивоа на подготовка и воспоставување врски и односи за градење синергии на вертикално и хоризонтално ниво помеѓу секој еден чинител од регионот, почнувајќи од граѓаните, па сè до централната власт. За да се осигура активното користење на ваквиот методолошки пристап беше запазена комуникацијата и соработката помеѓу членовите на тимот и заинтересираните страни.

Самиот процес беше спроведен преку: 1) организирање форум – тркалезна маса за развој на туризмот (мај 2015), 2) работилница за стратешко планирање и одредување активности за Акцискиот план (јуни 2015) и 3) регионална конференција – јавна расправа за финализирање на стратегијата (септември 2015). Дополнително, беа спроведени и консултации со Центарот за развој на регионот, Советот и другите чинителите/засегнатите страни. Форумот, работилницата и конференцијата имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да генерираат податоци, ставови и идеи и истите да ги вградат во развојот на документот. Консултациите се однесуваа на добивање дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на

---

[1] Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион беше прва проектна задача од проектот со наслов „Изработката на Стратегијата за развој на туризмот во ИПР со акционен план 2016 - 2025“, кој пак е програмска активност која се реализира во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координирана од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем. Стратешки партнер на Програмата е Центарот за развој на Источен плански регион. Изработката на Студијата траеше 12 месеци, во периодот јуни 2014 – јуни 2015 година

[2] **Метода „од долу - нагоре“ (bottom up)**

Оваа метода е инструмент за олеснување на примената на партиципативен развоен пристап што ги вклучува сите членови на регионот разбран како заедница. Овој инструмент се користи за пренесување информации, идентификување потреби и утврдување основа за регионална акција. Пристапот „од долу - нагоре“ активно ги вклучува субјектите од регионот во процесот на планирање и одлучување поврзан со нивниот развој. Вклучувањето на регионалните чинители ги опфаќа населението во целост (преку нивни претставници), економски и социјални интересни групи, како и репрезентативни јавни и приватни институции.

Ваквиот пристап гарантира дека стратешките приоритети на национално ниво се одразени во регионалните иницијативи со истовремено нивно прилагодување на регионалните и локалните потреби.

Пристапот оддолу-нагоре означува дека локалните/регионалните чинители учествуваат во одлучувањето за стратегијата и во изборот на приоритетите на кои треба да се работи во нивниот регион. Искуството покажува дека пристапот оддолу-нагоре не треба да се смета како алтернатива или спротивен на пристапите одгоре-надолу од националните власти, туку попрво како комбинација и интеракција со нив, со цел да се постигнат подобри општи резултати.

работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно искористување на регионалните капацитети, знаења и вештини во дефинирање на Стратегијата.

Методолошкиот пристап подразбира искористување на сеопфатната анализа на просторот на регионот направена во Студијата, од аспект на карактеристиките на природните, културните и другите ресурси, анализа на постоечките вредности, инфраструктурните услови и погодности и други критериуми врз основа на кои во дијалог со заинтересираните страни беа дефинирани можните приоритети и области на дејствување, како и стратешките цели и мерки за интервенција.

При процесот на изработката на Стратегијата беа употребени класичните научни методи (анализа, синтеза, индукција, дедукција, итн.) од една страна и релевантни специфични методи за поеделните анализи, согласно потребите, како и добрите практики во изработката на овој тип стратешки документи.

Следните документи беа користени како дополнителни извори на информации во самиот процес на изработка на стратешкиот план:

- Национална стратегија за развој на туризмот на РМ 2009-2013
- Национална стратегија за рурален туризам на РМ 2012-2017
- Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2009-2013
- Просторен план на Источен плански регион, 2013-2030, Експертски елаборат - туризам
- Стратегијата за рамномерен регионален развој 2009-2019 (ревидирана верзија од 2014)
- Програма за развој на Источен плански регион 2009 - 2013
- Програма за развој на Источен плански регион 2015 -2019
- Стратешките документи на општините
- Други

Поради ваквата специфичност методолошкиот пристап се темелеше на принципите на постепеност и последователност во реализацијата на активностите и анализата на резултатите, но и на принципите на интердисциплинарност при изработка на двата документи.

Дополнително, на самиот почеток и во текот на процесот на изготвување на Стратегијата беа дефинирани принципите по кои истата ќе биде реализирана, и тоа:

- Транспарентност
- Партиципативност
- Следење на законската рамка

Принципите на транспарентност и партиципативност во процесот беа запазени преку:

1. Отворен пристап во работата (јавност)
2. Можност за целосна вклученост во процесот
3. Понудено учество на сите засегнати страни
4. Усогласување и координација
5. Дефинирање заеднички предлози и заклучоци

Покрај користењето на податоците од студијата и релевантните документи реализирани се и други активности при што се добиени следниве резултати:

- Изработен е профил на ИПР за развој на туризмот врз основа на постоечките документации и статистики, но и врз основа на податоците и препораките од изработената Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион

- Изработена е SWOT анализа за развојот на туризмот во ИПР, анализа на конкурентски региони во Македонија и странство, како и позиционирањето на ИПР во однос на туризмот
- Дефинирана е визија на Стратегијата за развој на туризмот (2016 – 2025)
- Дефинирана е стратешката рамка, преку дефинирање на области на интервенција, стратешки приоритетни цели, клучни показатели на изведбата и соодветни мерки (стратешка карта на развојот на туризмот во ИПР и Избалансирана карта на показатели на развојот на туризмот во ИПР);
- Развиен е модел на раст согласно предложените мерки;
- Изработено е туристичко зонирање на ИПР;
- Дефинирани се мерки и активности за имплементација на Стратегијата
- Подготвен е План за мониторинг и евалуација на стратешките цели и индикатори;
- Како дел од Стратегијата подготвен е акционен план со конкретни мерки/проекти со вклучена кост бенефит (cost benefit) анализа.

На Сликата 1 е прикажан процесот на изработка на Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025)


Процес на изработка на Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2016-2025)
Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион
Анализа на постоечки релевнтни документи
Изработка на профил на ИПР од аспект на развој на туризмот
Форум и работилница за стратешко и акционо планирање
Дефинирање визија, стратешка и акциона рамка
Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2016-2025)
Проекти
Регионална конференција – јавна расправа
Финализација на документите, лектура, превод и печатење

*Слика 1*

# 3. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Советот за регионален развој на Источниот плански регион е посветен на одржлив развој на туристичкиот сектор во регионот. Успехот на оваа стратегија е поврзан со:

- Градењето добра соработка со централна власт со цел да се осигура дека националните приоритети во развојот на туристичкиот сектор се постигнати и преку активна поддршка на туристичката индустрија во регионот.
- Зголемување на туристичката корист од стопанските активности;
- Идентификување и реализација на клучните туристички инвестиции

За да се постигне погореспоменатото, Стратегијата ги идентификува следните четири стратешки области, секоја со свои стратешки приоритетни цели, мерки и активности.

- Стратешка област 1: Развој на човечки и институционални капацитети
- Стратешка област 2: Туристичка инфраструктура
- Стратешка област 3: Туристичка понуда
- Стратешка област 4: Маркетинг и брендирање

Стратешката карта на ИПР за развој на туризмот ги дава стратешките цели во секоја област и соодветни мерки за нивно постигнување.

Активностите кои се дел од мерките се вклучени во Акциониот план за спроведување на Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион 2016-2025 година. Активностите во рамките на мерките се поделени на три категории: првични активности (2-3), краткорочни (3-5 години) и долгорочни (5-10) години.

Избалансирата карта за проценка на ИПР за развојот на туризмот е алатка што овозможува мониторинг и евалуација на постигнувањето на поставените стратешки цели.

Една од целите на оваа Стратегија и на Советот на Источниот плански регион е колку што е можно порамномерно распределување на користа од туризмот во регионот. Во таа смисла, Стратегијата е во согласност со Програмата за рамномерен регионален развој на Источниот плански регион 2015-2019.

Туристичкиот сектор во ИПР е соочен со низа предизвици:

- Недоволна запознаеност на домашниот туристички пазар со регионот;
- Преферирање на странските дестинации (појдовен туризам);
- Недостиг на инвестиции во ИПР;
- Недоволна инфраструктурна изграденост и поврзаност.

Иако располага со одлични туристички потенцијали и атрактивности, туристичкиот промет во ИПР е далеку под своите можности. Така во периодот 2006-2014 регионот го посетиле околу 140,000 туристи кои оствариле околу 300.000 ноќевања. Дури и овие посети и ноќевања се концентрирани само на неколку дестинации.

Во контекст на претходното Стратегија има за цел да му помогне на Советот за развој на ИПР да го подигне прашањето и потребата за развој на туристичкиот сектор во регионот на централно ниво, со цел да обезбеди финансирање на приоритетите за развој на туризмот во ИПР.

Советот е свесен за предизвиците кои стојат пред ИПР во поглед на развојот на туризмот и е спремен да соработува со засегнатите страни во ИПР во актуелизирањето на мерките и активностите кои се однесуваат на ИПР, а имаат влијание врз развојот на туристичкиот сектор во регионот.

# 4. ПРОФИЛ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО ОДНОС НА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

## 4.1 Општи податоци

Источниот плански регион се простира на површина од 3.537 км$^2$ или 14.2% од територијата на Република Македонија и географски е лоциран во сливното подрачје на реката Брегалница. Источните граници на регионот ја делат границата со Република Бугарија, северната граница со Североисточниот плански регион, на запад со Вардарскиот плански регион, а на југ со Југоисточниот плански регион. Најголемата должина на Регионот во правец исток-запад изнесува 90 км, додека најголемата широчина во меридијански правец (север-југ) е 70 км.

Во регионот се опфатени 11 општини (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карабинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип), кои понатаму се делат на 217 населени места од кои 209 се категоризирани како рурални населби.

**Табела 1**: *Општините во Источниот плански регион*[3]

| | Општина | Површина км$^2$ | жит/км$^2$ | Населени места | Учество (во %) на градското во вкупното население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 598 | 23 | 9 | 50.2 |
| 2 | Виница | 433 | 46 | 16 | 54.5 |
| 3 | Делчево | 422 | 41 | 22 | 65.7 |
| 4 | Зрновци | 56 | 58 | 3 | |
| 5 | Карбинци | 229 | 18 | 29 | |
| 6 | Кочани | 360 | 106 | 28 | 74.4 |
| 7 | Македонска Каменица | 190 | 43 | 9 | 63.5 |
| 8 | Пехчево | 208 | 27 | 7 | 58.7 |
| 9 | Пробиштип | 326 | 50 | 36 | 66.8 |
| 10 | Чешиново-Облешево | 132 | 57 | 14 | |
| 11 | Штип | 583 | 82 | 44 | 91.3 |
| | **Вкупно** | **3.537** | **50** | **217** | **66.3** |

Иако руралните општини се доста застапени во Источниот регион, најголемиот дел од населението живее во урбаните средини, што укажува на нерамномерна распределеност на населението внатре во регионот.

Густината на населението во Источниот плански регион изнесува 50 жители на квадратен километар, што во основа го прави целиот регион рурална средина, со исклучок на градот Штип. Бројот на станбени единици во 2013 год. изнесувал 72 248, додека просечната големина на едно семејство била 3.1 член.

Во продолжение следуваат неколку заклучоци за можностите за развој на туризмот во ИПР:

1. Динамичната релјефна структура овозможува развој на повеќе стопански гранки, вклучително и на туризмот. Богатите природни ресурси даваат можност за понатамошен

[3] Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

економски развој, а кога станува збор за развој на туризмот, истите му даваат и компаративна предност во процесите на создавање автентични туристички пакети и понуди.

2. Развиената иригациска инфраструктура овозможува наводнување на дел од земјоделските површини со што би се зголемил придонесот на земјоделството во вкупната економија на регионот, како и воведување нови стопански гранки.

3. Регионот располага со лоша патна и железничка инфраструктура.

4. Регионот има низок степен на БДП, недоволна индустриска развиеност, неискористени туристички капацитети и ниска просечна плата.

5. Според економската активност, поголемиот дел од населението е невработено, што укажува на неможноста на регионот да го вработи целокупното активно население. Од друга страна, во случај на раст на туризмот, регионот има работна сила која со одредени доквалификации може да излезе во пресрет на потребниот пазар на труд за самиот сектор.

6. Лошите економски услови во кои живеат луѓето, недоволната развиеност на индустријата, можноста за подобра егзистенција и подобро образование се само дел од причините кои предизвикуваат сè поголема миграција, односно иселување на населението од овој регион.

7. Од образовен аспект, регионот нуди релативно добри можности за образование бидејќи функционираат голем број средни училишта, како и Универзитетот „Гоце Делчев“, во чии рамки постои Факултет за туризам и бизнис логистика. Додека на ниво на општо средно образование условите се релативно добри, во делот на средното стручно образование кое е поврзано и обезбедува кадар за потребите на туризмот, ситуацијата е многу лоша. Во регионот постојат само две општински средни училишта кои обезбедуваат стручна работна сила во областа туризам и угостителство и едно приватно средно училиште во кое постои хотелско-туристичка насока. Дополнително, популарноста на оваа средна стручна спрема не е на посакувано ниво. Ова се потврдува со фактот дека вкупната бројка на средношколци во наставните насоки поврзани со туризмот изнесува околу 200 ученици во целиот регион, што ни од далеку не ги задоволува потребите од квалитетна и стручно оспособена работна сила, ако се има предвид дека регионот поставува организирани развојни правци за туризмот. Потребни се засилени мерки за подобрување на ситуацијата во овој домен преку подобрување на статутот и угледот на средните стручни училишта. Тоа е можно да се направи со зголемување на бројот на училишта во кои има насоки за туризам, подобрување на наставната програма во средните стручни училишта, уписната политика и политика на стимулирање на младата популација да се запише во ваквите училишта. Дополнително, потребни се и мерки кои ќе ја зголемат мотивацијата на учениците за упис во средните стручни училишта. Една од пожелните мерки е директно поврзување со туристичкиот сектор и негово вклучување во изработката на наставната програма, како и во регрутацијата на учениците како иден персонал на деловните субјекти кои обезбедуваат туристички и угостителски услуги.

8. Туристичката индустрија е една од понеразвиените гранки во регионот, како резултат на нејзините недоволно искористени капацитети.

9. Преку мобилизација на ендогениот потенцијал и создавање синергија меѓу чинителите од регионот може да се овозможи постепен развој на туризмот низ целиот регион. Развојот на туризмот има потреба од создавање сопствени вериги на набавки и вериги на вредности кои позитивно ќе влијаат и на развојот на другиот дел на стопанството. Сево ова би придонело во намалување на негативните миграциски трендови преку овозможување стопанска средина за повторно враќање на раселеното население, како и доселување на ново население во овој регион. Намалувањето на миграциските процеси е од особено значење за регионот ако се земе предвид дека туризмот е трудоинтензивна дејност која има потреба од бројна работна сила.

Развојот на туризмот има големо значење за регионот бидејќи може да вработува голем број лица. Овој сектор е клиентски ориентиран и цели кон различни целни групи и ефектите од него можат да бидат како и оние на извозот. Освен од постоечката инфраструктура и понуда, туризмот е зависен од соработка со партнери надвор од регионот и, секако, од странските партнери. Поволен внатрешен фактор е евтината работна сила, близината до европските пазари. Поволни надворешни фактори се спремноста на домашните и странските партнери да вложуваат во туристичката индустрија во регионот, како и влезот на Бугарија и Романија во ЕУ поради што се очекува тенденција на постепено зголемување на цената на туристичките и угостителските услуги во тие земји.

# 5. АНАЛИЗА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ СЕГМЕНТИ ЗА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР ВО РЕГИОНОТ

## 5.1 Анализа на природните ресурси како регионални туристички атрактивности

ИПР има бројни и разновидни **природни вредности**: геолошки, релјефни, климатски, хидрографски, биолошки и почвени. Сепак, овие вредности и појави, со исклучок на неколку, не се од национално или пошироко значење во смисла на раритетност и уникатност. Најкарактеристични природни вредности во ИПР се планините, клисурите, **Лесновскиот кратер** и севкупниот вулкански релјеф во неговата околина, **меловите со кукуљето**, пријатната клима, **богатите геотермални басени, чистите реки и потоци, Калиманското и Беровското Езеро,** густите **шумски комплекси, растителниот и животинскиот свет во регионот.** Ретките природни појави, простори и објекти се предложени за заштита, така што паралелно со туристичкиот развој на ИПР треба да се води сметка за тие уникатни вредности кои лесно можат да се загрозат или уништат (кукуљето, меловите, клисурите, ретките и ендемични видови растенија и животни и сл.).

Од аспект на природните ресурси и вредности, кои во студијата се детално проценети и валоризирани, најголем туристички потенцијал имаат:

- **Осоговските Планини** со поединечните локалитети на нив: Пониква, Царев Врв-Руен, Горна Цера, Гратче, клисура на Злетовска Река**;**
- **Малешевските Планини** во делот околу Беровско Езеро, изворишниот дел на Брегалница, водопадите на Брегалница и шумскиот појас од нив до Берово;
- **Северната страна на Плачковица,** со Туртел, Лисец и Чупино, потоа подножјето кон Зрновци, Мородвис, Виница до клисурата на Осојница;
- **Лесновската купа и кратер** со другиот вулкански релјеф околу Пробиштип и Злетово;
- **Калиманското Езеро** со развиената брегова линија, островот Калата, Истибањската Клисура и сл.;
- **Планината Голак** со околината на Делчево, истоименото ловиште, езерото Сандански, Кукуљето, пештерата Коњска Дупка, палеонтолошкиот локалитет кај с. Стамер;

Според типот и структурата на локалитетите, најголем потенцијал има планинскиот туризам изразен преку неколку форми:

- **Планински велнес-рекреативен престој** (целогодишен, без оглед на сезоната) во: источен дел на Малешевски Планини околу Беровско Езеро и блиските локалитети, Огражден со Суви Лаки, повисокиот дел на Плачковица, средно-високиот планински предел на Осогово, највисокиот дел на планините Голак и Обозна.
- **Летен спортско-рекреативен планински туризам** (трекинг, прошетки, планинарење, рекреација, вајлд и еко туризам): во претходно наведените локалитети.
- **Зимско-спортски планински туризам**, рекреативен за почетници скијачи и деца: Пониква, над Беровско Езеро, Плачковица/Туртел-Чупино, највисокиот дел на Голак;

- **Зимско-спортски високопланински** (скијање, сноубординг и др.): Царев Врв со Китка и Калин Камен (о. Крива Паланка).
- **Нископланинскиот предел** (500-1500 m) со можности за трекинг, маунтбајкинг, џип-сафари, параглајдинг, геотуризам, алпинизам, адреналински паркови и слични содржини. Посебно погодни локации се Лесновска купа и кратер со целиот палеовулкански простор, западните делови на Плачковица (од Штип до Вртешка со Камник, Радањска Река, Козјачка Река и др.), Голак, Бејаз Тепе, Осогово над Кочани, Оризари и Македонска Каменица.

Освен планинскиот туризам, од аспект на природните вредности, голем потенцијал во регионот имаат:

- **Спа-туризмот** во Кежовица - Штип, с. Истибања - Виница и с. Долни Подлог - с. Бања. Сите наведени локалитети располагаат со многу квалитетни геотермални води, а покрај тоа имаат одлична положба и достапност.
- **Езерскиот туризам** на Калиманско Езеро со одлична положба, транзитна локација, развиен брег, единствен и уникатен остров (Калата) и добар гравитациски опфат. Покрај тоа, потенцијалот на езерскиот туризам треба максимално да се искористи на Ез. Гратче кај Кочани.
- **Пејсажниот** (со гастрономскиот и манифестациско-традицискиот) туризам поврзан со оризот и оризовите полиња во Кочанско Поле и др.

На подрачјето на ИПР има можности и за бројни други видови туризам поврзани со природните вредности, меѓутоа истите не можат да бидат столб на туристичкиот развој (ловен и риболовен туризам, аеро-туризам и др.). Всушност, ловниот туризам во смисла на елитност и одржливост е погоден и потребен за регионот, меѓутоа севкупниот финансиски ефект од него не може да биде голем.

Планинскиот (велнес, рекреативен и зимско-спортски) и спа-туризмот се тие кои имаат можност да го зголемат просечниот број на ноќевањата бидејќи по својата природа обично се повеќедневни. Другите туристички активности, доколку се добро организирани и вклучени во понудата, претставуваат одлична основа за продолжување и збогатување на туристичкиот престој.

Претходнонаведеното претпоставува бројни активности за уредување и реактивирање на постоечките туристички локалитети, како и изградба на неколку нови на подрачјето на ИПР. Во таа смисла се потребни големи вложувања и посветеност, но и повратниот ефект ќе биде забележителен и долгорочен.

## 5.2 Анализа на културно-историските ресурси како регионални туристички атрактивности

Анализата на културните вредности и туристичката валоризација на повеќе од сто атрактивности, направена во Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион, покажа дека регионот поседува богато и разнообразно културно–историско и археолошко наследство и вредности. Археолошките локалитети, музеите, црквите, манастирите, џамиите, спомениците и спомен обележјата, фестивалите и другите манифестации поседуваат изразен потенцијал за развој на културниот туризам. Притоа, доколку тие умешно и креативно се искористат како целина или бидат употребени со еден свој дел, сегмент или значење можат да придонесат и во развивањето на интегрирани туристички производи.

Од аспект на проценка на нивната туристичката поврзаност, пристап, опременост, содржајност, специфичност и сезоналност, како атракции со највисок потенцијал се издвојуваат поголем број од нив. Врз основа на изработените мапи со концентрација на атракции, очигледно е дека презентираните локалитети од областа на културно наследство се сместени најчесто околу или во градските центри. Ваквата позиционираност дополнително ја збогатува туристичката понуда на урбаните населби и претставува голема предност за развој на туристичкиот сектор во нив.

Највисоко оценети атракции се следните локалитети:

- **Археолошки локалитети:** Баргала – Карбинци, Црквиште – Мородвис, Виничко Кале и Исар – Штип се неколку локалитети со највисоки оценки според валоризацијата. Другите локалитети се недоволно истражени или недоволно презентирани и обележани. Кај најголемиот дел на локалитети недостига квалитетна презентација, сигналитика, интерпретација, промоција, а во нивна близина недостига и придружна инфраструктура од типот на информативни центри, сувенирници, организирани паркинзи и санитарни јазли.
- **Музеи:** Музејот во Штип, Музејот во Берово, Делчево, Виница, Кочани, Музејот на дејците на ВМРО од Штип и Штипско, Ново Село, Штип се високо оценети поради квалитетот на институциите и нивните поставки или нивното значење, како и пристапот до нив. Сепак, кај некои е потребно дополнување или обновување на збирките и фондовите, што е особено изразено кај спомен куќите и домови (пр. Спомен домот на Разловечкото востание во Разловци – Делчево). Забележлив е и недостиг на промотивни активности и промотивни материјали.
- **Настани:** "Четрсе" – Штип, Макфест – Штип, Пијанечко-малешевска свадба Делчево, Пастрмајлијада – Штип, Денови на модата во Штип, Етно фест Берово, Истибањско здраво-живо - Виница, Денови на кочанскиот ориз - Кочани, ДАФ (Драмски аматерски фестивал), Фестивал на дувачки оркестри – Пехчево се највисоко оценети. Клучната карактеристика за сите нив е што се веќе етаблирани и релативно добро промовирани, а локациите каде се одржуваат ги прават лесно достапни за посетителите. Можноста за нивно понатамошно унапредување и создавање туристички производ од нив се согледува во збогатување со основни и придружни содржини кои би влијаеле на продолжување на нивното времетраење, а со тоа би се зголемиле и деновите за престој на туристите во време на нивното одржување. Дополнително, потребна е и промоција на овие настани надвор од границите на државата. Дел од манифестациите во ИПР имаат потенцијал да станат генератори на поголем број посетители, но потребно се поголеми вложувања во програмскиот дел, како и промена на пристапот во нивната организација, пред сè во делот на раководење и логистика преку ангажирање професионален кадар и професионална промоција. Ваквите промени би довеле до градење препознатливост и бренд на манифестациите со што реално би се очекувале посериозни бројки на туристи - посетители на ваквите настани. Од особена важност е посериозното мапирање на глобалната карта на настани преку нивно зачленување во меѓународни организации. Другите манифестации од валоризацијата кои имаат локално значење се особено интересни за создавање интегрирани туристички производи преку комбинирање со други атрактивности и содржини во регионот. Можно е нивно комбинирање со содржини и понуда во рамките на селата, односно руралниот и религиозниот туризам.
- **Цркви и манастири:** Св.Богородица - Ново Село, Св. Никола – Штип, Лесновски манастир, Св. Архангел Михаил – Берово, Рождество на Пресвета Богородица – Берово, Св. Ѓорѓи - Горни Козјак, Св. Богородица - Балаклија во Делчево, Св. Василиј Велики – Пониква, Св. Никола –Штип. Св.Ѓорги и Св.Пантелејмон – Кочани, Успение на Пресвета

Богородица – Берово, Св. Архангел Михаил – Драмче се сакрални објекти кои валоризацијата ги издвојува како атрактивности со највисок потенцијал, пред сè поради културно–историската вредност и религиозно значење, како и пристапот до нив. Забележливо е дека ова наследство е распространето насекаде – во урбаните центри, руралните населби и во руралните ненаселени средини. Дел од овие атрактивности се веќе мапирани во националната туристичка понуда и како такви се етаблирани како локации кои привлекуваат голем број посетители (пр. Лесновски манастир, Св. Архангел Михаил – Берово и др.). Овие културно–историски ресурси имаат најголем потенцијал за развој на верскиот и културниот туризам. За ваквите локалитети потребни се дополнителни напори за нивна понатамошна промоција и обезбедување логистика која ќе обезбеди дополнителни услуги за посетителите (сместување за локалитети во кои не е можно сместување, исхрана, сувенири и сл.). За религиозните објекти кои имаат регионални значење потребна е засилена промоција и нивно искористување во создавање туристички производи во комбинација со природните ресурси и ресурсите на руралните средини. Од нив, со умешно и креативно ползување и вградување во туристичките производи се прави автохтона и конкурентна туристичка понуда во делот на руралниот туризам, етно туризмот и еко туризмот.

- **Исламско културно-историско и религиозно наследство:** Мостот на султанот Емир Ќучук – Штип, Саат кула – Штип, Хусамедин Паша џамија – Штип, Кадин Ана џамија – Штип, Безистен – Штип, Џамија Султан Фатих Мехмед во Делчево се споменици на култура од отоманскиот период кои имаат најголем потенцијал за развој на туризмот во регионот. Најголемиот број од овие атрактивности се лоцирани во Штип и поради тоа лесно можат да сочинуваат засебен туристички производ – тура како дел од туристичката понуда на културно–историскиот или урбаниот туризам доколку се искористат во комбинација со другите атракции кои датираат од различни периоди и припаѓаат на други цивилизациски вредности. Религиозните објекти имаат и потенцијал за развој и на верскиот туризам.
- **Спомениците и спомен обележјата:** во Источен плански регион се од големо значење, но во моментов не можеме да кажеме дека претставуваат голем потенцијал за развој на туризмот. Ова антропогено наследство може да биде искористено во создавањето различни тематски или интегрирани туристички производи и понуди.

# 5.3 Анализа на демографските ресурси и населби

## 5.3.1 Демографски ресурси во ИПР

Бидејќи туризмот е трудоинтензивен сектор, кој вклучува или може да вклучи голем број население, демографските ресурси се од особена важност за развојот на туризмот. Според статистичките податоци, во 2013 година на подрачјето на ИПР живееле 177 988 жители, што значи дека густината на населението изнесува 50,3 жители на квадратен километар. Согласно густината на населението, регионот има услови за развој на сите сфери на живеењето, вклучувајќи го и туризмот. Меѓутоа, загрижувачко е што ИПР има висока стапка на **морталитет** (помеѓу 10,1 и 10,8 промили), главно како последица на стареење на населението. Делумно поради тоа, но и поради емиграција на женското население, стапката на наталитет е ниска. Варијацијата на општинската стапка на раѓање е значително нагласена. Највисока стапка (16,1 промили, 2012 година) се забележува во општина Карбинци, а најмала во општина Пехчево (5,1 промили). Затоа се јавува тенденција на **негативен природен прираст**, која започна во 2005 година, сè уште трае, а според сите индикатори ќе продолжи и во наредниот период.

Претходното упатува на заклучокот дека Источниот плански регион е со неповолни демографски карактеристики, така што според проекциите, се очекува во 2020 година регионот да има 164 514 жители (Јаќимовски и др., 2015).

Загрижува податокот што во старосната структура на населението сè повеќе доминира повозрасното население над 65 години, за сметка на младото население. Денес, соодносот на население со возраст до 40 години и над 40 години е речиси ист, што укажува дека просечната старост е значителна. Според демографските проекции на Јаќимовски и др. (2015), во 2024 година учеството на население до 40 години ќе изнесува 43%, а над 40 години дури 57%, што ќе влијае на работниот контингент и во туризмот. Причината за зголемување на просечната старост, односно учеството на повозрасно население, освен нискиот наталитет е и миграцијата на помладо население од регионот кон Скопје и во странство (главно заради економски потреби). Доколку се зајакнат економските перформанси на регионот, се очекува овој тренд да се намали, па дури и да стагнира. Туризмот треба да даде солиден импулс во тој правец.

Значајно за развојот на туризмот е што се зголемува учеството на население со завршено средно и факултетско образование, кое, пак, е неопходно за зголемување на туристичките активности и понуди во регионот. Голем придонес за тоа има и прераснувањето на Штип во регионален универзитетски центар.

Инаку, поради миграцијата од селата во градовите, во рамките на регионот, од ‘60-тите години значително е зголемено учеството на урбаното (66%), за сметка на руралното население (34%). Тоа предизвика голем демографски, но и социоекономски дисбаланс.

### 5.3.2 Населби како туристички ресурс во ИПР

Во Источниот плански регион има вкупно 217 населби. Од нив, 8 се градски, а 209 селски населби, при што дури 136 села се ридско-планински. Сите овие населби се многу битен фактор за развојот на туристичките активности кои ги предвидува Стратегијата. Тоа особено се однесува на селските населби, кои се основа на руралниот, но и многу други видови туризам тесно поврзани со природните и културните вредности со кои изобилува регионот. Селските населби, покрај својата основна резиденцијална функција, сè повеќе добиваат и рекреативна-туристичка функција. Под рекреативна туристичка функција се подразбира привремен престој на градското население во рурален простор кој се наоѓа во близина на градот. Туристичката функција претставува привремен престој во руралниот простор од страна на посетители кои доаѓаат од оддалечени места (Чомиќ 2001).

Сепак, состојбата со населбите во ИПР, слично како со населението е загрижувачка. Имено, поради стихијната миграција од селата кон градовите, посебно во 60-тите и 70-тите години на минатиот век, во многу населени места бројот на населението драстично е намален. Така, според пописот во 1961 година, на подрачјето на ИПР имало 45 селски населби со повеќе од 500 жители, а само 16 населби со помалку од 100 жители. Веќе 2002 година, само 21 населба имаат над 500 жители, а дури 66 населби под 100 жители. Според податоците од пописот во 2002 година, во однос на 1961 година, раселени биле 16 населби, а до 2015 година тој број порасна на 22 (теренски податоци). Во слична, многу неповолна положба се селата со помалку од 50 жители, а такви во регионот има 60 или 27.6% од вкупниот број. Иако обично имаат извонредна природна поставеност, живописност и пејсажна атрактивност, односно привлечност за туристите, во нив денес живее постаро население, кое не може да претставува основа за нудење на неопходните туристички активности и услуги. При тоа, први на удар на раселување, веќе до временскиот опфат на Стратегијата (2025 година) се селата до 10 жители, чиј број е 23. Според анкетните податоци, во некои од нив денес има само по 1-2 жители.

**Табела 2** *Број на ридскопланински населби во ИПР и број на жители според пописите во 1961 и 2002 г.*

| | раселени | Од 1 до 100 ж. | 101 – 300 ж. | 301 – 500 ж. | 501 – 800ж. | 801 – 1000 ж. | 1001 – 2000 ж. | 2001 – 3000 ж. | 3001 – 5000 ж. | 5001 – 10000 ж. | над 10 001 ж. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број 1961 | 6 | 16 | 43 | 26 | 21 | 9 | 12 | 1 | 1 | 0 | 1 | 136 |
| Број 2002 | 8 | 66 | 25 | 16 | 8 | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 136 |
| Нас. 1961 | 0 | 973 | 8631 | 10352 | 13627 | 8219 | 16394 | 2242 | 4289 | 0 | 20269 | 84996 |
| Нас. 2002 | 0 | 2003 | 4408 | 6132 | 5386 | 4363 | 3887 | 4316 | 3237 | 7002 | 43652 | 84386 |

Единствен начин да се забави демографското пропаѓање на населбите, особено селата е токму туризмот. Во таа смисла, неопходно е да се посвети внимание на 40-тина села во регионот, кои според пописот од 2002 година имаат над 300 жители (според теренските проспекции од 2015 година, бројот на вакви по големина села, денес е 30-32). Од гледиште на туристичката понуда, овие селски населби можеме да ги поделиме на:

- Самостојни туристички села со комплетна туристичка понуда (сместување, исхрана, рекреација, културни содржини и сл.)
- Туристички села со парцијална туристичка понуда придружена со други сегменти на туристичка побарувачка (села во близина на езера, бањи, планински центри и сл.: Зрновци, Цера, Луковица, Ново Село, Бања)
- Села со манифестациска туристичка културна понуда (панаѓури, саеми, фестивали, селски слави, ликовни колонии и сл.: Истибања, Разловци, Драмче, Русиново...)
- Транзитни туристички села (села покрај сообраќајници: Крупиште, Облешево, Звегор, Смојмирово...)
- Излетнички туристички села (села во близина на градските центри: Лесново, Ратево, Полаки, Злетово)
- Села кои можат да се занимаваат со давање разни услуги (лов, риболов, спорт, верски содржини, училиште во природа и сл.: Чешиново)

Градовите во ИПР, вкупно 8, исто така претставуваат многу значаен туристички ресурс. Тоа особено се однесува за поголемите градови во регионот: Штип со 43 652 жители и Кочани со 28 330 жители (според пописот од 2002 година). Другите градови се значително помали, така што третиот по големина, Делчево, има само 11 500 жители, додека најмалиот, Пехчево, е со 3 237 жители. Значајно е да се напомене дека и градовите се зафатени со емиграциски процеси: од помалите кон поголемите градови во регионот, особено кон Штип, потоа кон главниот град Скопје и кон странство.

**График 1** *Промена на населението во градовите во ИПР од 1948 до 2002 година*




Претстојниот попис ќе даде јасна претстава за состојбата со градовите во ИПР, меѓутоа, одредени анкети, теренски проспекции и анализи укажуваат на загрижувачка состојба. Сепак, најголем дел од населението што емигрира од градовите во ИПР кон Скопје и кон странство, тоа го прави од економски причини. Дел од тоа население, доколку се подобрат економските услови, вклучувајќи и преку развојот на туризмот, би се вратило во своите родни места.

## 5.4 Анализа на рецептивните фактори

Основата на туристичкото стопанство ја претставува угостителството (капацитети во хотелиерството и ресторанството). Без сместувачки објекти и капацитети во угостителството, безначајна е економската функција на туризмот. Капацитетите на угостителството се основен критериум за туристичката развиеност на туристичките места (општини, региони и држави). По туристичките ресурси, капацитетите на угостителството се најзначајниот дел од туристичката понуда. Тие имаат одлучувачка улога во постигнувањето економски ефекти.

Еден од главните недостатоци за значаен развој на туристичкиот сектор во ИПР е недоволниот број на објекти за сместување, соби и легла. Од вкупно 383 сместувачки капацитети[4] во Република Македонија во 2010 година, во Источниот плански регион има само 23 (или 6,88%).

**Табела 3** *Капацитети за сместување, по региони, по години*

| | Број на соби | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РМ** | **ВПР** | **ИПР** | **ЈЗПР** | **ЈИПР** | **ПЕПР** | **ПОПР** | **СИПР** | **СПР** |
| 2006 | 26.503 | 553 | 716 | 16.400 | 2.095 | 3.502 | 987 | 276 | 1.974 |
| 2007 | 26.246 | 553 | 670 | 16.166 | 2.062 | 3.452 | 990 | 289 | 2.064 |
| 2008 | 25.952 | 550 | 588 | 16.154 | 2.095 | 3.053 | 1.020 | 291 | 2.201 |
| 2009 | 26.390 | 508 | 598 | 16.369 | 2.152 | 3.102 | 1.080 | 297 | 2.284 |
| 2010 | 26.189 | 554 | 533 | 16.013 | 2.105 | 3.390 | 1.011 | 292 | 2.291 |
| 2011 | 26.448 | 589 | 544 | 16.033 | 2.277 | 3.330 | 1.018 | 302 | 2.355 |
| 2012 | 26.877 | 689 | 599 | 16.035 | 2.298 | 3.497 | 1.014 | 306 | 2.439 |
| 2013 | 26.887 | 690 | 620 | 16.050 | 2.346 | 3.322 | 1.072 | 300 | 2.487 |

[4] Капацитети за сместување во угостителството : состојба 01.08 2010, Статистички преглед: Транспорт, туризам и угостителство 8.4.11.02 689 / Државен завод за статистика на Република Македонија,Скопје, јули 2011

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 27.422 | 666 | 637 | 16.304 | 2.374 | 3.431 | 1.111 | 298 | 2.601 |
| | **Број на легла** | | | | | | | | |
| 2006 | 71.021 | 1.647 | 1.973 | 42.425 | 5.937 | 10.231 | 3.069 | 734 | 5.005 |
| 2007 | 70.898 | 1.647 | 1.876 | 42.451 | 5.910 | 10.012 | 3.039 | 803 | 5.160 |
| 2008 | 69.097 | 1.504 | 1.729 | 41.703 | 5.893 | 8.993 | 3.046 | 800 | 5.429 |
| 2009 | 69.561 | 1.360 | 1.718 | 42.103 | 5.750 | 8.999 | 3.182 | 805 | 5.644 |
| 2010 | 69.102 | 1.496 | 1.591 | 41.458 | 5.724 | 10.229 | 3.057 | 633 | 4.914 |
| 2011 | 69.737 | 1.701 | 1.606 | 41.454 | 6.069 | 10.165 | 3.058 | 645 | 5.039 |
| 2012 | 70.287 | 1.829 | 1.721 | 41.458 | 6.088 | 10.310 | 3.059 | 653 | 5.169 |
| 2013 | 70.297 | 1.819 | 1.826 | 41.411 | 6.298 | 10.001 | 3.153 | 647 | 5.142 |
| 2014 | 71.225 | 1.677 | 1.869 | 42.025 | 6.277 | 10.055 | 3.330 | 648 | 5.344 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Источниот плански регион, заедно со Вардарскиот и Североисточниот плански регион се региони каде бројот на соби е далеку под илјада, а бројот на легла под две илјади. Од вкупниот број 27.422 соби во Република Македонија во 2014 година, во Источниот плански регион има само 637 или 2,23%, од вкупниот број соби во земјава. Сместувачките капацитети во земјава во 2014 располагале со 71 225 легла, од кои само 1.869 или 2,6% во Источниот плански регион (Табела 2). Исто така, може да се забележи дека во периодот 2006-2014 има тенденција на намалување на бројот на собите и леглата до 2010, за потоа повторно да почне циклус на раст на нивниот број. Според Пописот на угостителството од 2008, во сместувачките капацитети во земјава биле вработени 5 444 лица, а во Источниот плански регионот само 265 лица или 4,87% од вкупниот број.

**Табела 4** *Капацитети во угостителството во ИПР по општини во 2008 год*

| | **Вкупно 1 (1=2+3)** | **Угостителски објекти (2)** | **Објекти за сместување (3)** | **Структура во %** |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО РМ** | **5.226** | **4.740** | **486** | **100,00%** |
| **ВКУПНО ИПР** | **395** | **362** | **33** | **7,56%** |
| Берово | 41 | 36 | 5 | **0,78%** |
| Виница | 38 | 35 | 3 | **0,73%** |
| Делчево | 42 | 39 | 3 | **0,80%** |
| Зрновци | 5 | 5 | | **0,10%** |
| Карбинци | 2 | 1 | 1 | **0,04%** |
| Кочани | 77 | 69 | 8 | **1,47%** |
| Македонска Каменица | 37 | 34 | 3 | **0,71%** |
| Пехчево | 16 | 15 | 1 | **0,31%** |
| Пробиштип | 19 | 15 | 4 | **0,36%** |
| Чешиново - Облешево | 7 | 7 | | **0,13%** |
| Штип | 111 | 106 | 5 | **2,12%** |

*Извор: Државен завод за статистика*

Сепак, мора да се напомене дека статистичките податоци треба да се земат со голема резерва. Имено, најголем број мали сместувачки објекти: вили, апартмани и сл., статистички не се евидентирани. Така, на туристичкиот портал за резервација www.berovobooking.com, кој, за жал, е единствен од таков вид во ИПР, на 15.08.2015 година се нудеа 35 сместувачки објекти во Берово и околу Беровско Езеро со околу 600 легла, наспроти само 5 сместувачки објекти присутни во статистичките податоци. Воедно, во речиси секоја општина на ИПР има викенд населби, односно викенд куќи, кои заинтересираните сопственици би можеле со одредена помош и вложувања да ги адаптираат за сместување туристи. Во следната табела се дадени податоците за сместувачки објекти во ИПР добиени заклучно со мај 2015 година од различни извори: интернет страници, податоци од општините, потоа од Агенцијата за планирање на просторот и др.

**Табела 5** *Капацитети за сместување во ИПР, состојба мај 2015 година*

| | Берово | Кочани | Делчево | Штип | Виница | Пробиштип | Карбинци | Пехчево | М.Каменица | Зрновци | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објекти | 47 | 11 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 4 | 2 | **89** |
| Соби | 256 | 125 | 127 | 116 | 113 | 48 | 26 | 19 | 19 | 7 | **856** |
| Легла | 577 | 345 | 328 | 262 | 243 | 103 | 98 | 46 | 45 | 19 | **2066** |

*Извор: Различни извори: интернет страници, податоци од општините, Агенција за планирање на просторот на РМ*

Следна важна карактеристика е тоа што сместувачките и угостителските објекти речиси воопшто не се присутни на туристичките интернет портали како најбрз и најефективен начин на рекламирање. Така, на познатиот светски гигант booking.com, преку кој се резервира и остварува огромен туристички промет, на 15.08.2015 година беа присутни само 13 сместувачки објекти во целиот регион, од кои 7 во Берово, 3 во Виница, 2 во Кочани и 1 во Штип. За споредба, во Охрид беа достапни 350 сместувачки објекти, во Скопје 195, во Битола 25, Струга 22 итн. Всушност, потенцијалните заинтересирани посетители воопшто не се запознаени дали и каде може да се сместат во рамките на ИП, бидејќи најчесто интернетот се користи како единствен, најлесен и најбрз извор на туристички информации.

Статистички гледано, состојбата е нешто подобра во однос на капацитетите во угостителството (ресторани, кафеани, ќебапчилници итн). Во однос на 2006 година во 2013 година има зголемување на бројот на деловни единици за 13%, на бројот на седишта за 18%, а најголемо зголемување има кај прометот за 96% (Табела 3).

**Табела 6** *Угостителство во РМ, по региони, по години*

| | Деловни единици | | Седишта | | Промет, во илјади денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РМ** | **ИПР** | **РМ** | **ИПР** | **РМ** | **ИПР** |
| 2006 | 2.058 | 147 | 122.115 | 7.929 | 6.196.799 | 290.091 |
| 2007 | 2.006 | 125 | 134.954 | 6.654 | 7.169.204 | 310.629 |
| 2008 | 2.035 | 139 | 121.091 | 6.710 | 8.125.392 | 357.699 |
| 2009 | 1.967 | 146 | 110.354 | 6.954 | 7.636.016 | 359.370 |
| 2010 | 1.914 | 131 | 115.309 | 6.789 | 7.352.408 | 383.928 |
| 2011 | 1.950 | 172 | 117.006 | 8.559 | 7.816.343 | 485.896 |
| 2012 | 1.949 | 162 | 118.755 | 8.857 | 8.166.264 | 529.148 |
| 2013 | 1.957 | 166 | 120.063 | 9.357 | 8.419.069 | 567.727 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## 5.5 Туристички промет

За Источниот плански регион може да се каже дека и покрај незначителните сместувачки капацитети и број на легла, во периодот 2006 – 2014 речиси го удвојува и бројот на туристи и бројот на ноќевања на туристите. Трендовите на доаѓања и ноќевања на туристи во Источниот плански регион во периодот 2006-2014 се претставени на Графикот 4 и Графикот 5.

Зголемувањето на туристичкиот промет е евидентно, но сè уште незначајно во однос на другите стопански сектори во регионот. Од графиконите може да се констатира дека Источниот плански регион е регион во кој има зголемување на бројот и на домашните и на странските туристи, како и на вкупниот број ноќевања. Просечниот престој на домашните гости во периодот 2006 – 2014 е намален од 2,4 на 1,9 ноќи/турист, додека кај странските останува речиси непроменет околу 2,5 ноќи/турист.

График 2




График 3




Извор: Државен завод за статистика

Ваквите состојби во туристичкото стопанство на Источниот плански регион укажуваат дека туризмот и покрај разновидното ресурсно богатство, во досегашниот стопански развој на регионот немал значајна улога. Причините се бројни и разновидни и се поврзуваат со: скромните сместувачки и други угостителски капацитети со кои располага регионот, недоволниот број туристички производи, непостоењето на туристичка промоција - најзначајните туристички ресурси не им се познати не само на странските туристи туку и на домашната јавност. Без добра промоција и угостителски капацитети и добро креиран туристички производ нема туризам. Затоа стратегиската определба на деловните субјекти треба да биде висококвалитетен туристички производ, кој ќе се базира на природното и културното наследство, локалните производи и гостопримството, и како таков ќе може да привлече нови гости и да ги задоволи нивните потреби. Доколку понудата на регионот во целина се вклопи во барањата на современите туристи и патниците кои транзитираат низ овој регион се создаваат сите предуслови за зголемување на туристичкиот промет (број на туристи и ноќевања) и тоа со раст многу поголем од она што се очекува на ниво на државата. На тој начин ќе се создадат услови за нови вработувања и подобрување на условите за живот на локалното население.

Од соседните плански региони, Југоисточниот и Вардарскиот оствариле поголем промет во угостителството од Источниот плански регион во 2013 година (Табела 4).

**Табела 7** *Угостителство во РМ, соседни региони на ИПР, 2013*

| | РМ | ВПР | ИПР | ЈИПР | СИПР |
|---|---|---|---|---|---|
| Деловни единици | 1.957 | 192 | 166 | 176 | 164 |
| Работници | 12.770 | 1.123 | 867 | 1.771 | 725 |
| Седишта | 120.063 | 11.811 | 9.357 | 11.569 | 11.361 |
| Вкупно во илј. денари | 8.419.069 | 585.143 | 567.727 | 779.222 | 355.897 |
| Пијалаци во илј. денари | 2.021.646 | 184.798 | 184.360 | 204.799 | 138.646 |
| Храна и напитоци во илј. денари | 4.290.109 | 327.979 | 336.844 | 318.981 | 208.747 |
| Ноќевања во илј. денари | 1.700.913 | 62.420 | 33.200 | 203.251 | 6.296 |
| Друг промет во илј. денари | 406.401 | 9.946 | 13.323 | 52.191 | 2.208 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## 5.6 Туристички пазари

Туристичките атрактивности на ИПР за развој на туристички производи, како и постоечките разлики помеѓу пазарните сегменти даваат можност за зголемување на учеството на ИПР на туристичкиот пазар. Покривањето на пазарот со различни производи овозможува поголем обем на продажба, поголема добивка, поголемо пазарно учество и економија на обем во маркетингот. Овие користи мора да се стават во однос со трошоците кои ги предизвикува повеќекратна сегментација, а кои се зголемуваат поради иновација на производи, промоција, маркетиншки истражувања и трошоци за управување со поголем број производи.

Од гледна точка на сегментација на пазарот на Источниот плански регион врз основа на движењето на туристите и ноќевањата (График 3 и График 4), фокусот треба да биде врз задржување и привлекување нови сегменти на домашни туристи, како и негова интернационализација.

Од стратешко значење за развој на туризмот во Источниот плански регион е долгорочниот раст на домашниот пазар. При тоа активностите на домашниот пазар треба да се прилагодат на домашниот гостин. Прилагодената понуда придонесува за развој на лојалноста на потрошувачите и постојано ширење на нови сегменти на побарувачка на пазарот.

Источниот плански регион поседува потенцијал за зголемено привлекување странски туристи имајќи ја предвид недоволно развиената и промовирана понуда во согласност со светските трендови поврзани со раст на сегментите кои бараат атрактивни, зачувани, незагадени, безбедни и креативни дестинации.

Месечните статистики за сместување ги даваат следниве податоци за странските туристи во ИПР во периодот 2012-2014 година (Табела 6).

**Табела 8** *Странски туристи во ИПР во периодот 2012-2014*

| | Земја на потекло | Број на туристи | Број на туристи % | Број на ноќевања | Број на ноќевања % | Ноќевања/ турист | Ноќевањ а/ турист |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО ИПР** | **22.484** | **100%** | **55.607** | **100,00%** | **2,47** | **100,00%** |
| 1 | Бугарија | 3.777 | 16,80% | 6.701 | 12,05% | 1,77 | 71,74% |
| 2 | Германија | 1.598 | 7,11% | 4.886 | 8,79% | 3,06 | 123,63% |
| 3 | Србија | 2.095 | 9,32% | 4.286 | 7,71% | 2,05 | 82,72% |
| 4 | Италија | 937 | 4,17% | 2.747 | 4,94% | 2,93 | 118,54% |
| 5 | Турција | 1.312 | 5,84% | 2.643 | 4,75% | 2,01 | 81,45% |
| 6 | Холандија | 1.076 | 4,79% | 2.587 | 4,65% | 2,40 | 97,21% |
| 7 | Грција | 718 | 3,19% | 2.072 | 3,73% | 2,89 | 116,68% |
| 8 | Словенија | 648 | 2,88% | 1.978 | 3,56% | 3,05 | 123,42% |
| 9 | Чешка | 560 | 2,49% | 1.946 | 3,50% | 3,48 | 140,51% |
| 10 | Полска | 1.277 | 5,68% | 1.733 | 3,12% | 1,36 | 54,87% |
| 11 | Романија | 423 | 1,88% | 1.731 | 3,11% | 4,09 | 165,46% |
| 12 | В. Британија | 515 | 2,29% | 1.668 | 3,00% | 3,24 | 130,96% |
| 13 | Белгија | 516 | 2,29% | 1.424 | 2,56% | 2,76 | 111,58% |
| 14 | Косово | 415 | 1,85% | 1.288 | 2,32% | 3,10 | 125,49% |

*Извор: Државен завод за статистика*

Од Табелата 6 се гледа дека во периодот 2012-2014, најголемиот број странски туристи во ИПР доаѓаат од Бугарија, Србија, Германија, Турција и Полска. Просечниот престој на туристите во ИПР во овој период е 2,47 ноќевања/турист. Најголем престој имаат туристите од Романија, а најмал од Полска и Бугарија.

Врз основа на бројот на туристите и остварените ноќевања според податоците прикажани во Табелата 8, произлегува дека:

**Примарни пазари** за Источниот плански регион како туристичка дестинација се: Бугарија, Србија, Турција, Германија и Италија

**Секундарни пазари** за Источниот плански регион како туристичка дестинација се: Холандија, Грција, Словенија, Чешка, Полска и Романија

**Нови пазари** за Источниот плански регион како туристичка дестинација се: Велика Британија, Белгија и Косово.

Месечните статистики за сместување во ИПР во периодот 2010-2014 ја даваат сезонската распределба на домашните и странските туристи по месеци, како и бројот на остварените ноќевања.

**Табела 9** *Туристи и ноќевања на туристи во ИПР, по месеци, во периодот 2010-2014*

| | Домашни туристи | | | | Странски туристи | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Туристи | Туристи % | Ноќевања | Ноќевања % | Туристи | Туристи % | Ноќевања | Ноќевања % |
| **Вкупно** | 56.574 | 100,00% | 103.312 | 100,00% | 32.742 | 100,00% | 80.028 | 100,00% |
| **M01** | 4.952 | 8,75% | 10.169 | 9,84% | 1.457 | 4,45% | 3.834 | 4,79% |
| **M02** | 3.773 | 6,67% | 7.099 | 6,87% | 1.507 | 4,60% | 3.800 | 4,75% |
| **M03** | 4.382 | 7,75% | 6.937 | 6,71% | 2.040 | 6,23% | 5.243 | 6,55% |
| **M04** | 4.349 | 7,69% | 7.020 | 6,79% | 2.677 | 8,18% | 5.980 | 7,47% |
| **M05** | 5.248 | 9,28% | 8.710 | 8,43% | 3.073 | 9,39% | 8.113 | 10,14% |
| **M06** | 4.842 | 8,56% | 9.336 | 9,04% | 3.485 | 10,64% | 7.428 | 9,28% |
| **M07** | 3.929 | 6,94% | 8.685 | 8,41% | 3.528 | 10,78% | 8.468 | 10,58% |
| **M08** | 5.162 | 9,12% | 10.415 | 10,08% | 3.469 | 10,59% | 8.823 | 11,02% |
| **M09** | 4.851 | 8,57% | 9.003 | 8,71% | 4.089 | 12,49% | 9.210 | 11,51% |
| **M10** | 5.460 | 9,65% | 9.720 | 9,41% | 2.933 | 8,96% | 6.942 | 8,67% |
| **M11** | 4.866 | 8,60% | 8.001 | 7,74% | 2.561 | 7,82% | 7.521 | 9,40% |
| **M12** | 4.760 | 8,41% | 8.217 | 7,95% | 1.923 | 5,87% | 4.666 | 5,83% |

*Извор: Државен завод за статистика*

Бројот на домашни туристи е најголем во октомври, а најмал во јули, додека најголем број ноќевања домашните туристи оствариле во август, а најмал во февруари. Во однос на доаѓањето на странските туристи во ИПР тоа е најголемо во септември, а најмало во февруари.

## 5.7 Други значајни сегменти

### 5.7.1 Транспортна инфраструктура

#### 5.7.1.1Патна инфраструктура

Патната инфраструктура во Источниот плански регион се состои од 1187 км локални патишта, 177 км А државни патишта и 302 км регионални патишта. Главните патни правци се државниот пат А3 ( Велес - Штип - Кочани - Делчево - Граница со Бугарија) и државниот пат А4 (Свети Николе - Штип - Струмица). Овие патни правци го поврзуваат ИПР со остатокот од земјата и Република Бугарија.

Постојната состојба со квалитетот на патната инфраструктура е прилично лоша, што е последица на недоволното одржување и инвестирање во неа.

Локалните патишта се во прилично лоша состојба. Поголем дел од локалните патни правци се со несоодветен квалитет, а на определени делници квалитетот на локалната патна мрежа е на толку ниско ниво што претставува и потенцијална опасност за нормално одвивање на сообраќајот.

Поголемиот дел од државните и регионалните патишта не овозможува соодветно поврзување за дел од општините со главните сообраќајни коридори во државата.

Моменталната состојбата на дел од државните А правци и регионални правци не е во согласност со стандардите за безбедно одвивање на сообраќајот и како такви не можат да придонесат во развојот на туризмот.

По однос на државните патишта видливи се инвестиции. Во тек е изградба на автопат на дел од државниот пат А3 Свети Николе - Штип, како дел од изградбата на автопатот Миладиновци-Штип со што овој регион ќе се поврзе со модерна патна врска со Скопје. Истовремено се врши реконструкција и надградба на делницата Велес - Кадрифаково од државниот пат А4. Во иднина, до крајот на 2017 година предвидено е трасата на експресниот пат Велес – Штип да се доизгради со делницата од А3 на потег Штип – Кочани. Градбата на овие транспортните коридори ќе придонесе во севкупниот развој на регионот, вклучително и на туристичкиот сектор.

Регионалната патна мрежа останува и понатаму предизвик. Како што е погоре спомнато, таа недоволно се одржува и е нецелосно изградена. Дел од неа е со земјен коловоз, и тоа патните правци: Р 2334 Аргулица - Бурчилево; Кучичино - Видовиште; Калиманци врска со 2345 и Р 2336 Куково - Мечкуевци; Петрушино - Зарапинци

Дел од регионалната патна мрежа која е планирана воопшто не е изградена. Од аспект на развој на туризмот потребни се инвестиции и во овие регионалните патни правци. Во продолжение е листата на регионални патишта кои треба да се изградат:

- Р 1309 Пониква - Злетово ( Пробиштип)
- Р 1310 Берово - Радовиш
- Р 1210 Македонска Каменица (Саса) - Тораница (Крива Паланка) ( преку Руен)
- Р 2341 Габрово - Граница со Бугарија
- Р 2342 Пишица - Жиганци
- Р 2431 Прналија - Шипковица (Карбинци - Радовиш преку Плачковица)
- Р 2346 Врска со Р1304 - Разловци – Тработивиште

Од аспект на развој на туризмот, потребно е забрзана изградба на регионалните патни правци. Со тоа ќе се олесни пристапот кон регионот, но и ќе се создадат можности за создавање интегрирани туристички производи базирани на меѓурегионална туристичка понуда и соработка.

Подобрувањето на патната инфраструктура е од исклучително значење за развојот на туризмот во ИПР. Таа е потребна како за олеснување на пристапот на туристите до регионот така и за обезбедувањето на туристичките услуги. Несоодветните локални и регионални патишта негативно влијаат на постоечките потенцијали кај постоечките субјекти кои се занимаваат со туризам, пред сѐ поради фактот на усложнување на транспортот на туристите и поскапувањето на вкупните трошоци поврзани со транспортот и одржувањето на објектите. Дополнително, лошата патна инфраструктура го усложнува и планот за развој на туристичкиот сектор во општините во регионот кои имаат потенцијал тоа да го направат. Од особена важност е изградбата и локалните патни правци (а посебно оние кои поминуваат низ Осоговието). Ова е значајно не само од аспект на олеснувањето на пристапот до туристичките атрактивности туку и поради зголемување на потенцијалите на мобилност на луѓето, опремата и добрата. Високата концентрација на населението во урбаните средини е неповолен фактор за развој на туризмот во регионот, посебно во руралните и ненаселените места. Ваквата ситуација бара потреба од ангажирање работна сила од градовите за потребите на туристичка инфраструктура надвор од урбаните центри.

Иако ИПР има заедничка граница со Република Бугарија од околу 100 км, на неговата територија постои само еден граничен премин (Делчево). Плановите за отворање други

гранични премини сè уште не се реализирани. За потребите на развојот на туристичкиот сектор во ИПР од приоритетно значење е целосна модернизација на постоечкиот граничен премин и отворање на планираните. Граничните премини се портите на регионот кои ќе го олеснат пристапот на странските гости.

#### 5.7.1.2Железничка инфраструктура

Развиеноста на железничката мрежа во Источниот плански регион може да се оцени како недоволна. Услугите кои ги дава Македонски железници се ограничени. Низ Источниот плански регион минува дел од железничката линија Велес-Кочани во должина од 70 км, која завршува како слеп колосек. Железничката мрежа во овој регион има многу мала густина од 17.3 км на 1000 км$^2$, а должината на пругите на 100 илјади жители е 9.56 км, што е далеку под националниот просек од 33.9 км и не обезбедува адекватна опслуженост на општините од регионот. Од општинските центри само Штип и Кочани се поврзани со железнички линии, но до Кочани сообраќа само патнички воз.

Постојната железничка инфраструктура е во лоша состојба и е неопходно нејзино итно реконструирање за да се обезбеди брз и сигурен транспорт на стоки и патници.

Набавката на новите возови, која треба да се случи во периодот 2016 -2018, треба во одредена мерка да ја подобри сликата и состојбата со железничкиот сообраќај во ИПР доколку истите сообраќаат на пругите во регионот.

Лошата состојба на железничката мрежа е негативен фактор за развој на туризмот и потребни се инвестиции за подобрување како на постоечката мрежа така и за нејзино проширување. Подобрената железничка мрежа ќе има позитивни ефекти во поврзувањето на регионот со соседниот Вардарски регион (еден од најзначајните региони од аспект на железничката мрежа бидејќи низ него минуваат клучните железнички линии во државата) и со Скопје како главно емитивно подрачје, посебно од аспект на поттикнување на економскиот раст преку инвестиции.

#### 5.7.1.3Воздушен сообраќај

ИПР е на релативно блиско растојание од меѓународниот патнички аеродром во Скопје „Александар Велики“ иако во моментов пристапот до него не е брз и едноставен. Со изградбата на автопатот Миладиновци – Штип во 2017 год. се очекува оваа состојба да се надмине.

Во Источниот регион постои само еден спортски аеродром во близината на Штип и едно леталиште за стопанска авијација „Лакавица“, кои недоволно се користат. Оваа инфраструктура може да се искористи и за развој на туризмот пред сè во создавањето на туристичка понуда во делот на екстремните спортови.

### 5.7.2 Комунална инфраструктура

#### 5.7.2.1Водоснабдителна мрежа

Должината на водоводната мрежа во Источниот планински регион е 384 км и истата е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Според податоците од Пописот во 2002 година со вода за пиење се снабдени 94.4% од домаќинствата во овој регион. Во однос на покриеноста на населението со вода за пиење, тоа во урбаните средини се движи од 90% во Штип до 100% во Виница. Во руралните средини истиот индикатор се движи од 10% до 80%.

Во текот на летниот период, во повеќе населени места се јавува проблемот од недостиг на вода за пиење. Овој проблем е последица на повеќе фактори као што се: високата просечна

потрошувачка по жител, губењето на вода во системите за снабдување за повеќе од 50% поради нивната застареност (претежно постари од 20 години), недоволниот волумен на резервоарите, пречистителните станици и други објекти. Проблемот од обезбедување доволни количества вода за пиење во овој регион е решлив со подобро искористување на акумулационите езера кои се наоѓаат во овој регион и со реконструкција и санација на постојните водоснабдителни системи и резервоари заради намалување на загубите на вода. Со пуштање на системот за водоснабдување Злетовица ќе се реши проблемот со водоснабдување на општините Пробиштип, Штип и Карбинци.

Застарената водоснабдителна мрежа, која истовремено нема доволно капацитети, и недостигот на вода за пиење во летните месеци претставува сериозен проблем за развој на туристичката инфраструктура во регионот и потребни се мерки кои ќе влијаат на подобрувањето на ситуацијата.

#### 5.7.2.2Канализација и одведување и пречистување на отпадни води

Состојбата со системите за одведување на отпадните води е незадоволителна. Одводните системи се карактеризираат со истекување на дел од отпадната вода во текот на транспортот, со што се зголемува ризикот од загадување на почвата и подземните води.

Колекторската мрежа е претежно лоцирана во урбаните центри на општините и е со должина од 250км. Покриеноста на населението со канализациска мрежа во урбаните средини се движи од 80% до 100%. Дел од руралните населени места не располагаат со одводни системи и тука населението овој проблем го решава со септички јами. Во некои села постои делумна канализација. Покриеноста со одводни системи во руралните средини во ИПР се движи од 0% до 80%.

Покриеноста на населението со станици за пречистување на отпадните води во Источниот регион изнесува 7,7% ( 12,7 % на ниво на Република Македонија). Во регионот постои само една пречистителна станица за отпадни води која е лоцирана во Берово и е со капацитет од 14.000 е.ж.

Согласно Планот за управување на речниот слив на река Брегалница[5], планирана е изградба на пречистителни станици за Штип, Кочани и Оризари, Виница, Македонска Каменица, Пехчево, Делчево, Зрновци, Карбинци, Лозово и Чешиново.

Непостоењето на развиена одводна и колекторска мрежа негативно ќе влијае на туристичкиот сектор, посебно во делот на изградба на туристичка инфраструктура за сместувачки и угостителски капацитети и во делот на изградба на санитарни јазли на туристички атрактивности со висока стапка на посетеност, лоцирани надвор од урбани населени места или надвор од населени места. Поради ова, од приоритетно значење е модернизацијата и проширувањето на системите за одведување на отпадните води и изградбата на пречистителните станици.

### 5.7.3 Енергетска инфраструктура

ИПР не располага со големи енергетски можности. Изградени се три мали хидро-електрични централи – Калиманци, Зрновци и Беровско Езеро а две се во фаза на изградба – Пехчево и Берово. Исто така, во иднина планирана е изградба на мали ХЕЦ во хидро системот Злетовица. Од вкупната потрошувачка на електрична енергија во регионот, локално произведената енергија изнесува само 2MW. Од тука излегува дека регионот зависи од увоз на

[5] Изработен и поддржан од МЖСПП и МЗШВ, а финансиран од страна на SECO

електрична енергија. Потрошувачката во 2009 година изнесувала 164 GWh, додека во 2012 година изнесувала 155 GWh, што е намалување за 5,5%.

За намалување на енергетската зависност на регионот треба да се искористат алтернативните извори на енергија. Регионот располага со потенцијали во енергија што може да се добие од ветер, сонце и биомаса. Сончевите денови/часови изнесуваат 2300 на годишно ниво и треба да се искористат. Како пример може да послужи и фактот дека веќе се изградени мини централи со фото-волтаични колектори со мал инсталиран капацитет кај село Крупиште. Исто така, потребно е да се изградат генератори на струја кои работат на ветер.

### 5.7.4 Телефонија и интернет

Територијата на ИПР е целосно покриена со жична и безжична телефонија и интернет. Обезбедувачи на услуги се 3 национални и повеќе регионални провајдери. Безжичната телефонија и интернет услугите се обезбедени со 3 Г и 4 Г технологија.

Според податоците на ДЗС за 2014, бројот на домаќинства во регионот кои имале пристап до интернет е 59%. Истиот процент се однесува и на бројот на домаќинства кои имале широкопојасно поврзување на интернет.

Покроеноста на регионот со современа ИКТ технологија е позитивен фактор бидејќи овозможува лесен пристап до комуникациските и интернет услугите насекаде во регионот, но исто така е добра основа за создавање различни промотивно, информативно–услужни апликации кои можат да помогнат во промоцијата на регионот и обезбедувањето информации и услуги за туристите и туристичките работници.

### 5.7.5 Здравствено осигурување и здравствена заштита

Достапноста на здравствените услуги од примарната и амбулантно-специјалистичко консултативната здравствена заштита ви ИПР е на просечното националното ниво, додека повисоките степени на здравствена заштита се помалку достапни и мора да се користат услугите што се нудат во другите региони. Болничката нега во Источниот плански регион е организирана преку мрежа на општи болници.

Според податоците на ДЗС за 2014 година, бројот на матичните лекари во примарното здравство во ИПР изнесува 122 е 0,79 лекар на 1000 осигуреници. Бројот на гинеколози во примарната здравствена заштита на ниво на регион изнесува 15 што е 0,19 лекар на 1000 осигуреници.

Најавена е изградба на нов клинички центар во Штип кој според планираното треба да биде најсовремената здравствена установа во Република Македонија. Неговата изградба треба да почне во октомври 2015, а да заврши до крајот на 2018 година. Ваквата институција во многу нешта ќе ги подобри логистичките и човечките потенцијали за обезбедување здравствена заштита во регионот, што, пак, ќе има и позитивни ефекти и врз развојот на туристичкиот сектор.

Сепак, клучниот проблем е во недостигот на развиена мрежа на примарна здравствена заштита во руралните средини, посебно во туристичките дестинации. Од аспект на развој на туризмот ова ја намалува атрактивноста на регионот затоа што е редуциран пристапот до здравствените услуги со што се зголемуваат трошоците и се намалува ефикасноста на овој тип услуги како за граѓаните од овој така и за туристите. Од тука произлегува дека е потребно зајакнување на примарната здравствена заштита на територијата на туристичките дестинации во регионот.

# 6. SWOT АНАЛИЗА – ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

За време на подготвителните активности за изработката на оваа стратегија, во рамките на два настани (Форум: Развојните правци на туризмот во Источен плански регион, оджан на 26.05.2015, и Работилницата за утврдување на стратешката рамка и одредување на активности за Акцискиот план, одржана на 05.06.2015) беа реализирани две сесии за изработка на SWOT анализа, т.е анализа на јаките и слабите страни (внатрешни фактори) на регионот и можностите и заканите од околината (надворешни фактори) за развој на туризмот и спроведување на овој стратешки документ. Анализата беше направена со активно учество на засегнатите страни кои присуствуваа на гореспоменатите настани. Анализата сублимирано ги опфати перспективите на клиентите и нивните очекувања, перспективата на внатрешните процеси, односно обезбедување услуги од страна на засегнатите страни за излегување во пресрет на очекувањата на клиентите, перспективата на зајакнување на капацитетите на засегнатите страни за обезбедувањето на услугите и финансиската перспектива за реализација на мерки и активности за развој на туризмот.

Добиените резултати од SWOT анализата се претставени во Прилог 1.

Можностите, заканите, силните и слабите страни на туризмот во регионот се определени од развојот на економијата во регионот и Република Македонија, спремноста, визијата и посветеноста на клучните засегнати страни, како и од опкружувањето во кое се наоѓа овој сектор.

## 6.1 Силни страни на ИПР за развој на туризмот

Детектираните **силни страни на ИПР** од аспект на развојот на туризмот се бројни и обезбедуваат основа, доколку правилно се искористат , да влијаат во понатамошниот развој на оваа индустрија.

Местоположба на регионот и неговата динамична релјефна структура е силна страна. Регионот граничи со Република Бугарија, а со тоа и со Европската унија. Оваа граница е од 100 km. 4 од 11-те општини се лоцирани долж оваа граница (Берово, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица). Динамичната релјефна структура дава разнообразие на пејсажите.

Дополнителна силна страна е концентрацијата на атрактивности на мал простор кои се согледуваат низ мноштвото природни атрактивности, присуството на термални води и културно и историското богатство.

Традицијата и природните убавини овозможиле препознатливост на регионот (посебно на неговите субрегиони) кои успеале да изградат сопствен имиџ. Во регионот постојат препознатливи туристички локации. Овој имиџ, позиционираноста на регионот и неговите ресурси се солидна основа за започнување посериозни чекори за развој на туризмот.

Здравата храна, прифатливите цени, гостољубивоста на луѓето од регионот, како и новите и уникатни производи додаваат вредност на постоечката туристичка понуда, но истовремено и обезбедуваат услови за развивања на нова и поконкурентна понуда.

Евтината и квалификувана работна снага овозможува добра конкурентност на пазарот.

Постои одреден број на високообразуван кадар со практични знаења за работа во туризмот кој може да го понесе првичниот предизвик во создавањето на висококвалитетна и конкурентна туристичка понуда и услуги. Постоењето на Факултетот за туризам при УГД е силна страна која може да обезбеди дополнителна високо квалификувана работна сила и директно да се вклучи во создавањето на иновативните развојни решенија. Дополнителна поддршка во

развојот на туризмот може да биде обезбедена од идентификуваниот образован кадар во јавната администрација.

Ендогениот потенцијал на регионот, присутен преку климатските и почвени услови за производство и понуда на локална органска храна може да додаде вредност на автохтоната туристичка понуда.

Во регионот е веќе започнат процесот на реновирање сместувачки капацитети, како и процесот на ревитализација на старите занаети, а постои и соработка на домашни со регионални ТА (бугарски, грчки и српски). Исто така, детектирано е и постоење на претприемнички дух кај дел од населението со што може да се подобри ситуацијата со директните инвестиции во туризмот.

Туризмот како поволност го има стабилното макро-економско опкружување, како и поволноста што Република Македонија е земја кандидат за член на ЕУ и НАТО.

## 6.2 Слаби страни на ИПР за развој на туризмот

Идентификуваните **слаби страни на ИПР** за развој на туризмот се пред сè во самата организираност на туризмот. Не постои дефиниран стратешки правец за развој на туристички активности на локално и регионално ниво и постои маргинализација на помалку атрактивните општини.

Во регионот не постои соработка со соседните региони за заеднички развој на туристичка понуда, додека туристичките агенции се незаинтересирани за носење туристи во регионот.

Регионот се соочува со недоволно образован кадар за работа во туристички објекти. Потврда за ова се малиот број средни стручни училишта кои имаат туристичко угостителски насоки и слаб упис во истите. Во моментов околу 200 средношколци се стекнуваат со образование за работа во туристичкиот сектор, што ни од далеку не ги задоволува потребите на дејноста.

Состојбата на сместувачките капацитети е лоша во поголемиот дел на регионот, а некаде и воопшто ја нема. Поголем дел од постоечките сместувачки капацитети имаат потреба од подобрување на инфраструктурата, но и во делот на испораката на услугите. Дополнително, речиси не постои маркетинг и промотивни активности поврзани со туризмот и неговите потенцијали. Она што до сега е направено во оваа насока е активност пред сè на јавниот сектор.

Квалитетот на понудата и услугите особено зависи од сезоната и не постои јасно дефинирана и разнобразна вонпансионска понуда.

Природниот и културно-историскиот потенцијал не се доволно искористени, а она кое се ползува не е ставено во функција на одржлив развој. Постоечките туристички локалитети не се одржуваат најсоодветно. Од овој аспект е евидентна и недоволната туристичка сигнализација и непостоењето санитарни јазли во близина на туристичките атрактивности.

Локалното население поседува недоволна едуцираност за зачувување на природните убавини, третманот на отпадот е лош и несоодветен со што се придонесува кон деградацијата на природните ресурси.

Ниската акумулација на сопствен капитал и ниската профитабилност не овозможуваат финансирање на развојот. Дополнително, ниските вложувања во иновации и осовременување на туристичката инфраструктура се слабост која го сопира развојот, пред сè во делот на создавање интегрирана и конкурентна понуда.

Ефикасноста на менаџментот е на многу ниско ниво, обично еден човек извршува повеќе функции. Менаџментот има недоволно познавање на пазарите, маркетингот, продажбата и снабдувањето. Затоа е неопходно јакнење на капацитетите за планирање и осовременување на производството.

Забележителна е ранливоста на секторот од промените на условите на странските пазари, а ниските плати и несоодветните услови за работа не овозможуваат мотивираност на вработените.

Во регионот не постојат активни деловни здруженија. Ова резултира со ниска поврзаност помеѓу деловните субјекти, самостојниот настап, како и големата меѓусебна недоверба.

Ви ИПР малубројни се примерите на развивање сопствен бренд, изработени програми за развој и визија за иднината, како и недостиг на бизнис планови и сопствена информациона основа.

Иако регионот граничи со соседна држава, членка на ЕУ, постои само еден граничен премин (Делчево). Ова многу ја намалува атрактивноста на регионот за соседите и нивните туристи, а исто така и го лимитира протокот на патници. Дополнителен лимит на транспортот и транзитот, а со тоа и за постоењето на транзитни туристи е и лошата состојба со сообраќајната инфраструктура.

## 6.3 Можности на ИПР за развој на туризмот

Утврдените **можности на ИПР** за развој на туризмот се огледаат во унапреденото и одржливо управување со природни атрактивности и културно и историско богатство.

Концентрацијата на атрактивности на релативно мал простор, термалните води, како и близината на Регионот до ЕУ, близината до аеродром и релативна близина до Скопје како најголемо емитивно подрачје за потенцијални туристи во ИПР се можност која треба да се искористи за зголемување на бројот на туристи. Тоа, сепак, е можно со искористување на силните страни на регионот во процесите на создавање атрактивни тематски и комбинирани туристички понуди. Високообразовните институции тука можат да одиграат клучна улога.

Поголеми СДИ со ориентирање на земјата кон ЕУ при што треба да се искористи нејзиниот статус на земја кандидат.

Сè поголемото осознавање за потреба од силни деловни здруженија и поголема меѓусебна соработка претставува можност за заеднички настап и успешно решавање на проблемите со кои се соочува туризмот во регионот.

Создавањето локални и регионални брендови претставува можност за развој кон подоходовни облици на работење.

Користењето на ЕУ и домашните фондови може да влијае врз подобрување на општата слика за регионот од аспект на развој на туризмот. Тука, секако, спаѓаат, реконструкција или изградба на јавната туристичка инфраструктура, подобрување на условите за преквалификација и доквалификација на невработено население, ревитализацијата на стари занаети и др.

Донесени се бројни законски прописи, мерки и програми кои треба да придонесат за создавање благопријатна деловна клима на макро ниво. Целта е да се намалат бариерите и поттикне развојот.

Државната помош претставува можност за користење средства од буџетски извори, посебно за друштвата со тешкотии во работењето.

Можност за развој на индустријата претставува определбата и заложбите за привлекување странски вложувачи (на пример, во туристичките зони).

Отворање граничен премин кон Република Бугарија ќе ја подобри атрактивноста и пристапноста до регионот, а воедно и ќе се подобри и протокот на патници и транзитни туристи.

## 6.4 Закани за развој на туризмот во ИПР

Утврдените **закани за развој на туризмот во ИПР** можат да се препознаат во регионалната неусогласеност и маргинализација на помалку атрактивните општини (кои, пак, и самите не покажуваат видливи знаци за излез од таквата ситуација).

Силната конкуренција која доаѓа од странство и од соседните региони. Оваа закана сѐ повеќе ќе се зајакнува доколку не се преземат интегрирани мерки за развој на туризмот преку создавање автентична понуда со вклучување и на другите сектори од стопанството на регионот.

Загадувањето на животната средина и девастацијата на културното богатство се реална закана за рејтингот на регионот како туристичка дестинација.

Незавршената транзиција, приватизација на капиталот, како и недостигот на инвестиции не овозможуваат подинамичен развој на туристичкиот сектор, кој има потреба од сериозни инвестиции во туристичката инфраструктура. Тука спаѓа и е највидлив недостигот на средства за ревитализација на руралната архитектура, што, пак, е закана која води до изумирање на руралниот туризам, кој може да биде еден од генераторите на развојот на туризмот во регионот.

Невработеноста на населението е сериозна закана која резултира со зголемување на миграција на населението, посебно на младите. Туризмот како трудоинтензивна дејност има потреба од широк корпус на квалификувана работна сила и со зголемената миграција регионот и овој сектор можат да останат без овој клучен ресурс. Од друга страна, посериозните инвестиции во туризмот можат да предизвикаат обратен, позитивен ефект.

Политичката состојба во која се наоѓа земјата и нејзиното опкружување претставува реална закана која ја намалува атрактивноста на земјата (вклучително и на ИПР) како можна туристичка дестинација.

Економијата на земјата во целина е ранлива поради нејзиниот мал обем, а конкурентноста на туризмот се засновува главно на евтината работна рака која на долг рок не ќе биде достапна.

Поради ниските примања угледот на дејноста е низок, што се одразува на желбите за вработување на младите и образовани лица.

Немањето визија кај голем број деловни субјекти претставува посебна закана на краток и среден рок, со оглед на претстојниот процес на реструктуирање на туризмот.

# 7. КОНКУРЕНТНОСТ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Дефинирањето на јасен и препознатлив туристички производ во секоја туристичка дестинација, меѓудругото, придонесува и за детектирање на други дестинации од непосредното окружување, кои развиваат аналогни туристички производи и кои можат да се наметнат на туристичкиот пазар како сериозни конкуренти. Имајќи ги предвид основните компоненти на детектираниот туристичкиот производ на Источниот плански регион, во Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во ИПР можат да се извлечат неколку заклучоци:

## 7.1 Конкурентност на ИПР во регионален контекст

Од аспект на конкурентноста во туризмот, ИПР не е во многу поволна положба. Имено, во соседните региони во Македонија и Бугарија веќе постојат меѓународно препознатливи туристички центри, со подолга традиција, изградена инфраструктура, развиен маркетинг, профилиран пазар и други предности. Особено „засенување" постои од планинските туристички центри Банско и Боровец во Бугарија, кои се на оддалеченост од само 50-100 км од ИПР. Покрај нив, планинско-рекреативниот туристички производ на Источниот плански регион на домашниот пазар се соочува со неколку конкурентни туристички дестинации, меѓу кои внимание заслужуваат Маврово, Попова Шапка, Пелистер, Кожуф и Крушево. Речиси сите спомнати домашни конкурентни дестинации имаат подобри услови за скијање, особено од аспект на должината на патеките, супраструктурните објекти, како и можност за свртување кон повеќе пазарни сегменти. На поширокиот регионален, односно меѓународен туристички пазар, без крупни промени во пристапот, Пониква и Берово немаат никаква шанса. На пример, перформансите на туристичките производи на Банско и Боровец во Бугарија (во непосредна близина на Источниот плански регион) и Копаоник (Србија) се едноставно надвор од конкуренција. Исто така, најавата за брза изградба на нов и ултра модерен ски центар Брезовица на Косово силно ќе ја заостри конкуренцијата на овој дел од Балканскиот Полуостров.

Слична е состојбата и со другите видови туризам. Така, бањскиот туризам е неспоредливо подобро развиен во Велинград и Сандански во Бугарија и ќе биде потребно доста време ИПР да се доближи до нивото на истите. Овој ЈЗ дел на Бугарија е многу поразвиен и од аспект на руралниот туризам, спортскиот и рекреативен туризам, авантуризмот и сл.

Манастирскиот производ во Источниот плански регион се соочува со силна конкуренција во непосредното окружување. Во тој контекст најголемо внимание заслужуваат следните манастирски комплекси: Св. Јоаким Осоговски, покрај Крива Паланка; Св. Спас во Гевгелија; Св. Ѓорѓи во Неготино; Воведение на Пресвета Богородица - Елеуса (Вељуса, Струмица); Св. Леонтиј - Водоча, Струмица. Некои од манастирските комплекси во Република Македонија одамна се ставени во функција на туристичкиот развој. Покрај Св. Климент Охридски - Плаошник и Св. Наум Охридски, Св. Јован Бигорски; Св. Ѓорѓи Победоносец - Рајчица; Св. Богородица Калишка; Св. Пречиста покрај Кичево, Зрзе и Трескавец покрај Прилеп; и други; Во овој контекст мора да се земе предвид и Рилскиот манастир во Бугарија, кој во пошироки регионални рамки претставува лидер на религиозниот (манастирскиот) туризам.

Сепак, без оглед на силната конкурентност, ИПР може да има и свои предности, доколку пристапи кон вистински и интегрален туристички развој. Една од најголемите предности на регионот е недоволно развиениот, речиси непостоечки туризам, во споредба со масовниот, пренатрупан туризам во соседните региони во Бугарија и Скопскиот регион. Имено, современите туристи се свртуваат кон т.н. „одржлив туризам", „екотуризам", откривање

непознати, „нови“ дестинации. Пејсажите со оризовите полиња и оризот, питомите, речиси недопрени планински места, тишината, смиреноста, чистата природа, свежиот воздух, уникатната традиција се она што го бараат и очекуваат туристите од ИПР.

Овде треба да се напомене можноста за туристичко поврзување на Источниот плански регион со соседните региони (Североисточен плански регион, Вардарски плански регион и Југоисточен плански регион, па дури и со соседните региони во Бугарија) има огромен потенцијал. Ова особено се однесува на поврзувањето со блиските региони во Република Бугарија каде постојат ресурси слични по својот карактер кои би можеле да се комбинираат во одредени итинерари, рути и тури на меѓународно ниво. Помеѓу нив спаѓаат археолошките локалитети, селската и градската архитектура, манифестациите и, секако, најмногу објектите кои се дел од верскиот туризам. Придобивките на ИПР би биле зголемена промоција на балканско и на меѓународно ниво, со што самиот регион се позиционира на туристичкиот пазар, кој од друга страна може да помогне во дополнително моделирање на одредени производи.

## 7.2 Конкурентност на ИПР во национален контекст

Со површина од 3.537 квадратни километри и со близу 180.000 жители Источниот плански регион претставува само еден дел од вкупната туристичка понуда на Република Македонија, односно мал фрагмент од рецептивниот простор на нашата земја. Според овој поширок приод, во очите на домашната и меѓународната туристичка клиентела Источниот плански регион фигурира како парцијална туристичка дестинација, лоцирана во источниот дел на нашата земја, во која учествува со 14,2% од територијата, односно со само 8,8% од вкупната популација.

Во споредба со другите плански региони, Источниот плански регион нуди недоволно препознатлив и помалку квалитетен туристички производ, што се одразува врз конкурентноста на овој регион на туристичкиот пазар. Од друга страна, некои поединечни места во рамките на регионот заслужуваат внимание, првенствено поради нивната микропросторна основа, која обезбедува комбинирање на респектабилни природни и антропогени вредности со забележителна привлечна моќ и висок степен на компетитивност. Во контекст на неопходноста од регионален приод кон туристичкиот развој, Источниот плански регион треба да се наметне како засебна просторна целина, особено во перцепцијата на домашните туристи. Оддалечен само 100-150 километри од Скопје, 50-100 километри од Коридорите 10 и 8, Источниот плански регион е во непосредна близина до најголемите емитивни зони во Република Македонија. Исто така, овој регион може да гради имиџ на просторна целина со специфичен туристички производ кај гостите кои доаѓаат од Република Бугарија. Имено, Источниот плански регион граничи со соседна Бугарија и нормално е да се очекува зголемен број туристи од оваа соседна земја - членка на Европската унија. Во овој контекст мора уште еднаш да се потенцира општоприфатеното мислење дека отворањето на граничниот премин Клепало кај Берово само уште повеќе ќе го доближи овој регион до втората најзначајна емитивна зона и ќе овозможи зголемен прилив на туристи.

Постигнатите остварувања во последните неколку години укажуваат на фактот дека скромната меѓународна конкурентност на Република Македонија речиси во целост се темели врз атрактивноста на туристичката понуда на само две пазарно јасно детерминирани поединечни дестинации - Охрид и Скопје. Според статистичките податоци, токму во овие две дестинации постои најголема концентрација на квалитетни сместувачки капацитети и секоја година се остварува најголемиот дел од странскиот туристички промет во земјата. Сепак, присуството на туристи од странство во Охрид и Скопје треба да се набљудува како можност за нивно привлекување. Доколку регионот понуди квалитетен производ (кој во суштина нема сличности, односно не е конкурентен со производите на нашите две главни дестинации), тогаш е сосема нормално да се очекува странските туристи, особено оние кои го посетуваат нашиот

главен град, дел од времето да го поминуваат на територијата на Источниот плански регион. За такво нешто е неопходен интегрален дестинациски пристап, кој во рамките на Македонскиот туристички пазар, ИПР ќе го позиционира како посебен, препознатлив и атрактивен. Тоа е ситуација во која неговата туристичка понуда ќе мора полека да ѝ парира на понудата на конкурентните региони во земјата, а особено од понудата на планските региони лоцирани во непосредното окружување. Сепак, во овој момент постои реален проблем со конкурентноста. Тој произлегува од опасноста во процесот на позиционирање на Источниот плански регион како интегрална туристичка дестинација, да се појави огромна тешкотија прецизно да се диференцираат неговите конкурентни дестинации. Интегралниот дестинациски приод кон развојот на туризмот во Источниот плански регион нуди бројни содржини, поголем квалитет за ниски цени и повеќе можности за активен и интересен одмор. Во поширока лепеза на атрактивни компоненти, туристите можат подобро да ги пронајдат сопствените афинитети и да ги задоволат своите потреби. Притоа, ваквиот модел силно ги афирмира и помалку атрактивните општини, кои со евентуален самостоен настап би немале поголеми шанси за успех. На овој начин, тие се поттикнати интензивно да развиваат нова селективна понуда, која најчесто има само комплементарни карактеристики (ќе се надоврзува на веќе постоечката), но која во интегралниот настап на туристичкиот пазар добива сосема поинаква квалитативна димензија.

Една од основните карактеристики кои во позитивна смисла влијаат врз развојот на туризмот во Источниот плански регион е големата концентрација и разновидност на туристички ресурси на релативно мал простор. Според сите релевантни критериуми, дистанците меѓу атрактивните елементи на целата територија на регионот се мали, што овозможува за краток временски интервал да се посетат повеќе атрактивни целини. Притоа, разновидноста на овие вредности обезбедува солиден степен на содржајност на туристичката понуда. Според таквата просторна основа, регионот може да се наметне и да фигурира како интегрална туристичка дестинација. Всушност, просторната основа му овозможува на регионот да формира комплексен туристички производ и да се вклучи во конкурентни релации со слични дестинации, особено од непосредното опкружување.

# 8. ВИЗИЈА, ПРИНЦИПИ, СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ, СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ И МЕРКИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР

## 8.1 Визија

Преобразбата на туристичкиот сектор во ИПР во флексибилна и ефикасна стопанска дејност која ќе излезе во пресрет на определбите и потребите на чинителите и која ќе успее да го позиционира регионот повисоко на туристичката карта не е возможно без активности и инвестиции во подобрувањето на институциите, инфраструктурата, човечките ресурси, образовните потенцијали, воспоставување високи стандарди за квалитет и создавање повеќе можности и еднакви услови за учество во дејноста, како и развој на потенцијалите на сите учесници. Ваквата преобразба треба да се спроведе преку организирано и координирано спроведување активности и со вклучување на сите засегнати страни во развојните напори. Нивното вклучување е поради координација на активностите и споделување на одговорноста при реализација на развојните стратешки цели. При тоа, ваквата преобразба треба да се спроведува во насока на создавање можности за инвестиции, отстранување на идентификуваните внатрешни слабости на секторот и мобилизирањето на силните страни за искористување на постојните можности.

Визијата за развој на туризмот во Источниот плански регион во периодот до 2025 година е:

**Источниот плански регион во следните неколку години да создаде неколку респектабилни туристички дестинации, чии производи ќе се базираат врз природното, движното и недвижното културно наследство на регионот и врз традицијата на луѓето што живеат тука; производи препознатливи по својот квалитет и целосно прилагодени кон барањата и потребите на современите туристи.**

Визијата за развој на туризмот во ИПР е изработена и дефинирана како резултат на учество на засегнатите страни во процесот на стратешко планирање, наодите од анализите на состојбите во дејноста и клучните развојни и стратешки документи кои се користеа во анализите и вреднувањето на идната посакувана состојба.

Остварувањето на визијата е поврзано со градење на функционален систем за регионален развој на туризмот заснован на цврсти принципи и институционално поддржан од релевантните институции на локално, регионално и национално ниво. Нејзиното остварување е долгорочен процес кој бара конзистентност и континуираност на политиките за регионален развој на туризмот изградени врз основа на принципите за развојот на туризмот во ИПР, посветеност од страна на многу актери и вложување на потребните напори за исполнување на стратешките цели.

Ваквиот пристап ќе обезбеди туристичкиот сектор во ИПР да прерасне во индустрија која создава туристички производи со високи квалитети, согласно очекувањата и потребите на чинителите на оваа дејност.

# 8.2 Принципи врз кои ќе се базира развојот на туризмот во ИПР

Водечките принципи кои беа идентификувани и се широко прифатени од страна на учесниците во процесот на изготвување на Стратегијата и врз чие почитување ќе се реализираат стратешките приоритетни цели и идното управување со развојот на туристичкиот сектор во ИПР, се:

- одржлив туризам,
- профитабилност
- селективни (приоритетни) инвестиции
- целен маркетинг и
- јавно приватно партнерство (ЈПП)

## 8.2.1 Одржлив туризам

Туристичкиот развој е поставен пред два главни предизвици: како да се генерираат максимални приходи за локалното население и бизнисите, како и за регионот во целина и од друга страна до каков степен и на каков начин можат да се искористат и да се валоризираат културни и природни ресурси на регионот, без да се оштетат или уништат. Стратегијата треба да постави основа за формирање единствена политика на регионално ниво, која треба да ги балансира честопати спротивставените интереси на бизнисот, власта и заедницата и да гарантира одржливост на развојот. Прифатеност на овој концепт е еден од основните принципи на идниот туристички развој[6].

Клучните аспекти на политиката за одржлив туризам вклучуваат: користење на земјиштето, менаџмент со физичката средина, конзервирање и ревитализација на местата со природно и културно наследство, развој на производи кои се движени од пазарот и инвестирање во човечки ресурси.

## 8.2.2 Профитабилност

Туристичката индустрија во Македонија со години има мошне низок повраток на инвестициите. Бизнисите мора да обезбедат соодветен профит за да осигураат континуиран развој преку инвестиции. Профитабилноста треба да се подобри преку зголемување на искористувањето на средствата во рамките на туристичкиот сектор – на пример, зголемување на индексот на искористеност на сместувачките капацитети или зголемување на бројот на посетители по атракција. Профитабилноста може да биде потпомогната преку воведување поголема ефикасност – на пример, заеднички маркетинг, или преку обезбедување дека зголемувањето на квантитетот на продажбата не е постигнато врз база на конкурентни стратегии на ниски цени.

## 8.2.3 Селективни (приоритетни) инвестиции

Идните инвестициски стратегии ќе треба да бидат мошне селективни и јасно фокусирани. Со идните неизвесни национални и ЕУ програми потребата од внимателна

[6] Стопанската комора за туризам во 2014 година го потпиша Глобалниот етички Кодекс во Туризмот од приватниот сектор, со кој приватниот сектор преку Комората се обврзува дека ќе ги почитува и промовира 10 принципи за одржлив и одговорен туризам (Прилог).

селекција и приоритизација е повеќе од неопходна. Значи потребно е приоритизација на инвестициите со цел да се надмине удвојувањето на напорите.

### 8.2.4 Целен маркетинг

Мора да се потцрта дека ова мора да биде јасен водечки принцип. Во оваа насока како резултат на континуираните промени на ИТ капацитетите, постојаниот развој и брзите промени на механизмите за достава на информациите преминуваат во норма. Не смее да се претпостави дека во иднина изборот на пазарите, производите и сегментите ќе биде ист како и денес. Потребен е постојан процес на ревизија за да може да се одреди соодветноста на туристичките производи во рамките на регионот и типот на туристичката побарувачка. Промените кои можат да се случат во други региони можат да доведат до неатрактивност на туристичките производи многу побрзо отколку што сметаат самите доставувачи. Основно за идниот успех ќе биде погледот однадвор врз туристичката индустрија и добрата информираност за трендовите и новите производи.

### 8.2.5 Јавно приватно партнерство

Во туристичкиот свет генерално е прифатено дека успешни туристички дестинации се оние каде е изградено партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор. Како прв чекор во воспоставувањето на ЈПП во туристичкиот сектор во Источниот плански регион, фокусот може да се стави врз туристичкиот маркетинг и прашањата поврзани со стратегиското планирање и развој. При тоа треба да биде развиен ефективен двонасочен процес кој ќе обезбеди баланс на ризикот меѓу јавниот и приватниот партнер.

## 8.3 Стратешки области, стратешки приоритетни цели и мерки

Стратешките области се областите каде што ќе се интервенира со стратегијата. Тие го претставуваат средишниот простор на Стратегијата и произлегуваат од стратешките прашања и проблеми. Стратегиските области ги дефинираат просторите за интервенција и во секој од нив се дефинираат стратешки цели и мерки. Правилниот избор на стратешките области е критичен за дефинирањето на стратешките цели, нивната насоченост и планирани ефекти преку реализација на дефинираните мерки и активности. Од тука произлегува дека од јасното и правилно идентификување на стратешките области зависи и успехот на реализацијата на стратешкиот план.

Идентификацијата на стратешки области се направи низ процес на анализи на расположивите стратегиски и програмски документи од национално, регионално и локално значење, анализи на статистички податоци и сознанијата и заклучоците, како и изградените ставови на засегнатите страни од сите три сектори, добиени на регионалните средби и работилници за стратешко планирање.

Овој процес резултираше со идентификација и четири сегменти од кои зависи развојот на туристичкиот сектор, и тоа: способни и вешти луѓе и ефикасни институции, функционална и современа инфраструктура, јасно дефинирана и конкурентна туристичка понуда и организирање брендирање и препознатливост на туристичките производи и ефикасна промоција. Ваквата условеност на работите наметна дефинирање на четири стратешки области:

- Стратешка област 1: **Развој на човечки и институционални капацитети**
- Стратешка област 2: **Туристичка инфраструктура**
- Стратешка област 3: **Туристичка понуда**

- Стратешка област 4: **Маркетинг и брендирање**

Стратешките цели ги трансформираат стратешките прашања и проблеми во одредена стратешка област во насочени и планирани процеси на постигнување на посакуваните резултати за нивно отстранување. Целите постигнати низ специфично дизајнирани и насочени активности имаат намера да извршат позитивни влијанија и промена на состојбата.

Мерките се специфични во споредба со стратегиските цели и тие претставуваат акции кои се клучни по важност во процесот на преземање конкретни активности за постигнување на стратешките цели и имплементацијата на Стратегијата. Како такви, мерките се мерливи и временски засновани. Тие се во конзистентност со стратешките цели и се дизајнирани истите да ги операционализираат. Секоја стратешка цел има дефинирано неколку мерки. Секоја мерка ќе биде постигната преку имплементација на серија активности (акции) кои се дополнително дефинирани во Акциониот план.

Треба да се има предвид дека стратешките области и формулираните стратешки цели не смеат да се разгледуваат одделно. Тие се меѓузависни и наложуваат координации и паралелно дејствување во сите четири области ако се сака да се постигне видлив ефект во релативно брзо време.

ИПР ќе ја постигне својата визија за развој на туризмот фокусирајќи се на реализација на следниве стратешки приоритетни цели:

### 8.3.1 Развој на човечки и институционални капацитети

Дефинирањето на стратешките цели и соодветните мерки во оваа област е направено заради поставување институционална основа и создавање капацитет кај човечките ресурси како клучен предуслов за реализација на стратегијата. Анализите покажаа дека во ИПР не постои институционална организираност за развој на туризмот, а постоечките човечки ресурси во сите три сектори (јавен, приватен и граѓански) кои работат во оваа област не ги поседуваат посакуваните знаења и вештини за обезбедување поддршка на туристичкиот сектор и директни зафати во него за подобрување на неговата позиција и перформанси. Стратешките цели треба да дејствуваат на ниво на институционално и организациско зајакнување на сите субјекти кои имаат влијание во туристичкиот сектор заради нивно подобро поврзување, вмрежување и соработка во домените на дизајнирање на туристички производи и понуда и управување со истата. Институционалното и организациско зајакнување и управувањето со туристичката понуда и дестинации е возможно само доколку се подобрат и капацитетите на човечките ресурси за управување и обезбедување услуги.

Подолу се дефинираните стратешки приоритетни цели и соодветните мерки за секоја цел поодделно.

- **СЦ1:** Градење институционални капацитети за управување со ИПР како туристичка дестинација

  За реализација на оваа стратешка цел е идентификувана следната мерка:

  **Мерка 1:** Градење институционални капацитети за управување со туристичките дестинации во ИПР

  **Мерка 2:** Унапредување на соработката и поддршка на засегнатите страни во туристичкиот сектор

- **СЦ 2:** Развивање вештини и знаења кај работната сила за потребите на туристичкиот сектор во ИПР

  За реализација на оваа стратешка цел се идентификувани следните мерки:

**Мерка 1:** Јакнење на човечките капацитети на институциите за развој на туризмот во ИПР

**Мерка 2:** Јакнење на човечките капацитети во туристичкиот сектор

**Мерка 3:** Градење на капацитетот на населението во ИПР за развој на туризмот

### 8.3.2 Туристичка инфраструктура

Стратешките цели за туристичката инфраструктура се дизајнирани врз основа на прашањата кои се појавуваат по однос на идентификуваните проблеми и слабости во оваа област. Разрешувањето на идентификуваните проблеми и слабости во делот на туристичката инфраструктура е вториот предуслов за развој на туризмот во регионот бидејќи современа и функционална инфраструктура игра клучна улога во привлекувањето на туристите. Формулирањето стратешки цели е во насока на дефинирање мерки и активности со кои ќе се подобри основната туристичка инфраструктура, и тоа во делот на пристапот и мобилноста на туристите, сместувачките и угостителски капацитети во регионот и општиот изглед и капацитет за прифат на туристи на туристичките атрактивности. Притоа туристичката инфраструктура да биде втемелена врз локалните автентични вредности и заштита на културното наследство, а нејзиниот развој со ништо да не предизвика нарушување на животната средина и намалување на квалитетот на природните ресурси

Подолу се дефинираните стратешки приоритетни цели и соодветните мерки за секоја цел поодделно.

- **СЦ 1:** Овозможување подобар пристап и движење на туристите низ ИПР

  За реализација на оваа стратешка цел се идентификувани следните мерки:

  Мерка 1: Обезбедување пристап до туристичките атрактивности во ИПР

  Мерка 2: Обезбедување туристичка сигнализација

- **СЦ 2:** Обезбедување сместувачки и угостителски капацитети кои ќе ги привлечат туристите во ИПР

  За реализација на оваа стратешка цел се идентификувани следните мерки:

  **Мерка 1:** Изградба и реконструкција на сместувачки и угостителски капацитети во ИПР

  **Мерка 2:** Изградба на нова и реконструкција на постоечката комунална инфраструктура на туристичките локалитети во ИПР

- **СЦ 3:** Инфраструктурно уредување на регионалните туристички атрактивности (локалитети)
- **Мерка 1:** Реконструкција и конзервација на регионалните туристички атрактивности (локалитети)
- **Мерка 2:** Електрификација и илуминација на регионалните туристички атрактивности

### 8.3.3 Туристичка понуда

Стратешките цели поврзани со создавањето јасна, дефинирана, препознатлива и автохтона и конкурентна туристичка понуда се одговор на проблемите и слабостите поврзани со овој клучен елемент од кој зависи развојот на туристичкиот сектор во ИПР. Туристичката понуда претставува составен дел од туристичкиот систем и таа го опфаќа туристичкиот производ како свој најважен сегмент, преку кој се претставува и позиционира на пазарот. Туристи, пак, имаат разновидни мотивации и потреби. Од тука, производите во современиот туризам треба да се јавуваат во многу облици. Анализата укажува дека во ИПР не постои доволно видлив, јасен, дефиниран и позициониран туристички производ. Досегашната пракса по однос на

туристичката понуда може да се претстави како некоординирана и неорганизирана активност во формирањето на туристичките производи и понуда. Од аспект на заедничка, регионална понуда, пракса и не постои. Сето ова доведува до негативни случувања во туристичкиот сектор што резултираат со бавен развој. Долгорочното планирање на развојот на туризмот ја наметнува потребата за создавање туристичката понуда преку зголемување на бројот и видот на туристички производи и подобрување на нивниот квалитет. Создавањето на разнообразна туристичка понуда во ИПР е третиот предуслов за развој на туризмот.

Подолу се дефинираните стратешки приоритетни цели и соодветните мерки за секоја цел поодделно.

- **СЦ 1:** Развивање на туристички производи кои ќе ги привлечат туристите во ИПР

  За реализација на оваа стратешка цел се идентификувани следните мерки:

  **Мерка 1:** Поддршка на засегнатите страни во развојот на туристички производи во ИПР

  **Мерка 2:** Развој на туристички производи врз основа на природното наследство во ИПР

  **Мерка 3:** Развој на туристички производи врз основа на културно-историското наследство во ИПР

  **Мерка 4:** Развој на туристички производи врз основа на традициите во ИПР

  **Мерка 5:** Дизајнирање на туристички пакети во ИПР

- **СЦ 2:** Оптимизирање на заедничка корист на населението и бизнис секторот преку туризмот

  За реализација на оваа стратешка цел се идентификувани следните мерки:

  **Мерка 1:** Обезбедување интегрална заштита на природното и културното наследство

  **Мерка 2:** Градење на туристичкиот синџир на вредности во ИПР преку различни видови туризам

### 8.3.4 Маркетинг и брендирање

Формулирањето на стратешки цели во стратешката област маркетинг и брендирање е резултат за ставовите и заклучоците добиени од засегнатите страни и направените анализи со цел да се изнајдат одржливи решенија со кои ќе се подобри ситуацијата во делот на промоцијата на регионот и неговата туристичка понуда. За позиционирање на пазарот туристичкиот производ треба да биде анализиран и врз база на направените анализи треба да се преземат добро осмислени и креативни промотивни акции за негово пласирање. Тука треба и да се согледаат можностите за креирање бренд од одредени туристички производи. Бидејќи истото придонесува туристичкиот производ или дестинација да бидат препознатливи на пазарот. Направените анализи укажуваат дека во овој дел работите се случуваат стихијно во ИПР. Потребно е да се обезбедат интегрирани решенија за промоција и маркетинг на регионот и неговите вредности. Исто така, потребна е идентификација на алатките и начините на промоција на туристичките потенцијали, содржините, производите и услугите кои ги има и нуди регионот. Дополнително, подобрениот маркетинг на туризмот во ИПР треба да понуди и соодветни и ефикасни решенија за промоција на автентичните вредности и можностите за одмор и рекреација кои регионот ги поседува, нудејќи начини за негово претворање во препознатлив регион за застанување, одмор и релаксација, но и посакувана туристичка дестинација. Следејќи ја филозофијата за идентификација на стратегиските области, промоцијата на регионот и брендирањето на неговата автохтона понуда е четвртиот предуслов и сегмент кој треба да се задоволи за да се генерираат позитивни промени и резултати во развој на туризмот.

Подолу е дефиниранaта стратешка приоритетна цел и соодветните мерки за секоја цел поодделно.

- **СЦ 1:** Креирање позитивна слика за источниот плански регион како атрактивен географско-туристички простор

  За реализација на оваа стратешка цел се идентификувани следните мерки:

  **Мерка 1:** Брендирање на туристички производи во ИПР

  **Мерка 2:** Маркетинг на туристичките дестинации на ИПР

## 8.4 Процес на идентификување на стратешките области и цели

Идентификувањето на стратешките области и стратешки цели за поттикнување развојот на туризмот во ИПР е резултат на анализите на расположивите статистички податоци и релевантни национални, регионални и локални документи со стратешко значење, како и сознанијата и заклучоците добиени од учеството на засегнатите страни од локалната власт, приватниот и невладиниот сектор во процесот на стратешко планирање. Процесот на стратешко планирање е реализиран со користење на неколку инструменти за партиципативно стратешко планирање: 1) форум за развој на туризмот, 2) работилница за стратешко планирање и одредување активности за Акцискиот план, 3) директни и посредни консултации со Центарот за развој на регионот, Советот и другите чинителите/засегнатите страни и 4) регионална конференција – јавна расправа за финализирање на стратегијата.

Исто така, во самиот процес на идентификување на стратешките области и формулирање на стратешките цели, детално се проучени:

- Програмата за развој на ИПР, 2015-2019 год.
- Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во источниот плански регион
- Просторниот план на РМ: Развој на туризмот и организација на туристичките простори - 1998 год.
- “Глобалната студија за туризмот во Република Македонија“ – 2003 год.
- Националната стратегија за развој на туризмот 2009-2013 год.
- Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019 год.
- Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2013 –2015 год.
- Националниот развоен план
- Стратешките документи на општините
- Други

При идентификувањето на стратешките области и стратешките приоритетни цели за развој на туризмот во ИПР, како основа беа земени предвид следните квалитативни претпоставки:

- Определбите на Владата на РМ за развој на стопанството и во тие рамки развојот на туризмот во Република Македонија и во планските региони, вклучително ИПР.
- Начинот на кој ќе се валоризираат природното и културното наследство на регионот.

Остварувањето на двете претходни долгорочни определби е во функција на рамномерен регионален развој на земјата, од аспект што туризмот е значаен мултипликатор во развојот на стопанството (придонесува во развојот на сообраќајот, земјоделството, занаетчиството и другите стопански гранки).

Исто така, при идентификувањето на стратешките цели беа користени и следните квантитативни претпоставки:

- Стапката на раст на туристичкиот промет до 2019 година да изнесува 12% годишно, а во периодот 2019-2025 год. 17% годишно[7]. Ваквите стапки на раст се сметаат за оптимални во развојот на туризмот во овој регионот. Помалиот раст во периодот до 2019 год. се поврзува со несоодветната туристичка инфраструктура, промоција и традиција на населението за развој на туризмот. Овие негативни тенденции се смета дека ќе бидат надминати во периодот 2016-2019 год., а интересот на населението за развој на туризмот ќе биде многу поголем. Во овој период реално е да се очекува и завршување на изградбата на автопатот Скопје-Свети Николе и експресните патишта Велес-Штип, Штип – Кочани и Штип – Радовиш, со што ИПР ќе биде поблиску не само кон главното емитивно подрачје во РМ, градот Скопје, туку и кон западниот дел на Македонија.
- Бројот на туристите од 23.035 (14.306 домашни и 8.729 странски) во 2014 да се зголеми на 35.511 туристи (21.610 домашни и 13.902 странски) во 2019 год. и на 53.134 туристи (33.035 домашни и 20.099 странски) во 2024 год.
- Бројот на ноќевањата од 49.221 (27.277 домашни и 21.944 странски) во 2014 да се зголеми на 78.639 ноќевања (43.243 домашни и 35.395 странски) во 2019 год. и 113.316 ноќевања (62.824 домашни и 50.492 странски) во 2024 год.
- Бројот на легла од 1.869 во 2014 год. да се зголеми на 2.430[8] легла во 2019 год. и 3.177 легла во 2024 год. Најголем дел од леглата се предвидува со изградба на нови хотели од семеен тип. Изградба на спа-центри со поголем број легла во Штип и во Кочани, како и поголем број хотели на Пониква и Осогово.
- Бројот на вработените во угостителството и во објектите за сместување од 1.477[9] во 2008 год. да се зголеми на 1.920 во 2019 год. и 2.510 во 2024 год. (Бројот на вработените во другите сектори благодарение на мултипликативното дејство на туризмот ќе биде многу поголем).

Ефектите кои се очекува да се постигнат од развојот на туризмот и реализација на целите за развој на туризмот во Источниот плански регион исто така беа земени предвид при изборот на стратешките цели:

- Зачувување на природното и културно-историското наследство
- Забрзан развој на малите и средни претпријатија
- Подобрување на сообраќајната, комуналната и телекомуникациската инфраструктура
- Пораст на животниот стандард
- Спречување на миграциите и одлив на работната сила

Претходните квалитативни и квантитативни претпоставки кои се користеа за формулирање на стратешките цели за развој на туризмот во Источниот плански регион се реални, тие се одраз на туристичките потенцијали со кои располага регионот и современите тенденции во развојот на туризмот.

---

[7] Предвидувањата за раст на туристичкиот промет на ниво на Република Македонија се движат над 10%. Меѓутоа, поаѓајќи од фактот што туризмот во Источниот плански регион е недоволно развиен се предлага таа стапка на раст да биде нешто поголема. Таквите определби се базираат не само на атрактивноста на туристичките ресурси и можностите за развој на алтернативните форми на туризам за кои во глобални рамки постои мошне голем интерес, туку на тоа што бројот на посетители сигурно ќе биде поголем со изградбата на патната инфраструктура, отворањето на граничниот премин кон Бугарија кај Берово и ако во регионот се изградат нови сместувачки капацитети.

[8] Зголемување од 30% во периодот 2016-2019 во однос на 2014 и зголемување од 70% во периодот 2019-2025 во однос на 2014

[9] Извор: ДЗС, според Пописот на угостителството, 2008

# 8.5 Стратешка карта на ИПР за развој на туризмот 2016-2025

Стратешката карта на ИПР[10] за развој на туризмот претставува приказ на причинско-последичната поврзаност на стратешките приоритетни цели во постигнувањето на визијата за развој на туризмот во ИПР до 2025 година. Оваа нивна поврзаност и меѓусебните односи во спроведувањето на Стратегијата се дадени преку четирите стратешки области (Дијаграм 1):

[10] Адаптирано од Kaplan, R. and Norton, D., *The Balanced Scorecard, Measures that Drive Performance*, Harvard Business Review (1992)

**ВИЗИЈА:**

ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО СЛЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ ДА СОЗДАДЕ НЕКОЛКУ РЕСПЕКТАБИЛНИ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ, ЧИИ ПРОИЗВОДИ ЌЕ СЕ БАЗИРААТ ВРЗ ПРИРОДНОТО, ДВИЖНОТО И НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА РЕГИОНОТ И ВРЗ ТРАДИЦИЈАТА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ ТУКА; ПРОИЗВОДИ ПРЕПОЗНАТЛИВИ ПО СВОЈОТ КВАЛИТЕТ И ЦЕЛОСНО ПРИЛАГОДЕНИ КОН БАРАЊАТА И ПОТРЕБИТЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ТУРИСТИ.




**ПРИНЦИПИ/ВРЕДНОСТИ:**

- ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ
- ПРОФИТАБИЛНОСТ
- СЕЛЕКТИВНИ (ПРИОРИТЕТНИ) ИНВЕСТИЦИИ
- ЦЕЛЕН МАРКЕТИНГ
- ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО (ЈПП)

***Дијаграм 1** Стратешката карта на ИПР за развој на туризмот 2016 - 2025*

# 9. ТУРИСТИЧКО ЗОНИРАЊЕ НА ИПР

## 9.1 Принципи на туристичко зонирање

Подрачјето на Источниот плански регион, во географско-туристички, културно-историски и традициско етнолошки поглед е доста разновидно. Во таа смисла, во регионот можат да се издвојат повеќе туристички субрегиони (области). Како основни принципи за одредување на овие субрегиони, се земени следните:

- Припадност на јасно одредена релјефно-географска област (планина, котлина, поле)
- Сродност на демографските одлики и карактеристики (потекло на население, тип на населби)
- Сличност на историските, културните и традициските вредности,
- Застапеност, компактност и сличност на истакнати туристички вредности, мотиви и атракции,
- Гравитациско-инфраструктурна поврзаност и припадност,
- Преовладувачки заеднички интереси, цели и мотиви.

Првите туристички субрегиони (туристички зони) во овој дел на Македонија ги дефинира уште А. Стојмилов (1974). Во туристичка смисла, нивната интегралност овозможува подобро планирање, организација и менаџирање на туристичкиот развој. Овде, согласно новите состојби се извршени одредени модификации, наведени подолу.

## 9.2 Туристички субрегиони во рамките на ИПР

Согласно постоечките природни, демографски и културни ресурси, во ИПР реално се развиваат 6 „надопштински“ туристички предели, области или субрегиони, секој со свои специфичности и одлики, и тоа:

- Штипски (шопинг, бањски-спа, ловен, културен);
- Кочанско Поле (оризот, гастрономски);
- Осоговски (зимско-спортски, планински еко-туризам);
- Пијанечки (езерски, ловен, фолклор, обичаи);
- Малешевски (спортско-рекреативен, велнес, гастрономски);
- Плачковички (рекреативен, планински еко-туризам).

**Штипскиот** субрегион на запад е со главен центар во градот Штип. Основни предности на овој субрегион се градот Штип како административно, образовно, културно, здравствено и друго средиште. Овде има добар потенцијал за развој на шопинг туризам (особено за текстил и обувки), културен туризам (верскиот и религиозниот туризам, музеите и археолошките локалитети), бањата Кежовица со својот потенцијал, ловниот туризам (ловиште Патрик и други во околината) и винскиот туризам со неколкуте винарии (Штип Езимит, Винал-Имако и Винарија Аневски заедно со повеќе винарии од околните општини). Освен Општина Штип за овој субрегион гравитациски е поврзана и Општина Карбинци. За туризмот погодуваат добрите сообраќајни врски со Скопје и другите региони и регионални центри.

**Кочанско Поле**, со главен центар во Кочани и со следните општини: Кочани, Виница, Чешиново-Облешево, Зрновци и дел од Пробиштип. Главна туристичка атракција и главен уникатен потенцијал во овој субрегион е оризот и сè што е поврзано со него (традицијата, обичаите, начинот на живот и сл.). Полето со своите географски карактеристики, населението и оризовите полиња се единствен ваков пејсаж на Балканот, особено во месеците мај-јули. Покрај

оризот, значаен туристички ресурс е геотермалната енергија и можност за изградба на 2 поголеми спа центри, и тоа во с. Бања и кај с. Истибања.

**Осоговски субрегион** повторно со главен центар Кочани и други центри Пробиштип и Македонска Каменица (со соодветните општини). Главен потенцијал овде е самата планина, зимскиот центар Поникваи идниот центар за зимски спортови кај Царев Врв. Другите делови од планината одговараат за еко-туризам, поради чистата и сочувана природа. Добар центар на еко-туризмот треба да биде с. Цера со околината бидејќи поголем дел од инфраструктурата веќе е создаден.

**Пијанечки субрегион** со центри Делчево и Македонска Каменица. Главен туристички потенцијал овде е Калиманско Езеро, кое ако се уреди и се намали осцилацијата на водата, може да привлече значителен број туристи. Тоа посебно ако се има предвид близината на еко-планинските подрачја на Осогово и на Голак. Изградбата на магистралниот пат Кочани-Делчево би било од особено значење за туризмот, а стариот пат низ клисурата ќе добие повеќе туристичка функција.

**Малешевски субрегион** со главен центар Берово и втор центар Пехчево. Беровското Езеро и еко-пределите на Малешевските Планини и Огражден се одличен, сѐ уште недоволно искористен туристички потенцијал. Овде има доволно сместувачки капацитети, но треба да се збогати и дополни понудата во самиот субрегион, или во комбинација со соседните туристички региони. Туристичките населби околу Беровското Езеро, потоа Равна Река, Абланица, Суви Лаки и др., треба да се доуредат, дополнат со неопходни содржини, категоризираат, презентираат и да се направат комплетни понуди за неколкудневен престој, со повеќе разновидни активности.

**Плачковички субрегион**, без некој доминантен центар, меѓутоа зафаќа делови од повеќе општини: Карбинци, Зрновци, Виница и Берово. Планината нуди одлични можности за планински рекреативен туризам, велнес, трекинг, планински велосипедизам, спелеолошки атрактивности, параглајдинг и др.




***Слика 2** Картографски приказ на туристичките субрегиони во ИПР*

# 10.ФОРМИРАЊЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ И ПОНУДИ

## 10.1 Принципи на формирање туристички производи и понуди

Во процесот на позиционирање на ИПР како интегрална туристичка дестинација најголема слабост се појавува при креирањето на сложен туристички производ. Основниот проблем произлегува од фактот што тој во себе мора да ги инкорпорира сите изворни и изведени елементи на целокупната туристичка понуда на регионот, кои имаат изразито хетерогена и честопати неспоива природа. Едноставно, желбата да бидат опфатени што повеќе општини може да доведе до ситуација таквиот производ да биде непрепознатлив на пазарот. Притоа, создавање производ со премногу компоненти и преголем број носители на понуда може да предизвика намалување на можноста за нивно оптимално хармонизирање. Тоа, конечно, резултира со несакано оддалечување на производот од туристите, кои едноставно не се во состојба да ги препознаат атрактивните атрибути на сите составни елементи.

Културното-историското и природното наследство претставуваат основа врз која во голем дел се темели туристичката понуда на некое место, регион, држава или поширок простор. Во тој поглед, Источниот плански регион на Република Македонија изобилува со разни содржини, кои до сега беа недоволно презентирани и слабо посетени. Земајќи ги сите специфични геопросторни, демографски, културни и други аспекти предвид, еден од најадекватните иницијални начини за туристичко активирање на овој регион е преку воспоставување уникатни и препознатливи туристички производи базирани врз веќе познатите и евидентирани културни ресурси.

При креирање, организација, но пред сѐ при реализација на рутите и турите треба да бидат вклучени неколку препорачани елементи за патувањето на посетителите да се направи што е можно попријатно. Би ги навеле следните препораки на кои треба да се обрне особена важност:

- Временски период, т.е. времетраењето на една тура или рута
- Оптималната должина на една рута/тура
- Задржувањето на едно место/локација/споменик
- Тип на пауза
- Тип на споменик кој се посетува
- Атрактивноста на локацијата

Атрактивноста на локацијата е основа да се создаде еден туристички производ базиран на еден или повеќе слични културно-историски споменици. Во креирањето на оваа категорија мора да се земат неколку важни репери во кои спаѓаат: можната природна вредност na локацијата, уникатноста, естетската вредност, архитектонска, историска или уметничка вредност, едукативна вредност, општествена вредност, реткост/ репрезентативност, евокативност (дали се врзува со легенди, митови, приказни), дали задоволува одредени цели (пр. аџилак) и др.

Препорачливо е кога еднаш ќе се создаде одредена рута и/или тура, таа мора да има однапред строго зацртан итинерар од кој ретко има отстапувања. Во рамките на рутите и турите не се дозволени импровизации. Алтернатива на одредена дестинација може да има, но не е пожелно да се упатуваат луѓето кон друга локација освен кон онаа којашто стои во итинерарот. Факултативен излет може да постои само ако една рута/тура е составена од повеќе денови, но

и во тој случај за секоја дестинација мора однапред да се знаат факултативните излети и да бидат создадени можности за нивна реализација.

## 10.2 Тематски туристички производи и понуди

Тематски туристички производи и понуди вклучуваат промоција, посета, разгледување и користење содржини, атракции и вредности кои се слични по своите карактеристики и својства, припаѓаат на една или повеќе слични категории. Такви се на пример туристичките производи само од областа на културниот туризам, или само од верскиот туризам или, пак, комбинација на производи и понуди од археолошки и верски туризам, комбинација од трекинг и планинарење и слично.

Во натамошниот текст се претставени туристичките производи и понуди на најзастапените и најперспективни видови туризам во ИПР.

## 10.3 Културен туризам

Културниот туризам ќе биде од полза за ИПР бидејќи може да ја зајакне локалната економија, да ја унапреди заштитата на културното наследство, да ја зголеми потрошувачката на посетителите, да обезбеди вработувања, да ја зголеми гордоста и свеста на локалното население за наследството што го поседува и сл.Културниот туризам може и да предизвика штета од зголемена посета, прекумерна употреба, несоодветна употреба на заштитеното културно наследство без да се води сметка за вредноста, што може да доведе до трајно оштетување.

Стратегијата е во согласност со четирите цели на културниот туризам: културното наследство да биде достапно за јавноста, локалното население и посетителите; да се развијат и вршат туристички активности со почитување на културното наследство, локалните култури и начин на живеење; да се создаде дијалог и рамнотежа помеѓу конзерваторските интереси и туристичката индустрија за важноста на културното наследство, вклучувајќи ја потребата од постигнување одржлива иднина за нив; и да се придонесе за долгорочна и внимателна употреба на културното наследство преку донесување стратегии и заштита и конзервација.

### 10.3.1 Етно туриам

Етно-туризмот е специјализиран вид  на културниот туризам и може да се дефинира како секоја екскурзија која се фокусира на делата на луѓето, а не на природата, и се обидува да им овозможи на туристите разбирање на начинот на живот на локалното население.

Освен со традицијата на одредени средини преку народната духовна и материјална оставштина создавана и напластувана со векови наназад, етно-туризмот дополнително се поврзува и со  уживање во природните убавини и сé она што е во некаква релација со нив.

Во Источно планскиот регион има зачувани обичаи и стари занаети и ова дава одлична можност за развој на етно-туризмот во него.

Етно-туризмот претставува категорија во туризмот која е тесно поврзана со руралните средини кои сé уште успеале да зачуваат дел од традицијата.  Најдоверлив чувар на традицијата е селото и таа е сочувана низ домашните изработки, ракотворби, занаети, гастрономијата, фолклорот и музиката. Во ИПР секој предел се одликува со локални знаменитости и своја карактеристична традиција, кои имаат капацитет да се формулираат и претстават во различни форми со цел привлекување на поголем број туристи од земјава и странство. Народното творештво од регионот може активно да се вклучи во промоција на туристичките вредности на регионот. Така на пример, манифестацијата „Пијанечко-малешевска свадба“, настан кој се

одржува во Делчево, е одлична основа за создавање туристички производ во делот на ваквиот тематски туризам. Во овој настан преку традиционални обреди и обичаи својата љубов ја крунисуваат брачни парови, кои се избираат преку конкурс со кој е предвидено најмалку едниот од двајцата да е од Малеш или Пијанец. Оваа манифестација ги претставува историските обичаи на свадбениот обред со фокус на автентично презентирање на елементите кои ја карактеризирале свадбата во минатото. Оваа манифестација содржи елементи на верски обреди, ритуали и обичаи и музика (вокална и инструментална) создаваат целокупна визуелно – музичка претстава во која е дадена можност на посетителот – туристот да земе сопствено учество и со тоа директно да го искуси духовното и културното наследство во регионот.

Друг настан со голем потенцијал е **Етно фестивалот Берово,** кој се одржува секоја година на 27 и 28 август. На оваа манифестација се претставуваат богатите слоеви на традицијата на Мелешевијата и Берово преку низа интегрирани промотивни настани како што се промоција на традиционалните производи, фолклор, културно наследство, локални специјалитети, ракотворби, сувенири, музичката традиција и сл. Самиот настан го претвора Берово во вистински етно град, кој преку низа интегрирани промотивни настани ја третира богатата традиција од овој регион и ги претставува туристичките потенцијали. Фестивалот е од меѓународен карактер и како таков има потенцијал за привлекување различни целни групи.

**Денови на кочанскиот ориз** – Кочани се настан преку кој потенцијалните туристи имаат можност директно да се соочат со традицијата на земјоделските активности, верските ритуали и фолкорните обичаи поврзани со зажнејувањето на оризот – симболот на кочанскиот крај. Оваа манифестација е традиционална и се одржува секоја година на оризовите ниви во село Долни Полог, Кочанско. Таа е спој на традицијата и современиот уметнички израз, преку кои се прикажува патот на оризовата култура од нивата до трпезата. На манифестацијата на автентичен начин се прикажува рачното собирање на родот од нивите со срп, придружено со сите други обичаи. Во склоп на празнувањата се одржуваат и ред други настани како промоции на книги, ликовни изложби, саеми на ракотворби и традиционални јадења, гостувања на ансамбли од други градови и држави итн.

Слична манифестација е и **Зажнејување на оризот - Чешиново Облешево,** кој се одржува на 21 септември (Мала Богородица). Ова дава можности за создавање тури поврзани со ваквите празнувања.

Неопходно е создавање етно изложби, етно село и сл. со што ќе се креираат туристички тури привлечни за туристите, а со тоа дополнително ќе се зголеми вредноста на регионот како место со уникатни културни доживувања.

Исто така се потребни мерки за обновување и зачувување на старите занаети, како и старите обичаи кои се обележје на ИПР.

### 10.3.2 Рурален туризам

Селскиот или рурален туризам се врзува за руралните подрачја кои претставуваат основни рецептивни простори за селски туризам, додека главни емитивни подрачја се големите градови и високо урбанизирани средини. Примарни мотиви заради кои туристите доаѓаат на село се природата и културното наследство, како и гастрономијата, специјални интереси (берење лековити билки, качување, пешачење, етно тури,едукација и сл). Во руралниот туризам руралната култура е клучната компонента на понудениот туристички производ

За селскиот туризам честопати се врзуваат термините агро-туризам и еко–туризам.

Агротуризмот подразбира престој на село со активно учество во сите земјоделски активности или заради едукација. Еко туризмот претставува престој во ненарушена и очувана природа.

Во Источниот плански регион има повеќе села во кои е можен развојот на руралниот туризам, но е неопходно создавање селски одбори за развој, нивна едукација, развој на инфраструктурата,вмрежувањето во кластери и добро осмислена маркетинг промоција на истите.

Десетте села кои добија најмногу бодови при валоризацијата се: Зрновци, Лесново, Злетово, Истибања, Русиново, Владимирово, Ратево, Пантелеј, Шталковица и Цера. Овие села треба треба да бидат избрани како пилот проекти за развој на селскиот туризам[11].

Во дефинирањето на туристичките производи и создавањето на туристичката понуда од рурален туризам треба да се земе предвид следново :

- Руралниот туризам е алтернатива на масовниот туризам. Со оглед на фактот дека селскиот туризам генерира туристи со посебни интереси, кои се заинтересирани за културата, традицијата и животната средина, дестинациите кои нудат одмор во руралниот туризам нема да трпат негативни последици што ги чувствуваат туристички дестинации на масовен пазар.
- Одржлив рурален туризам е одржлив пристап кон економски развој. Може да има важна улога во регионалниот економски развој и проширување на бенефиции за неразвиените подрачја.
- Стратегија за заедничко планирање - партнерство меѓу приватниот и јавниот сектор во извршување на целите за развој на руралниот туризам.
- Усогласување на стандардите- со ова се нуди можност за усогласување на стандардите за сместување, понуда на објекти, активности, обезбедување информации, услуги на туристички водич и грижа за корисници.
- Балансот помеѓу силите на напредокот и стагнација - Кон оние кои се вклучени во руралниот туризам може да се примени принципот на "морков и стап". Можат да се понудат стимулации во форма на кредити и субвенции, за оние кои ги развиваат своите производи на повисоко ниво. Оние кои се занимаваат со рурален туризам и не успеваат да ги подигнат нивните стандарди можат да бидат исклучени од туристичката понуда во регионот.
- Улогата на институциите – Институциите ќе имаат корист од можностите за вработување кои ги создава руралниот туризам. Ова ги вклучува жените, децата и лицата со хендикеп.

#### 10.3.2.1 Пристап во создавањето туристички производи во руралниот туризам

Избрани се следниве стратешки пристапи кон руралниот туризам:

- Организација и соработка - Со оглед на фрагментираната природата на туризмот воопшто (особено руралниот туризам), добрата организација е од суштинско значење за да се обезбеди основа за развој на селскиот туризам и негово успешно управување.
- Создавање врски и мрежи на претпријатија (кластери). Во руралниот туризам е тешко да се преживее во изолација. Поради тоа, потребно да се изградат врски и мрежи помеѓу оние кои работат во туризмот и угостителството. На пример, во тесна соработка помеѓу сопственикот на руралното домаќинство и локалниот занаетчија може да се понудат пакети за изучување стари занаети итн. Важно е да се осознае дека можностите за достигнување виталност во руралниот туризам ќе бидат повисоки преку кластер „група" на рурални претпријатија во туризмот. Нормално, ова ќе значи вклучување на цело село за да се изгради критична маса на објекти (на пример, сместување, активности, културни атракции, продавници, информации за јавноста). На овој начин, корисниците можат да

[11] Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во ИПР

го направат животот полесен, додека во исто време туристичките претпријатија можат да имаат корист од движењето на потрошувачите од една до друга активност и објект.

- Зонски пристап – Како зонски пристап кон руралниот туризам може да се смета на стратегија која води сметка за природните и културните предности на секоја дестинација (Пример: Област А Туризам во рурална фарма, област Б - активности на планина, Област В - вински тури, итн.)
- Развој на производи на селскиот туризам

Следните чекори се потребни за да се направи целосна употреба на потенцијалот на селскиот туризам и создаде одржлив производ на селскиот туризам:

- Потребно е истражување на пазарот - за да се развие туристичкиот производ треба да се осознае побарувачката на пазарот и, подеднакво значително, мотивацијата и преференции на пазарот. Врз основа на овие информации, имајќи ги предвид расположливите ресурси, производите на селскиот туризам може да бидат соодветно развиени.
- Сегментација на пазарот - Ќе има потреба од сегментација на пазарот. Ова значи препознавање на различни категории на потенцијалните посетители од клучните пазари (на пример, семејство, постарите луѓе над 60-годишна возраст, младите - под 30-годишна возраст, активни туристи, туристи со посебни интереси итн). Секој од овие посетители веројатно има различни мотивации и преференци и според нив ќе треба да се обликува соодветната понуда.
- Воведување ознаки за квалитет - Пред сè друго, квалитетот на производите на руралниот туризам ќе треба да се развива со највисоките стандарди за да се задоволат потребите на потрошувачите и да ги охрабри за повторно доаѓање, што е важно за обезбедување долгорочна одржливост. Обележувањето или давањето ознаки може да се користи како гаранција за квалитет.
- Трговија-Продажба на локални специфични производи (како што се вино, храна, ракотворби, трикотажа) ќе обезбеди поголем степен на доживување на туристот и брендирање на самата дестинација.

### 10.3.3 Религиозен–манастирски туризам

Источниот плански регион изобилува со манастири и цркви што претставуваат значајно културно наследство од различни периоди. Поголемиот дел од нив чуваат ремек дела на живопис, иконопис, архитектура и иконостаси и др.

Во последните години е забележливо зголемување на монашките машки и женски заедници.

Развојот на манастирскиот туризам во Источниот плански регионот зависи од интересот на туристите за посета на манастирите, но во голема мера и од согласноста на монасите од истите. Во манастирите се добредојдени туристи кои доаѓаат од верски мотиви или туристи љубители на културното наследство. Но, притоа животот и редот на монасите во ниеден момент не смее да биде засметан. Во моментов има релативно малку манастири каде има активен монашки живот како што се: Лесновски манастир - Св Архангел Гаврил- машки манастир, Св.Спиридон - женски манастир и Св. Архангел Михаил во Берово - машки манастир и др. Во другите вредни или познати манастири најчесто се одбележуваат верските празници каде се организираат заеднички ручеци со верниците.

Организирано сместување туристи во рамките на манастирите не е забележано.

Овој вид туризам е можен како комбинација со некој друг вид туризам, односно организирана посета на други споменици на култура. Во околината на Источен плански регион

има доста познати и атрактивни манастири што се наоѓаат на територија на други региони, па во таа смисла е добро да се размислува на креирање рута со вклучени повеќе манастири од различни региони.

Во во рамките на работилниците организирани во текот на изработката на Студијата голем број од учесниците, претставници од општините на Источен плански регион, се изјаснија дека манастирскиот туризам има многу голем потенцијал за развој во овој регион. Но, тоа, секако, не зависи само од атрактивноста на манастирот или црквите туку и од голем број други фактори, кои беа елаборирани во рамките на валоризацијата направена и презентирана во табелите со поединечни оценки и рангирање на црквите и манастирите.

### 10.3.4 Планински туризам

Планински туризам подразбира широк спектар на туристички активности кои се одвиваат на планина. Ако се има предвид дека 56% од површината на ИПР припаѓа на планински простор и дека има дури 9 планини од кои една повисока од 2000 m, јасно е колкаво значење има планинскиот туризам за овој регион. Планините, освен што се различни по височина - од ниски до 1500 m (3), преку средно високи 1500 до 2000 m (5) и Осоговски Планини со над 2000 m, имаат големи разлики во однос на вредностите, климата, водите, пошуменоста и другата биоразновидност. Освен тоа, некои планински делови се ретко населени, далеку од градските центри, меѓутоа со сочувани природни вредности (Огражден, ЈИ дел на Плачковица, западен дел на Малешевски Планини). Всушност, од главните видови туризам (езерски, низински, урбан и сл.), во ИПР најголема перспектива има токму планинскиот. Речиси сите 6 планини повисоки од 1500 m имаат можности за развој на различни планински туристички активности, кои подетално се претставени натаму во текстот.

### 10.3.5 Трекинг

Подрачјето на ИПР има одлични услови за развој на трекинг-туризам. Има најразлични природни содржини: планини, клисури, кањонски делови, водопади, густи шумски области, видиковци и сл. Според мерењата и анализите, на подрачјето на ИПР има маркирано или можат да се маркираат патеки за трекинг во вкупна должина од преку 600 km. Овие патеки главно се планински, тесни шумски патчиња, потоа тесни т.н. козји патеки, а на некои места има и пошироки и јасно поставени земјени или макадамски патчиња.

Во следниот период неопходно е маркирање на повеќе трекинг патеки, особено на планините Осогово и Плачковица. Исто така, потребно е поставување сигнализација, инфо-табли, презентација и промоција на патеките и условите на нив (вид на терен, денивелација, присуство на извори т.е. вода за пиење, опасност од диви животни) и слично. Добро е да има интернет страница со карта и информации за трекинг-патеките, како и соодветни брошури, карти и водичи. Посебно корисно е ако трекинг-патеките и нивните содржини се достапни во електронски формат за ГПС уреди, за многу полесно следење. Главен проблем за трекинг-туризам во ИПР е недостиг на соодветни сместувачки објекти во планините, особено во однос на планинарски домови, мали мотелчиња, домови и слично. Со тоа губат не само туристите туку и општините и целиот регион. Од тие причини, треба да се изнајдат начини за изградба, пренамена или адаптација на погодни објекти во планинарски домови. Оптимален број е 8-10 планинарски домови на подрачјето на ИПР со 300-500 легла. Секако, неопходно е да се најде најдобар можен начин за управување и одржување на домовите. Доколку наместо еднодневни досегашни рути, се воспостави мрежа од објекти за ноќевање кои ќе овозможат дводневни до тродневни тури, трекинг туризмот во ИПР неколкукратно ќе се зголеми. Како објекти за ноќевање, во почетокот можат да бидат дури и викендички, солидно опремени селски куќи и домаќинства спремни за прифат на туристи. Следниот проблем е недостиг на информативни

табли, маркации и патокази, кои би требало да бидат барем на македонски и англиски јазик. Исто така, за рутите нема соодветни описи, карти и информации на интернет, а за посовремени содржини (координати, ГПС линии и сл.) воопшто и да не зборуваме. Сето наведено условува мала посетеност и искористеност на трекингот како многу добра форма на туризам во ИПР.

Според проценките за оптимален капацитет на трекинг-туризмот во ИПР од околу 5-20 учесници во тура и просечно околу 10-20 трекинг рути во регионот дневно, се добива дека годишно, трекинг туризмот може да практикуваат 30 000 до 50 000 туристи, од кои повеќе од половината обично е заинтересирана за дводневна тура. Тоа би резултирало со околу 60 000 до 80 000 ноќевања во претходно обезбедени/изградени објекти или финансиски ефект од околу 1,0-1,5 милиони евра годишно.

### 10.3.6 Планинарење

Со оглед на карактеристиките на теренот, планинарењето претставува важна туристичка активност во ИПР. Кај планинарењето, една од главните цели е искачување на некој изразит или висок врв, и тоа обично за што пократко време. При тоа, најдобри можности за планинарење има искачувањето на Осоговските Планини (Руен, 2252 m и Царев Врв, 2085 m), Плачковица (Лисец, 1754 m), Влаина (Кадиица, 1932 m), Малешевски Планини (Ченгино Кале, 1745 m) и др. Голем недостаток за планинарење е непостоење на соодветен планинарски дом во близина на највисоките врвови, ниту, пак, соодветна сигнализација долж патеките или на врвовите. Истото треба да биде приоритет во следниот период до 2025 година. Воедно, потребна е изработка на карти и брошури за планинарење, со сите неопходни информации, а по можност и современ веб-портал за планинарење во регионот.

### 10.3.7 Зимски (зимско-спортски) туризам

Од аспект на зимско-спортскиот туризам, најповолни услови за развој во рамките на ИПР има високопланинскиот дел на Осогово над 1800 m надморска височина, помеѓу Царев Врв (со Калин Камен и Китка) и Руен. Површината на овој високопланински предел изнесува 15,5 $km^2$, а над 1900 m лежат 5,2 $km^2$. Поради височината, температурите овде се ниски (просечната годишна е околу 4-5°C), врнежите пообилни (700-900 mm годишно) и во зимскиот дел од годината во вид на снег. Снегот често се задржува од декември до април, особено на североисточната страна (кон изворишниот дел на Каменичка Река и Крива Река). Одлични и пространи високопланински терени има Царев Врв и околните била, каде може да се постават повеќе скијачки патеки и други содржини (Трпевски и др., 2010). Затоа е потребно заедно со СИПР т.е. општината Крива Паланка (на која припаѓа северниот дел од Царев Врв) да се изработи добра физибилити студија, со посебен акцент на влијанието на животната средина. Од технички аспект, прво треба да се изгради соодветна инфраструктура, пристап, локации и др. Потоа неопходно е да се оформат и подготват скијачки патеки, патеки за сноуборд, санкање и други зимско-спортски активности. Според деталните анализи, овде можат да се поставаат десетина скијачки патеки со вкупна должина од околу 24 km и просечна денивелација од 300-500 m. Во делот кој припаѓа на ИПР препорачливо е да се обезбедат сместувачки капацитети над с. Горна Цера или над с. Саса, со што туристите би се привлекле и задржале повеќе од еден ден. Од с. Саса (750 m) може да се обезбеди лесен пристап до билото Китка (1850 m) и до скијачките патеки јужно од Царев Врв со жичарница (гондола) долга 6 km. Со тоа би се скратил патот до Македонска Каменица, и тоа од 27 km преку с. Горна Церана само 15 km со гондолата. Во однос на комплементарното сместување, со информирање и поттикнување на локалното население, во функција треба да се стават соодветно опремените викендички и куќи во с. Цера и с. Саса, како и становите (куќите) во Македонска Каменица. Едновремено треба да се преземат активности за привлекување инвеститори за изградба на модерен планинарски дом, а по можност и на хотелско-угостителски објекти на соодветни погодни локации над с. Горна Цера и

на Китка. Понатаму, неопходно е изготвување туристички карти, патокази и водичи до наведените и другите интересни локалитети во областа. Треба да се обезбедат водичи за просторот од соодветно оспособени луѓе. Долгорочна цел е локалноста Калин Камен-Царев Врв-Горна Цера да прерасне во зимско-спортски центар од национално значење, со скијачки патеки, патеки за санкање, жичарници, хотелско-сместувачки капацитети, придружни содржини и слично.

На другите локалности на Осоговските Планини и на другите планини во ИПР, можностите за типичен зимско-спортски туризам и активности на снег се многу помали, посебно ако се земат предвид веќе јасните ефекти од глобалното затоплување. Тоа од едноставна причина што височините на Пониква, Голак, Беровско Езеро, Плачковица се дури 300-500 m пониски, температурите се повисоки, а снегот се задржува 1-1,5 месеци пократко и е со послаб квалитет. Во таа смисла, Беровско Езеро, Голак, Плачковица, па донекаде и Пониква, немаат можности да се развијат во големи зимско спортски скијачки центри бидејќи едноставно природните услови не го дозволуваат тоа. Вештачкото одржување на снегот надвор од природната сезона, која овде трае околу 2-3 месеци, е скапо, нерационално и неефективно, а должината на постоечките и нови скијачки, сноуборд и други патеки, како и нивната денивелација се мали. Во таа смисла, наместо типичен скијачки туризам, наведените локалности треба да имаат нагласена рекреативна, велнес, па дури и спа функција, како и да претставуваат „all year“ ресорти со содржини за сите годишни времиња.

### 10.3.8 Бањски - велнес спа туризам

На подрачјето на ИПР лежи најголемиот термален потенцијал на Балканот со неколку поголеми геотермални басени: Подлог, Бања, Истибања и Кежовица. Својствата на геотермалните води се навистина одлични и погодни за спа (бањски) туризам, меѓутоа овој вид туризам е речиси целосно запоставен. Бања Кежовица е далеку од опременоста и уреденоста што треба да ја има за прием на странски па и домашни туристи, и тоа од квалитетот на сместувачките капацитети, до разновидноста и нивото на услугите. Пред какви било активности за привлекување и прием на странски туристи, објектите на бањата треба да се осовременат, да се изградат дополнителни содржини во вид на бањски-спа комплекс (отворени и затворени базени, детски базен, џакузи, сауни, турска бања, салони за масажа) кој ќе биде привлечен не само за луѓето со одредени заболувања туку и за оние што сакаат да уживаат и да се релаксираат во благодетите на термалната вода. Тоа посебно ако се има предвид близината на градот Штип и бројните содржини што истиот може да ги понуди. Според положбата, подрачјето од с. Истибања до Виница исто така има одлични можности за изградба на модерен спа-центар. Всушност, веќе има иницијативи од општина Виница за спа центар на овој простор. Неговата реализација во идниот период може да биде одлична основа за значителен пораст на туристичката посета на овој простор. Слична е состојбата и со бањата во с. Бања (општина Чешиново-Облешево), каде руинираниот бањски комплекс треба да се замени со нови градби и содржини. Бањскиот туризам на подрачјето на ИПР (во трите споменати центри), со оглед на постоечката состојба ќе бара значителни инвестиции во следниот 10-годишен период. Сепак, повратниот ефект ќе биде голем, а со успешно менаџирање за релативно краток период ќе го врати вложеното. Тоа е јасно ако се земе  предвид дека геотермално-минералната вода е „дар од природата“, кој моментално е речиси воопшто неискористен.

Во однос на спа-велнес туризмот, постоечките и идните хотелско-сместувачки објекти во ИПР треба да се трудат да обезбедат современа содржина во кои спаѓа и велнес-спа. Тоа во смисла на изградба на помал или поголем базен, џакузи, сауна, парна бања, сала за масажа, фитнес или, пак, само некои од наведените. Трендовите покажуваат дека  каква било велнес-спа содржина со задоволителен квалитет значително го зголемува интересот за посета на објектот во однос на другите без такви содржини (дури и за сметка на разумно повисока цена).

Всушност, веќе постоечките примери во ИПР ја потврдуваат констатацијата. Во таа смисла, во предност се објектите во Кочанско Поле кои можат да ја користат геотермалната вода.

### 10.3.9 Џип сафари, сафари, оф-роуд, мото туризам

Ако се има предвид големината и разновидноста на пејсажите во ИПР и желбата на туристите да видат што повеќе за ограничено време кое им стои на располагање, едно од неизоставните активности треба да биде џип-сафари туризам. Турите со џип можат да бидат полудневни, еднодневни, а поретко и дводневни. Препорачливо е дневно најголемо растојание да изнесува до 100 km, максималната брзина на асфалтните патишта да не е поголема од 50-60 km/h, а на макадамските од 20-30 km/h (заради сигурност, но и набљудување на пејсажите). Исто така, на секој пола час возење потребна е пауза на убаво избрано или означено место. Џиповите треба да се соодветно исправни, средени, а преку лето по можност полуотворени. Џип сафари може да се изведува како главна активност претходно договорена преку туристички агенции или, пак, комплементарно и факултативно, како дел од севкупна понуда. Џип сафарито се препорачува да биде преку постојните асфалтни локални патишта со делумен оф-роуд по подобри макадамски патишта. Во вториот случај, треба да се води сметка за еко-компонентата, односно да се избегнува поминување преку недопрени, заштитени и вредни природни предели и повисоки планински подрачја. Пример за полудневно џип-сафари може да биде од Штип преку с. Шашаварлија, с. Прналија, Радањска Река - Штипили од Кочани преку Пониква, клисура на Злетовска Река, с. Злетово, с. Лесново, с. Турско Рудари, с. Пантелеј, Кочани (истата тура може да се изведе и од Пробиштип). Од локалитетот Беровско Езеро или од Берово, добра тура е до Пехчевски Водопади преку Паркач, потоа меловите кај с. Црник и Кукуњето кај с. Нов Истевник. Оф роуд џип сафари може да се изведе по планината Манговица, по планината Серта, пониските јужни делови на Осогово, Влаина и др. Нема потреба од навлегување преку густите шумски подрачја од порано споменатите еко-причини и можните нарушувања на природата (во тој случај може да се размисли за посебна еко-такса или, пак, посебни возила со одредени еко-стандарди или електро-возила). Џип-сафари туризмот може да донесе значителни финансиски ефекти и да биде одлична основа за промоција на ресурсите во ИПР. За да профункционира, треба да се преземат добри организациски мерки преку локални туристички организации кои би дале и промовирале таква атрактивна и флексибилна понуда, самостојно или преку хотели и други туристички субјекти. Регионот има можност дневно да „поднесе“ околу 100 џип возила во разни делови, или околу 200 до 500 туристи дневно или годишен финансиски ефект од околу милион евра. Во овој дел може да се смести и мото-сафарито, односно поминување и разгледување на пејсажите со мотор или четирицикл (мотор со 4 тркала), што може да биде преку свое возило или по принцип на изнајмување. За мото-сафарито важат речиси истите принципи како за џип-сафари, односно избегнување вредни и еколошки сочувани планински простори.

За остварување на претходното неопходно е мапирање на сите патишта и патеки соодветни за џип и мото сафари, како и нивно означување т.е. сигнализација. Посебно треба да се отвори можноста за изнајмување џип, моторцикл, четирицикл, скутер и сл., преку локални агенции, што се практикува речиси насекаде во развиениот туристички свет.

### 10.3.10 Планински велосипедизам (маунтенбајк)

За овој тип туризам можат да се користат најголем дел од обележаните патеки за трекинг и планинарење, освен недостапните места и премини. Во таа смисла, должината на потенцијални маунтбајк патеки во ИПР може да изнесува помеѓу 500 и 700 km, при што треба да се категоризираат патеките според тежината и условите. За лесни патеки, може да се користат оние по планинските била, а како потешки - до ниво на даунхил (спуст), патеките од билата кон речните долини или долински дна. Најдобри услови за маунтбајк има на Осоговски Планини,

потоа на Плачковица, Малешевски Планини и Огражден. Главен проблем е ист како и со трекингот - непостоење места за ноќевање, сè уште неуредени патеки, немање промоција, информација, неможност за изнајмување маунтбајк велосипеди и др. Во таа смисла треба да се преземат мерки, кои не бараат големи вложувања, а ќе имаат добар ефект.

### 10.3.11 Геотуризам

Геотуризмот најчесто е во склоп на активности како трекинг, маунтбајкинг, џип-сафари и други видови разгледување на природата, со тоа што вклучува посета, разгледување, фотографирање и уживање во ретки и интересни геоатракции. Во таа смисла, геотуризмот има можност за добар развој во Пехчевско, преку интересните, маркантни и раритетни ерозивни форми - мелови, особено неколкуте огромни мела кај с. Црник. Речиси подеднакво интересни се и меловите кај с. Смојмирово, односно кај месноста Паркач. Посебно восхитувачка е посетата и разгледувањето на камените кукли и појавата Кукуље кај с. Нов Истевник. За посета на сите овие појави, појдовна точка може да биде Пехчево, Берово или Делчево, бидејќи се на мало меѓусебно растојание (8-10km). Така, во рамките на еднодневна рута може релаксирано да се посетат сите наведени атракции. Во овој простор (Пијанец) се уште камените кукли (Кукуљето) на 3 km ЈЗ од с. Тработивиште, потоа карпите и пештерата Коњска Дупка кај с. Град близу Делчево, Киселичка пештера кај истоимeното село и, секако, местата каде се пронајдени (и се пронаоѓаат) фосили кај с. Стамер. Сите наведени места имаат свои вредности и значајност, а пештерите даваат и авантуристички предизвик бидејќи се долги 20-50 m. Кон север, од аспект на геотуризмот, интересна е целата долина на Каменичка Река со бројните и големи плавини, огромни слоеви наносен материјал, свлечиштата и други појави во областа. Појдовна точка може да биде Македонска Каменица, во чија близина има и бројни други атрактивности. Така, на запад е импозантната Истибањска Клисура со високи карпи, стрмни страни и бројни отсеци со различни форми. На целиот потег од с. Саса до с. Истибања, во карпите повремено се јавуваат црни слоеви од шкрилци богати со рудни наслаги. Посебна геотуристичка вредност има околината на Пробиштип. Во самиот град е уникатната минералошка збирка која наскоро ќе добие нов и репрезентативен простор. Во околината на градот има десетина вулкански купи, а на само 3 km е Лесновскиот кратер, еден од најсочуваните и најинтересните на Балканот. Преку него, може да се согледа бурната геолошка историја на овој простор во последните 30 милиони години. На 5 km јужно од Пробиштип, покрај патот кон с. Злетово има појави на вулкански топки или вулкански бомби, некои од нив совршено заоблени, а слични појави има и кај с. Добрево. Кај с. Злетово се навлегува кон можеби најубавата клисура во ИПР, Злетовската Клисура, чиј најстрмен и најфасцинантен дел (до с. Којково) е долг 10 km. Овде туристите движејќи се дури и само по добриот асфалтен пат, може да уживаат во дивата природа, длабоките речиси кањонски страни, повеќе водопади, прекрасни видици кон остатоците од некогашните вулкани и многу друго. На исток од с. Злетово е уште еден одличен геолокалитет, Раткова Скала, која има изглед на огромни, застрашувачки карпи, составени од кварцити. Во близина на Штип, најинтересни геотуристички локалитети се Исарот и малата Сатеска на Брегалница, потоа долината на Радањска Река, која има речиси вонземски изглед, малиот, но интересен кањон Камник, кој се надоврзува на споменатата долина, како и пештерите под врвот Туртел.

За развојот на геотуризмот, неопходна е изработка на информативни табли кај наведените геоатракции, потоа промоција на геоатракциите преку брошури и веб-портали, како и вклучување на најинтересните геоатракции во туристичките рути. Воедно, одличен чекор во тој правец е создавање и прогласување на гео и геоархеолошки паркови, што е модерен тренд во Европа и во светот. Вакви паркови укажуваат на уникатни геовредности и се многу посетени од туристите. Така, извонредно добри и посетени геопаркови може да бидат Лесновската купа и кратер, Раткова скала, Црничките мелови, Кукуљето, с. Саса и Каменичка Река.

## 10.3.12 Езерски туризам

Во ИПР, услови за типичен езерски туризам има Калиманско Езеро. Според должината на бреговата линија од 40 km и разгранетоста, Калиманци е меѓу најинтересните и најголеми вештачки езера во Македонија. На него постојат добри услови за тури со туристички чамци и сплавови, а должина на кружна пловна рута изнесува одлични 22 km. Покрај тоа, можни се пловни рути од Македонска Каменица до с. Тодоровци или/и обратно (8,5 km), или од с. Луковица до Македонска Каменица (7,5 km). На трите наведени места може да се постават платформи за чамци и сплавови, кои би биле почетни или крајни пловни места. Интересна рута би била и посетата на островот Калата, единствениот на езерото и еден од само трите езерски острови во Македонија. Во таа смисла, одлична погодност би било уредување на островот (кој никогаш не се плави) со пешачка патека, видиковец и платформа за пристанување мали пловни објекти. Освен уживањето во самото езеро, при пловењето можат да се видат различни содржини покрај или на брегот, археолошки остатоци, селски и традиционални објекти и сл. За сите нив, потребни се информативни табли и сигнализација. На Калиманци има погодност и за кајакарење на мирни води, потоа педалинки и други рекреативни пловни активности. Исто така, како што беше спомнато, има солидни услови за летен капалишен туризам и поставување-уредување на неколку плажи. Иако езерото ги привлекува транзитните туристи и патници, покрај брегот нема ниту еден угостителски или сместувачки објект од кој може да се ужива во восхитувачката глетка. Всушност, покрај желбата барем накратко да се застане, моментално има само 3-4 диви и неуредени паркинзи на кои може да се застане и тоа само доколку се оди во насока кон Делчево (во спротивен правец е многу опасно). Затоа е потребно да се овозможи и стимулира туристичката изградба и уредувањето на крајбрежната атрактивна зона. Според изведените проценки, во летниот период, на ез. Калиманци може да престојуваат дневно околу 500-1000 туристи, односно во текот на годината околу 30 000, што би претставувало финансиски ефект од околу 1-3 милиони евра.

Покрај Калиманско Езеро, одреден степен на развој на езерски туризам веќе има на Беровско Езеро и на езерото Гратче. Беровското Езеро овозможува рекреација и спортови на вода како кајакарење, тури со чамец околу езерото (во должина од 5 km), педалинки, потоа риболов и други активности. Овде веќе се организира натпревар во кајакарство. Добра можност е да се најде начин за туристичко разгледување на езерото со електричен чамец за група од 4-12 туристи, излет со чамец до некој локалитет на спротивниот брег, потоа изнајмување гумени или дрвени чамци и др. Езерото Гратче, иако е значително помало, ги има истите можности како претходните езера. Всушност, овде веќе развојот на езерскиот туризам е во тек, со означени патеки и објекти околу езерото, реновиран хотел, плажа на самото езеро (која треба да се доуреди), неколку пловни објекти (потребна е пристанишна платформа) и др.

## 10.3.13 Летен капалишен туризам и активности на вода

Летниот капалишен туризам има добри услови за развој во подрачјето на ИПР. Посебно добри погодности има Калиманско Езеро. На самото езеро има барем 3 потега кои одговараат за уредување плажи, особено кај с. Тодоровци и с. Луковица. Во летниот период температурата на водата во езерото е обично 20-25°C, што значи пријатна за капење. Исто така, задоволува и нејзиниот квалитет, кој се движи во рамките на II класа (освен во заливот кон Каменица). Единствен проблем е осцилацијата на нивото на водата поради празнењето на езерото во летниот период. Овој проблем во идниот период може да се реши единствено преку изградба на уште една помала акумулација на Брегалница спротиводно од Калиманци до с. Очипале или, пак, повеќе мали акумулации на притоките на Брегалница над Калиманци.

Покрај Калиманци, добри услови за капалишен туризам и активности на вода има на езерото Гратче, посебно со оглед на близината на градот Кочани. На Беровско Езеро, поради

пониската температура на водата, наместо капалишен туризам, можни се активности на вода: кајакарство, сплаварење, педалинки и др. За унапредувањето на летниот капалишен туризам во ИПР, потребна е изградба/реновирање/доградба на базени во речиси сите градови освен Пробиштип во кој веќе е изграден атрактивен аква-парк. Неколкугодишното искуство со овој аква-рекреативен објект покажува колку голем број туристи може да се привлечат за кратко време. Ако се земе предвид демографско-гравитациската состојба во ИПР, аква-парк содржини (базени, рекреација на и во вода) се потребни во Штип, Кочани и Делчево. При тоа треба да се внимава на изборот на локација, типот на објекти, понудените содржини, цената и др.

## 10.3.14 Ловен туризам

На подрачјето на ИПР има одлични услови за развој на ловниот туризам, како за домашните, така и за странските туристи. Сепак, од 40-тина ловишта во регионот само неколку се средени и подготвени за туристичка функција. Такви се двете оградени ловишта „Полаки“ и „Конче“, потоа ловиштето Голак и др. Всушност, речиси сите ловишта можат да развиваат туристичка дејност, особено планинските со крупен дивеч, кој е доста баран и за кој многу се плаќа. Според расположивите податоци, на подрачјето на ИПР за ловен туризам годишно доаѓаат околу 1000-1200 странски ловџии. За да можат да дојдат, ловните друштва испраќаат нотарски заверена покана до регионалниот центар за гранични работи при МВР. Дневен билет за лов која треба да ја платат обично изнесува 50 евра, а кога се лови заштитен дивеч плаќаат дневен билет од 20 евра и 20-30 евра за бројка застрелан дивеч. Кога одат на лов се придружувани од ловни водичи на друштвото, кои се грижат за отстреланиот дивеч, да не се лови на истите места за да не се исплаши птицата и др. Странците најчесто доаѓаат со сопствена опрема, теренски возила и ловно оружје. Често се случува со себе да ги носат и своите ловечки кучиња кои ги тренираат при ловот. Од неколкудневниот престој на ловџиите и нивното учество во спортски туризам бенефит има целата заедница. Тие ги користат објектите за престој и ги посетуваат угостителските објекти во градот. Најголемиот дел од овие спортски туристи се враќаат и следната година. Инаку, најдобри подрачја и постојни ловишта за развој на ловен туризам се на Осоговски Планини (ловиште „Плаки“), на Конечка Планина (ловиште „Конче“), кај Делчево (ловиште „Голак“), на Манговица (уредување на некое постоечко ловиште) и сл. За да оствари ловиштето добри резултати, неопходно е негово туристичко оформување, изградба - обезбедување мотел или ловечки дом, ловечки манифестации, натпревари, дополнителни понуди и активности и др.

## 10.3.15 Риболовен туризам

Со оглед на бројните планински водотеци и богатството од риба, како и постоењето на голем број вештачки езера, ИПР има сосема солидни услови за развој на риболовен туризам. Најдобри можности за тоа има Калиманско Езеро, езеро Гратче, Беровско Езеро, езерото Сандански (чија намена е токму тоа), Езеро Лошана кај с. Тработивиште, Пишичко Езеро (кое поради пробивање на браната е исушено, но се очекува до 2018 година да се реизгради), потоа Брегалница од Калиманци до влезот во Кочанско Поле, Злетовска Река до с. Злетово, река Осојница низ клисурата и сл. Според риболовната основа за сливот на Брегалница (2011), подрачјето на ИПР е поделено на 5 риболовни ревири од извориштето („Брегалница 1“) до вливот на Светиниколска Река („Брегалница 5“). Во горните текови на постојаните реки е присутна речната пастрмка, а пониско се јавува скобуст, кленот, кркушката, крап, мрена и др. Во езерото Калиманци присутен е и сомот. За развојот на риболовниот туризам на потребното ниво, во следниот период неопходно е уредување на рибните ревири и погодните места за рибарење, вклучување на овој тип туризам во понудата на риболовните друштва, агенциите и другите засегнати институции, поедноставување на постапката за издавање на повеќедневна дозвола за риболов, можности за купување или изнајмување рибарска опрема, поставување

риболовни платформи, посебно на езерата, оформување комплетни риболовно-туристички аранжмани, промоција и презентација на овој вид туризам и др. Во таа смисла, сместувачките капацитети и локалните туристички агенции/бироа треба да имаат соработка со риболовните друштва и повеќе информации преку брошури, контакти и сл. И овде еден од главните проблеми е немањето сместувачко-угостителски капацитети во близина на поголемите водни објекти како Калиманско Езеро, Пишица, Лошана и други.

### 10.3.16 Параглајдинг

Во ИПР на повеќе места има одлични услови за параглајдинг. Тоа се: Туртел и неговата околина кон Кочанско Поле; с. Лешки кон Кочани; Лесново кон с. Злетово; Голак кон Делчевско и други. Туртел нуди најдобри услови од причина што речиси до самиот врв има асфалтен пат, просторот околу врвот е широк, а северната падина доста стрмна, додека Кочанско Поле е зарамнето и пространо. Исто така, висинската разлика е многу голема и на 5 km хоризонтално растојание изнесува дури 1000 m (до с. Зрновци, с. Мородвис и с. Видовиште). Над с. Видовиште и с. Зрновци има исто така убави терени за спуст со параглајдинг од помала височина (300-400 m висинска разлика на 1,5 km хоризонтално растојание), до кои води добар макадамски пат. На овој простор има и погодни ветрови кои дуваат по падините на Плачковица од југ кон север.

На Осогово, кај с. Лешки (980 m) над Кочани, на патот кон Поникава има добар и отворен терен за параглајдинг. Должината на линијата изнесува 6-7 km, а денивелацијата е околу 500 m. Околу Пробиштип, добри терени за параглајдинг има од Лесновската купа и од Црни Врв (1115 m). На ЈЗ раб на Лесновскиот кратер, кај месноста „Бело Место“ има зарамнина со пречник од 50 m и на височина од 890 m. Од тука, можен е 2-3km долг лет во правец на с. Злетово, с. Древено или Пробиштип, при денивелацијата од 300-350 m. Теренот од с. Злетово до с. Древено и Пробиштип е со мал наклон, отворен, питом и погоден за слетување. Слични услови има и од Црни Врв, но овде временските услови знаат да бидат нагло променливи. На планината Голак, на неколку места по патот за рекреативниот комплекс кај врвот Чавка има добри места за параглајдинг, посебно над Видиковец (830 m). Овде, на растојание од 2,5 km кон североисток (кон Делчево) денивелацијата изнесува околу 250 m. За сите наведени локации е значајно што освен добри природни услови, веќе имаат некаква инфраструктура, а блиску се и до локалните градови (Кочани, Пробиштип, Делчево).

### 10.3.17 Адреналински паркови

Адреналинските паркови се изградени и уредени спортско-рекреативни содржини на релативно мал простор (обично од неколку стотици m$^2$ до неколку хектари) и на одредена височина над тлото (обично неколку метри до неколку десетици метри). Се состојат од разни премини преку јажиња, јаженивисечки мостови, сајли, високи платформи и сл., при што се јавува силна возбуда, понекогаш страв, но и задоволство кога ќе се заврши патеката. Адреналинските паркови не бараат големи инвестиции, а се особено барани кај туристите желни за адреналинско и авантуристичко доживување. Секако, за нивно поставување има строги сигурносни и други стандарди што мора да се почитуваат. Во рамките на ИПР, речиси секој рекреативен туристички локалитет со сместувачко-угостителски капацитет може да постави адреналински парк за возрасни или деца. Сепак, обично тоа се практикува во локалитети лоцирани во шумски подрачја, на чист воздух и подалеку од градските средини. Со адреналинските паркови, при мали вложувања (неколку десетици до стотина илјади евра), ќе се збогати понудата на одреден туристички центар, како и интересот за негова посета.

## 10.3.18 Зип-линии (zip-line)

Зиплајн е туристичка атракција, која слично на адреналинските паркови, во последните десетина години станува сè побарана и позастапена во светот, во Европа, па и на Балканскиот Полуостров. Се очекува наскоро оваа атрактивност да се рашири и во Република Македонија. Тоа е цврста, челична сајла (понекогаш 2 сајли заради подобра сигурност) која поврзува две блиски места на различна височина, така што овозможува спуштање од повисокото кон пониското место и претставува вистинско адреналинско доживување. Ваква содржина, која не бара особено големи финансиски средства, ќе ја зголеми атрактивноста на некои места и дополнително ќе привлече значителен број туристи. Поставување зип линии се смета дека не влијае неповолно врз животната средина, а ќе овозможи фантастична глетка на пејсажите. За поставување зип-линии важно е истите да не бидат премногу долги (не повеќе од 500-600 m), да има доволен (но не преголем) наклон и сл. Во ИПР има многу погодни локации за зип линии, но најрационално е истите да бидат поставени до или близу постоечките, односно потенцијалните атрактивни туристички локалитети, и тоа на помала надморска височина (места со повисоки температури во годината и со слаб ветер). Така, погодни траси за почеток би биле од возвишенијата и ридовите кај Штип, околу с. Злетово, во близина на Кочани и на Делчево, кај Лесново, во клисурата на Зрновска Река, кај меловите и кукуљето, над Кочани, кај с. Град и сл. Зип линии можат да бидат и во склоп на адреналински паркови.

## 10.3.19 Аеротуризам и едриличарство

На подрачјето на ИПР има мошне погодни услови за летање и разгледување со лесни спортско-туристички авиони и едрилици. Овде е и еден од подобрите аеро-клубови од Штип, оформен уште во далечната 1924 година. За своите потреби овој аеро-клуб го користи спортско-туристичкиот аеродром во Штип. Во рамките на аеро-клубот постои и воздухопловна школа која врши обука на пилоти на авиони, пилоти на едрилица, моделари, падобранци и параглајдеристи. Десетина години по ред клубот е организатор на Светскиот куп во ракетно моделарство, а учествува и на европските и светските првенства каде бележи значајни успеси. Аеро-клубот располага со авиони од типот Цесна (четворосед), Утва (двосед) и едрилици (двоседи и едноседи). Едрилиците двоседи се користат за туристи кои немаат дозвола за летање и нив ги вози пилот. Летот може да трае неколку часа, може да се прелетаат и поголеми дистанци, а летот чини триесетина евра и претставува вистинско доживување. Од 2000 година па наваму се забележува зголемен интерес за летање од страна на туристите и нивниот број постојано расте. Услугите ги користат околу триесетина туристи годишно од кои поголемиот дел се домашни. Бидејќи летањето е поврзано со временските услови, како најдобра сезона за летање се препорачуваат пролетните и летните месеци, иако не е исклучок да се лета и есен и зима. Најчесто се лета за време на викенди. Современите светски трендови ја наметнуваат потребата за нови активности. Се планира идниот развој на аеро-клубот да биде насочен кон формирање такси-авијација, поради сè поголемиот интерес од страна на бизнис секторот за патување до познатите европски дестинации (Ташков и Методијевски, 2009). За поголема застапеност на овој вид туризам неопходно е зголемување на бројот и квалитетот на авиони (по можност набавка на 2 помали цивилни хеликоптери), потоа поголема промоција и информирање, изготвување понуди, веб-презентација и др. Исто така, интересна можност би била кружно разгледување на ИПР или слетување на друг спортски аеродром во регионот (дури и уредување на нов спортски аеродром во Беровско) со кратка посета на тој дел.

## 10.3.20 Алпинизам

На подрачјето на ИПР типичен алпинизам може да се практикува кај локалитетот Раткова Скала. Овде станува збор за цврсти карпи-кварцити, со отсеци високи повеќе од 150 m.

Најголемата висинска разлика од подножјето на карпата до врвот изнесува 350 m, преку 3 вертикали. Можни се неколку алпинистички насоки со различен степен на тежина. Самиот локалитет до кој сега се доаѓа преку земјен пат од с. Шталковица ќе биде многу подостапен со изградбата на патот Пробиштип-Пониква. Сепак, алпинизмот и зголеменото антропогено влијание може да имаат негативен импакт врз уникатниот биодиверзитет и некои загрозени видови птици како египетскиот мршојадец, златниот орел и др. Ваквите влијанија и закани треба да ги процени одделна студија. Во поширокиот простор, особено низ клисурата на Злетовска Река има уште неколку места со вертикални отсеци помеѓу 30 и 80 m, меѓутоа нивната атрактивност во алпинистички поглед е помала. Добри алпинистички насоки високи до 100 м, можат да се постават и на варовничките отсеци кај с. Град близу Делчево.

### 10.3.21 Други туристички активности

Освен наведените видови туризам, во разгледуваниот период 2016-2025 година треба да се посвети внимание на развој на туризмот поврзан со јавање коњи, потоа прошетка со магарења, летање со балон, скајдајвинг (летење со крило), бејз-џампинг (скок со падобран од вертикална карпа), картинг, 7Д виртуелна прошетка низ регионот, прошетка со туристички вагон - воз од Велес до Кочани и др.

Со оглед на бројната застапеност на рудниците на подрачјето на ИПР, како и на старите напуштени рударски окна и јами, а согласно интересот на туристите за посета на вакви објекти, може да се посетат рудниците во Саса или Добрево, односно Пробиштип. Покрај другото, на овие простори рударството е многу старо, со одредени археолошки траги на рударење уште од античко време. Сепак, при организација на ваква туристичка понуда мора да се внимава на безбедноста на туристите, потоа на добрата информираност за рударењето, богатствата од разни минерали и слично.




***Слика 3.*** *Карта на типови туризам во ИПР поврзани со природните атрактивности (оригинал)*

## 10.4 Интегрирани туристички производи и понуди

Интегрираните производи и понуди вклучуваат посета, набљудување, разгледување, користење и престој на подрачја, настани и содржини од различни туристички категории: културни, природни, шопинг, амбиентални и др. Интегралните понуди воедно подразбираат и посета на повеќе различни по карактер туристички места низ регионот, но и комбинација со содржини и атракции надвор од регионот (обично со соседните региони). Предноста на интегрираните производи и понуди е што се разбива монотонијата од само еден тип содржини (само културни, само археолошки, само верски и слично).

Поради својата разновидност (изразена и низ постоењето на 6-те туристички субрегиони), ИПР има одлични услови за создавање интегрирани понуди. Таква може да биде посетата на Лесновскиот Манастир, но едновремено и разгледување и запознавање со бурното вулканско минато и вулканите на овој простор, потоа посета на блиското село Злетово, но и на преубавата клисура на Злетовска Река, која наместа има карактеристики на кањон. Слични понуди се можни со комбинација на културните содржини и атракции во подножјето на Плачковица (Мородвис, Баргала, Виничко Кале) и престој и прошетка по највисоките делови околу Туртел (одлична панорама, пештери, долини и др.). Некои примери на интегрални производи се дадени преку туристичките рути во следното поглавје.

### 10.4.1 Туристички рути

Туристичка рута претставува претходно наменски означена и подготвена патна релација долж која има значајни природни, културни и историски вредности примамливи за набљудување, разгледување и осознавање од страна на туристите. Тоа е современа форма на т.н. нестационарен туризам која сè повеќе се бара од страна на туристите. Источниот плански регион има солидна основа и можност да го заживее туризмот во овој простор токму преку ваков нестационарен тип на посета, односно преку добро осмислени туристички рути.

Самиот пристап за идејно осмислување на туристички рути во подрачјето на ИПР ги има во предвид претходните сознанија базирани на:

- Значителните природни, културни и историски вредности на регионот кои се недоволно презентирани, искористени и валоризирани;
- Еколошки сочувана и чиста природна средина;
- Досегашната недоволно искористена можност за развој на атрактивни туристички производи;
- Туристички сектор со потпросечни резултати;
- Релативно погодната сообраќајна положба која уште повеќе ќе се подобри со отворање на граничниот премин Клепало кај Берово;
- Постоење на солидна мрежа од асфалтни патишта од понизок ранг;
- Модернизирање и изградба на нови патни правци низ регионот, изградбата на автопатот до Штип и повеќе експресни патишта;
- Опасност од девастација на природното и уништување на културно-историското наследство;
- Туризмот како генератор на економскиот раст во Источниот плански регион и фактор за економска самоодржливост на одредени локации, производи, рути или занаети.

При проценка на природната и културно-историската содржина во креирањето на туристичките производи и рути треба да се води сметка за севкупната атрактивност, потоа за понудата и интерактивноста на рутата, изразени преку следното:

- Локација

- Тип на споменик
- Природна или културна вредност на локацијата
- Автентичност на локацијата
- Зачуваност на споменикот
- Тип на посета
- Прифатен капацитет на локалитетот
- Сигурност на локацијата
- Туристичка достапност на локацијата
- Поширока атрактивна зона
- Степен на користење
- Можност за групирање во одредена туристичка рута
- Атрактивност на локацијата

Атрактивноста на една локација како туристички производ и дел од една туристичка рута во ИПР, а со тоа и на комплетната туристичка рута, треба да се изведе со проценка на следните категории:

- Природна вредност, уникатност
- Естетска вредност
- Архитектонска, историска или уметничка вредност
- Едукативна вредност
- Општествена вредност
- Реткост, репрезентативност
- Евокативност - се врзува со легенди, митови, приказни ...
- Задоволување на одредени цели

При креирање на туристичките производи во ИПР исто така задолжително се земаат предвид потребите на патникот, посетителот или туристот, неговите очекувања и мотивација да се вклучи во некои од предложените туристички рути. При сето ова мора да се води сметка и за важноста на маркетингот и начинот на кој ќе се претставаат туристичките производи во една туристичка рута, со цел нивно подобро позиционирање на туристичкиот пазар.

Во склоп на мултидисциплинарниот приод во креирањето на туристичките производи и туристичките рути во Источниот плански регион треба да се следат и одредени европски искуства кои препорачуваат да се обрне внимание на практичниот развој на рутата, евидентирањето на ресурсите, евалуација на содржината и сите други аспекти кои се дел од движењето на туристите и посетителите долж една рута.

При креирање, организација, но пред сѐ при реализација на рутите и турите треба да бидат вклучени неколку препорачани елементи за патувањето на посетителите да се направи што е можно попријатно. Би ги навеле следните препораки на кои треба да се обрне особена важност:

- Временски период, т.е. времетраењето на една тура или рута
- Оптималната должина на една рута/тура
- Задржувањето на едно место/локација/споменик
- Тип на пауза
- Тип на споменик кој се посетува
- Атрактивноста на локацијата

Атрактивноста на локацијата е основа да се создаде еден туристички производ базиран на еден или повеќе слични културно-историски споменици. Во креирањето на оваа категорија мора да се земат неколку важни репери во кои спаѓаат: можната природна вредност na локацијата, уникатноста, естетската вредност, архитектонска, историска или уметничка

вредност, едукативна вредност, општествена вредност, реткост/ репрезентативност, евокативност (дали се врзува со легенди, митови, приказни), дали задоволува одредени цели (пр. аџилак) и др.

Препорачливо е кога еднаш ќе се создаде одредена рута и/или тура, таа мора да има однапред строго потцртан итинерар од кој ретко има отстапувања. Во рамките на рутите и турите не се дозволени импровизации. Алтернатива на одредена дестинација може да има, но не е пожелно да се упатуваат луѓето кон друга локација освен кон онаа којашто стои во итинераторт. Факултативен излет може да постои само ако една рута/тура е составена од повеќе денови, но и во тој случај за секоја дестинација мора однапред да се знаат факултативните излети и да бидат создадени можности за нивна реализација.

Во продолжение се дадени неколку примери на туристички рути од различен вид. Мора да се напомене дека е неопходна изработка на посебна студија, каде детално ќе се разработат најатрактивните и најперспективните туристички рути во регионот.

### 10.4.2 Предлог тематски туристички рути во ИПР

**"По патот на Византиските фрески"**, регионална рута долж ИПР, сса 200 км - од Скопје - Штип - Скопје, во времетраење: од 7 - 9 часа со возило (автомобил или автобус).

Тргнување од Скопје и патување преку автопатот кој поминува крај Велес. Пристигнување во Штип и панорамски разглед на градот со вклучена пешачка тура која ги опфаќа: Црква Св. Архангел Главатов (14 век), Црква Св. Архангел Михаил - Фитија (14 век), Црква Св. Јован (1350 год.) и Црквата Св. Спас (1369 год.). По паузата за ручек и освежувањето со можна промоција за средновековни јадења, турата продолжува со посета на тврдината „Исарот" и завршува со посети на Црква Св.Никола (1867 год.) во чиј склоп на првиот кат се наоѓа галерија на фрески. Турата завршува доцна попладне на зборното место во Скопје.

Целта на оваа еднодневна тура низ Источниот дел на Република Македонија е спојот и промоција на културно-историското наследство од византискиот период. Како дополнителен маркетинг, потребно да се направи трасирање, картирање и изработка на промотивни материјали за сите локации.

**"Трагите на Отоманското наследство низ вековите"**, регионална рута вдолж Источниот дел на Република Македонија, сса 200 км - од Скопје - Штип - Скопје, во времетраење: од 7 - 9 часа со возило (автомобил или автобус). Тргнување од Скопје и патување преку автопатот кој поминува крај Велес. Пристигнување во Штип и панорамски разглед на градот со вклучена пешачка тура која ги опфаќа: Мост на Султан Ќучук Емир (17 век), Саат кула (17 век), Хусамедин - паша џамија (17 век) и Кадин Ана џамијата (19 век) и Безистен (16-17 век). По паузата за ручек и освежувањето со можна промоција за турски јадења, турата продолжува со посета на тврдината „Исарот". Турата евентуално може да се заокружи со посета на Музејот на град Штип, каде би се погледнала поставката со акцентот на отоманскиот период. Турата завршува доцна попладне на зборното место во Скопје.

Целта на оваа еднодневна тура низ Источниот дел на Република Македонија е спојот и промоција на културно-историското наследство од отоманскиот период. Како дополнителен маркетинг, потребно да се направи трасирање, картирање и изработка на промотивни материјали за сите локации.

### 10.4.3 Предлог интегрирани туристички рути во ИПР

**"По вулканите на Истокот"**, регионална рута вдолж ИПР, сса 160 км - од Штип - Пробиштип - Лесново, во времетраење: од 9 - 10 часа со возило (автомобил или мал автобус). Тргнување од Штип и патување преку регионалниот пат за Пробиштип. Пристигнување во

Пробиштип и разгледување на градот со посета на минеролошката збирка. Патување до с. Добрево и набљудување на околните изгаснати вулкани. Продолжување до с. Лесново, разгледување на селото и посета на манастирот во селото. Набљудување и запознавање со вулканот и кратерот. Посета на вулканските пештери и места каде се вадени воденички камења. Панорамско набљудување на вулканите од видиковецот кај кратерот. Поминување низ Злетово и разгледување на преубавата долина на Злетовска Река до рибникот. Пауза за ручек. Посета на с. Злетово. Турата завршува доцна попладне на зборното место во Штип.

Целта на оваа еднодневна тура низ Источниот дел на Република Македонија е спојот и промоција на уникатното природно и културно-историското наследство. Потребно да се направи трасирање, картирање и изработка на промотивни материјали за сите локации.

**"Низ клисурите на Истокот"**, дводневна регионална рута вдолж ИПР, cca 250 км, на релација: појдовна точка (Штип) - Злетово - Злетовска Река (со застанување на водопадите кај с. Јамиште до браната и Кнежевско Езеро. Потоа патување до с. Зрновци со пауза за ручек. Кратко навлегување во клисурата на Зрновска Река и уживање во преубавата природа. Патување кон с. Смојмирово и Делчево. Сместување во градот, разгледување и ноќевање. Следниот ден посета на клисурата на Каменичка Река до рудникот Саса со разгледување. Враќање и кратко застанување во Македонска Каменица. Застанување на видиковците кај Калиманско Езеро и минување низ Истибањска Клисура со застанување кај с. Истибања. Поминување низ Кочани до браната Гратче. Пауза за ручек. Турата завршува доцна попладне на зборното место (во Штип).

Целта на оваа дводневна интегрирана тура низ ИПР е спојот и промоција на уникатното, претежно природно, но и културно наследство и тоа низ повеќе делови на регионот. Со тоа се добива солидна претстава за целиот регион.

### 10.4.4 Предлог на други туристички производи

**"Пастрмајлијада плус топ 10" - з**а време на пастрмајлијадата да се организираат посета на најдобрите 10 атракции во Штип ( Исар, Музеј, Безистен, Музеј во Ново село, Мостот на султанот Емир Ќучук, ...) Да се направи обид за задржување на посетителите на еден ден повеќе престој.

**"Макфест плус топ 10"** - за време на одржување овој фестивал со оглед на пријатно време за прошетка може да се организира посетата/ рутата низ Штип.

**"Враќање во минатото и кон природата " -** за време на Етно фест Берово, збогатување со содржини, прошетки во природа. Еднодневна рута со можност за продолжување во дводневна.

**"3 плус 3" ( три плус три ) -** Еднодневна археолошка/ музејска рута, Баргала – Карбинци, Црквиште – Мородвис, Виничко Кале со посета на со посета на музеи во Виница, Штип, Ново Село, заеднички организиран ручек. Рутата може да биде наменета на туристи кои се веќе во земјава и кои се вљубеници во археологијата и музеите.

**"Манастирите на истокот"**- дводневна тура со организирана посета на Св.Богородица - Ново Село, Св. Никола – Штип, Лесновски манастир, Св. Архангел Михаил – Берово, Рождество на Пресвета Богородица – Берово, Св. Ѓорѓи - Горни Козјак, Св. Богородица.-Балаклија во Делчево, Св. Василиј Велики – Пониква, Св. Никола -Штип – Кочани, Успение на Пресвета Богородица – Берово, Св. Архангел Михаил – Драмче. Посета на 10-тина цркви и манастири од регионот за туристите вљубеници во верскиот туризам. Можна комбинација со други цркви или додавање на атрактивни манастири од Струмичко.

**"Патот на оризот"** - туристички производ во кој е понуден специфичен облик на одмор, кој ги комбинира набљудувањето, директното учество во активностите поврзани со одгледување на оризот, дегустацијата на храна подготвена со оваа земјоделска култура,

поврзани со посета и уживање во природните убавини, набљудување на живиот свет (водни птици и животни), посета на културно–историски споменици и искусување на традицијата

**“Летна школа на екологисти“** – проект кој во форма на еко–село ќе го подобрува знаењата на младите за зачувување на животната средина заради нејзино одржливо искористување истовремено откривајќи ги и учејќи за животот и традицијата во руралните области.

**“Да ја зачуваме традицијата“** - проект што се фокусира на заштита и искористување на традиционалните начини на живеење и стопанисување, а во функција на промоција на руралниот туризам.

### 10.4.1 Предлог на клучни проекти за развој на туризмот во ИПР

Во прегледот подолу се претставени 15 проекти кои се од клучно значење за зголемување на туристичката понуда, потрошувачка и севкупните ефекти од туризмот во ИПР. Тие се само дел од голем број на предлог проекти, мерки и активности, презентирани во акциониот план. Наведените проекти не бараат изразито високи финансиски средства, можат да се спроведат во релативно кус временски период (3-5 години), а ќе имаат значаен севкупен ефект.

**Создавање координативно тело/кластер за развој на туризмот во ИПР**. Целта на овој проект е формирање координативно тело кое ќе има доделена задача за дефинирање и мониторинг на спроведувањето на клучните политики за развој на туризмот во ИПР.

**Формирање на туристичко-информативни центри (ТИЦ) во општините**. Ова е многу значаен проект бидејќи туристичко-информативните центри се неопходна алка за забрзан развој на туризмот во регионот. Во таа смисла, проектот ќе опфати идентификација на стратешки локации за формирање туристичко-информативни центри. Потоа ќе следи формирање, опремување и дефинирање на работата на туристичките информативни центри. Крајна цел е испорака на услуги и информации до туристите.

**Проект за изведување на обуки за изучување странски јазици на вработените во туристичкиот сектор на ИПР**. Целта е подигање на степенот на познавање на англискиот јазик кај туристичките работници, кој сè уште е на многу ниско ниво. Особено е неопходно запознавање и изучување на англискиот јазик за вработени во туристичкиот сектор кои воспоставуваат директен контакт со туристите.

**“Патоказ до атрактивноста на ИПР“**. Проектот треба да опфати повеќе активности, и тоа: Поставување туристичка сигнализација до сите постојни туристички атрактивности во ИПР. Означување на културно историските објекти/споменици, со соодветни табли и патокази, на македонски и англиски јазик, работно време, цени и др. според ЕУ стандарди за туристичка сигнализација. Поставување туристички информативни табли и мапи на македонски и англиски јазик (по можност и на трет светски јазик) кај селектираните значајни атракции во регионот, со интересни и концизни податоци за атракцијата и приказ на квалитетни мапи (заради ориентација и планирање на патот). Користење природни материјали и добра заштита од надворешни влијанија.

**“Туристички рути низ Источниот плански регион”.** Проект кој ќе опфати изработка на студија за создавање/креирање оптимални регионални, национални и/или меѓународни рути кои ќе ги опфатат природните и културните ресурси на ИПР. Изработка на мапи и брошури за соодветните рути. Понуда на рутите на локалните и национални туристички агенции.

**Обука на туристички водичи, за локално и регионално ниво**. Цели: организирање обука и преквалификација за туристички водичи, за потребите на туристичкиот развој на општинско

ниво и на ниво на ИПР. Тоа е поради фактот што според законските одредби е дозволено само лиценцирани водичи да водат групи и туристи низ туристичките дестинации во РМ.

**Проект за изведување обуки за локалното население и младите, како да се вклучат во развојот на туризмот.** Едукација преку обуки на населението како да комуницираат со туристите, да бидат подобри домаќини и да обезбедат дополнителни средства од туризмот во ИПР

**„Паркирај се и фотографирај“**. Изградба/реконструкција/уредување на паркинг-проширувања на атрактивни локации долж позначајните патишта, со поставување видиковец, санитарен објект, клупи. Особено потребно покрај ез. Клаиманци (над браната и кај с. Тодоровци); кај м.в.Средорек - проширувањето (паркинг просторот) кај Злетовска река на влезот кај с. Уларци општина Чешиново-Облешево; потоа на патот Виница-Берово низ клисурата на Осојница; на патот Пробиштип-Кратово кај с. Кундино; на патот за с. Лесново; на патот за Пониква; за с. Цера и др. Заради постигнување економски ефект, можни и потребни се комерцијални содржини до паркинг-позициите, како: сувенирници, мини-ресторани и сл.

**Рурална куќа.** Презентирање на бенефитите од развој на сместувачки капацитети кај населението во потенцијалните „туристички села“. Изработка на стандарди на рурални куќи според традиционалната архитектура на ИПР. Изградба на нови куќи со двор и базен. Реконструкција или адаптација на постоечки селски куќи во кои не се живее, во сместувачки капацитети.

**„5 нови планинарски домови во ИПР“**. Реконструкција на 5 постоечки јавни објекти и нивна пренамена-адаптација во планинарски домови. Особено потребно на планината Осогово кај с. Цера, потоа помеѓу Лопен и Длгидел, во областа под врвот Руен, на источниот дел на Плачковица и на планината Влаина. Неопходност за развој на трекинг и планинарење.

**„Геопаркови на Истокот“**. Изработка на студии и воспоставување - прогласување на првите геопаркови во ИПР и во Република Македонија. Геопаркови се одлична можност за промоција и валоризација на природните атракции на ИПР. Особено туристички потребни и погодни се: Геопарк „Лесново“, Геопарк „Каменица“, Геопарк „Желевица“, Геопарк „Туртел“, Геопарк „Зрновска Река“ и Геопарк „Равна Река“.

**Изработка на промотивен материјал за туризмот во ИПР**. Изработка на брошурки за <u>најзначајните</u> објекти, локалитети, обичаи, настани, со цел популаризација на истите и запознавање на домашните потенцијални туристи. Брошурите можат да содржат и легенди и приказни кои на интересен начин ќе ги доближат атракциите до потенцијалните туристи. Создавање квалитетен промотивен материјал од типот на промотивни видеа, висококвалитетни фотографии, и нивно поставување на соодветен туристички портал и интеграција со социјалните мрежи. Поставување на овие материјали во „Публиц” домен, со што се отвора можноста истите да бидат употребени во промотивни цели од секое заинтересирано лице или, пак, фирма, нормално со претходна дозвола на имателот на овие дела. Оваа практика е покажана како успешна во многу примери и истата значително ги олеснува промотивните кампањи на туристичките агенции, хотелите, рестораните, општините и сл.

**Туристички портал на ИПР.** ГИС мапирање на туристичките атрактивности и изработка на веб туристички портал за ИПР. Овој портал би бил корисен како за странците, преку запознавање со сите атракции, понуди и сместувачки објекти во регионот, така и за заинтересирани лица и компании од регионот и од Македонија, кои нудат некој производ или услуга поврзани со туризмот. Покрај можноста за регистрација во базата, добра пракса е базата да има и едукативен карактер за потенцијалните интересенти, односно да нуди и стручна литература неопходна за едукација. На пр. - кои се минималните предуслови за одредено семејство да го нуди својот дом, или куќа за сместување на туристи, што е потребно и на кој начин се станува туристички водич, законски прописи во областа на туризмот итн.

**Е-туристичка промоција на сместувачките капацитети во ИПР**. Овој проект ќе има за цел да се зголеми застапеноста и промоцијата на сместувачките капацитети во ИПР (која сега е на многу ниско ниво) на глобалните интернет туристички портали: Booking, Expedia, AirBNB. Според искуствата од регионот и од Македонија, присутноста на сместувачки објекти на овие портали, значи неколкукратна зголемена посетеност, посебно ако се води сметка за брзо и позитивно реагирање на забелешките, барањата и потребите на туристите. Со тоа ќе се покачи нивото на услуги и севкупниот ефект од туризмот во регионот.

**„Разгледај го Истокот“**. Проект со кој ќе се анимираат заинтересираните субјекти за понуда на велосипеди, џип-тури, минибус тури и други начини за посета и запознавање на туристите со локалните природни атракции, пејсажите, културата и традицијата во ИПР или одредени делови на регионот. Целта на проектот е зголемување на понудата за т.н. динамичен туризам што станува сè повеќе баран од туристите, како и постигнување на финансиски ефекти од туристичката активност.

# 11.РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ И АКЦИОНИОТ ПЛАН НА ИПР

## 11.1 Туристичка дестинација

Туристичката дестинација претставува своевиден жив организам, во кој се одвива сложен туристички процес. Станува збор за интеракција меѓу туристите и носителите на туристичката понуда. Заради неопходноста од интегрален приод кон задоволување на туристичките потреби и успешно одвивање на туристичкиот процес, туристичката дестинација мора да креира специфична внатрешна структура, во која секој релевантен субјект од страната на понудата ќе заземе посебно место и во рамките на сопствените можности ќе придонесе за унапредување на квалитетот на дестинацискиот амалгам. Истовремено, туристичката дестинација претставува отворен и динамичен систем, чија функционалност зависи од условите кои ги диктира определено општествено, политичко, правно и економско окружување, во пошироките регионални, односно национални рамки. Според тоа, заради непречено функционирање на сложениот туристички процес, во Источниот плански регион треба да се формира регионална туристичка организација - РТО (организација за управување со туристичката дестинација - ОУД), која ќе ги поврзе и во која ќе учествуват буквално сите засегнати страни, односно сите поединци и субјекти заинтересирани за развој на туризмот (Слика ).




***Слика 4** Организациска позиција на РТО/ОУД во координацијата на секторите*

Како што е прикажано погоре, регионалната туристичка организација (РТО или ОУД) треба да биде во средината на развојните интереси на секторите кои се активни во средината, да ги координира нивните интереси и да насочува и поддржува одржлив развој на туризмот и негов маркетинг.

## 11.2 Организација за управување со туристичката дестинација

Регионалната туристичката организација ја сочинуваат голем број субјекти. Според предложената организациона поставеност, Регионалната туристичката организација ја формира Советот на ИПР, чии членови ја согледале важноста на феноменот туризам и неговата доминантна улога во вкупниот развој на регионот. Како и сите здруженија на граѓани, и РТО треба да има директор, управен и надзорен одбор, кои ја извршуваат управната и извршната, односно контролната функција.




***Слика 5*** *Структура на регионална туристичката организација на ИПР*

***Извор:*** *Изработка на авторите*

Советот на ИПР, освен тоа што е основач, преку свои претставници претставува и значаен фактор во структурата на РТО, но не и единствен. Неговата улога во развојот на туризмот треба да се манифестира преку два вида активности: екстерни и интерни.

Екстерните активности на Советот на ИПР најчесто се поврзани со комуницирање со централната власт, силно лобирање кај релевантните државни органи, воспоставување различни односи со другите региони во земјата и на меѓународен план, како и повлекување пари преку разни донации, кои можат да бидат вложени во развојот на туризмот.

Интерните активности на Советот на ИПР, како дел од РТО, се однесуваат на надлежностите што ги имаат општините во ИПР:

- одржување на сообраќајната мрежа и регулирање на сообраќајот;
- обележување на атрактивностите со туристички знаци;
- изнаоѓање оптимални решенија за проблемите со преголемиот број возила во шпицот на сезоната или за време на празници, со можност за затворање на одредени улици заради формирање пешачки зони;
- изградба и одржување на паркиралишта;
- одржување на парковите, зеленилото и целокупното окружување, во функција на разубавување на градот;
- одржување на уличното осветлување, како и обезбедување на посебно осветлување на најважните културни и историски споменици, заради зголемување на нивната атрактивност;
- одржување на екстериерот и фасадите во централната урбана зона;
- изградба на фонтани и водоскоци, кои сами по себе претставуваат „атракција заради атракција" и обично имаат огромна привлечна моќ;
- изработка на детални урбанистички планови за атрактивниот туристички простор и уредување на градежното земјиште;
- изградба на колектори за отпадни води, обезбедување ефикасна комунална хигиена и преработка на отпадот;
- изградба на детски паркови, игралишта, спортски и рекреативни центри;
- регистрација на сместувачките и угостителските капацитети;
- собирање и наменско користење на туристичката такса;
- формирање инспекциски служби за целосна контрола на квалитетот на туристичкиот производ, со посебни мерки за санкционирање;
- организирање семинари и работилници за одржување на критичната маса за развој на туризмот; и слично.

Во ваква констелација, треба да се напомене дека Советот на ИПР не презема директна обврска за формирање и обликување на комплексната туристичка понуда, или за нејзино промовирање на туристичкиот пазар. За овие активности е задолжена РТО, во чии управни и советодавни органи претставниците на Советот на ИПР земаат рамноправно учество, заедно со другите членови.

Материјалната база за развој на туризмот во Источниот плански регион ја сочинуваат хотелите, приватните сместувачки објекти и угостителските капацитети. Со полн респект кон досегашните индивидуални иницијативи, мора да се потенцира дека успех на овој план е можен единствено со нивна меѓусебна соработка. Токму затоа во структурата на РТО потенцирана е неопходноста од нивно асоцирање во соодветни кластери (кластер на хотелиери, ресторатери и приватни издавачи). На тој начин ќе се искористи синергетскиот ефект од заедничкото делување. Асоцирањето без сомнение ќе придонесе кон комплексно задоволување на туристичките потреби, како и кон полесно остварување на заедничките цели на целата туристичка заедница.

Здруженијата на хотелиерите, ресторатерите, изнајмувачите, трговците, занаетчиите и издавачите на приватно сместување ги застапуваат деловните интереси на своите членови, но, секако, во согласност со општите интереси на сите носители на туристичката понуда во Источниот плански регион. Овие здруженија мора да се договараат за зголемување на квалитетот на нивниот дел од производот, за регистрирање и членарина, за усогласување на цените, за работното време, за флуктуацијата на работната сила и слично.

Здруженијата на граѓани врз непрофитабилна основа претставуваат специфични организациски облици, преку кои домицилното население активно учествува во случувањата во

дестинацијата и ги штити сопствените интереси. Најзначајни претставници на овие асоцијации се културно-уметничките друштва, здруженијата на екологисти, хуманитарните организации, фондовите за заштита на културното и историското богатство и други невладини организации. Во овој контекст треба да се поздрават сите досегашни иницијативи, без разлика на нивниот успех во опстојување и непрекинато функционирање.

Покрај негување на идеите заради кои се етаблирани, најважна улога на здруженијата на граѓани е да нудат нови идеи за развој и соработка, да организираат работилници и семинари, да го промовираат туризмот на регионот низ членството во мрежите на невладини организации во земјата и во странство, но и да ги откриваат изворите на финансирање на проекти, поврзани со развојот на туризмот во Источниот плански регион.

Во групата релевантни институции спаѓаат одредени субјекти кои имаат битно влијание врз формирање на туристичкиот производ. На пример, доколку РТО одлучи во Источниот плански регион да се развива религиозен туризам, како релевантна институција се наметнува Македонската православна црква; развојот на археолошкиот или историскиот туризам бара активно учество на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата; развојот на спортските и рекреативните активности е невозможен без ангажманот на спортските клубови и здруженија.

Со нивното активно партиципирање во сложениот туристички процес, конечно се заокружува структурата на членовите во РТО на Источниот плански регион. Нејзината организациона поставеност треба да обезбеди непречено остварување на неколку основни цели:

- обликување и перманентно унапредување на туристичката понуда;
- негување на критичната маса за развој на туризмот;
- хармонизација на односите меѓу сите инволвирани субјекти и координација на активностите на дестинациско ниво;
- туристичка промоција и организиран настап на туристичкиот пазар;
- застапување на стратешките интереси на дестинацијата во регионални, односно национални рамки;
- развивање на свеста кај домицилното население за општественото и економското значење на туризмот и за неговиот придонес кон подобрување на условите за живот на целата заедница.

Бројот на субјекти кои учествуваат во структурата на РТО не е мал, а и нормално е да се очекува нивните интереси во голем број случаи да отсуствуваат или, пак, да бидат во меѓусебна колизија. Токму заради тоа, се наметнува потребата од постоење на ваква организациона структура, преку која ќе се артикулираат сите односи меѓу заинтересираните субјекти во сложениот туристички процес.

## 11.3 Свесност за значењето на туризмот во ИПР

Развојот на туризмот во Источниот плански регион го засега секого кој живее во овој дел од Македонија, без разлика дали работи во сферата на туризмот или не. На прв поглед се добива впечаток дека само локалните самоуправи во ИПР и мал број деловни субјекти имаат бенефит од туристичкиот развој. Факт е дека новите законски решенија ѝ овозможуваат на локалната власт да диктира темпо во голем број области, а особено во формирање партнерство со приватниот капитал. Токму такви иницијативи можат да резултираат со реконструкција на сместувачките, изградба на нови угостителски капацитети, нови спортски терени, трговски центри, објекти за забава, разонода и слично.

Но, долгорочниот развој на туризмот не зависи само од инвестиционите вложувања. За да ги привлечат туристите, локалните лидери, но и буквално сите жители мора да направат драстични промени, особено во доменот на унапредување на јавните услуги: безбедноста, контролата на сообраќајот, брзата помош, здравствената заштита или чистотата на улиците. Целиот регион, а особено просторите во кои се одвиваат туристичките активности, мора да изградат имиџ на безбедни, уредени и чисти места. Тоа е работа на сите жители на Источниот плански регион.

Имајќи го предвид ефектот на генерализација што без исклучок се манифестира кај секој современ турист, 12 во сите општини на регионот мора да постои агресивна интерна промоција на туризмот, насочена кон граѓаните и деловните субјекти, а особено кон трговците на мало, занаетчиите, училиштата, банкарските и поштенските службеници, јавните и приватните превозници, како и полицијата. Едноставно, преку перманентен процес на информирање, едукација и соодветно санкционирање, регионот мора да вложи напори за етаблирање на целосно нов систем на вредности и висок степен на туристичка култура кај домицилното население, кои ќе бидат во функција на што поголемо задоволување на потребите на туристите.

Без сомнение, клучна придобивка од развојот на туризмот треба да почувствуваат сите непосредни учесници во сложениот туристички процес: туристите, носителите на туристичката понуда, како на пример хотелиерите, ресто, ресторатерите, трговците на големо и мало, издавачите на приватно сместување, вработените во туристичките агенции, културните институции, спортските објекти, транспортните претпријатија и слично. Но, во исто време оваа студија треба да резултира и со констатација дека бенефит од развојот на туризмот ќе почувствуваат буквално сите други стопански и нестопански дејности во регионот, без разлика дали имаат директно учество во туристичкиот процес.

Конечно, Стратегијата имплицира на фактот дека придобивки од развојот на туризмот треба да имаат и сите единаесет единици на локалната самоуправа, граѓанските организации кои делуваат во Источниот плански регион, но и населението во регионот и државата во целост.

[12] Генерализација - специфичен феномен во туризмот, што произлегува од првиот впечаток на туристите за дестинацијата во која престојуваат. Резултат на овој феномен е генералната (позитивна или негативна) слика што ја добиваат туристите, врз база на еден (најчесто прв) доминантен впечаток
Извор: Тунтев, З. (2007): Хотелски лексикон, ФТУ Охрид, стр. 152.

# 12.ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Избалансираната карта на показатели (ИКП) на ИПР за развој на туризмот претставува значајна алатка за мониторинг на имплементацијата на Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион 2016-2025, со оглед на тоа дека сите стратешки приоритетни цели и мерки – финансиски и нефинансиски – произлегуваат од визијата. Остварувањето на придобивките од ИКП на Источниот плански регион за развој на туризмот се следи преку извештаи, дискусии, комуникација, ажурирање и дејствување. Извештаите се изготвуваат на секои шест месеци според определен редослед. Притоа, во процесот на следење своја улога имаат директорот на ЦР на ИПР, и вработените кои се одговорни за следење на имплементацијата на мерките и активностите за соодветните стратешки приоритетни цели.

Улогата на директорот на Центарот за развој на ИПР е да назначи одговорно лице за следење на имплементацијата на Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион 2016-2025. Одговорното лице за следење на имплементацијата на Стратегијата ги врши следниве активности:

- го координира прибирањето на информациите од засегнатите страни;
- ги консолидира добиените извештаи во единствен Извештај за ИКП на Источниот плански регион за развој на туризмот;
- го доставува консолидираниот извештај до директорот на ЦР на ИПР, членовите на Советот на ИПР и до градоначалниците и советниците во општините во ИПР;
- го следи и го спроведува процесот на внесување на промените во ИКП.
- организира јавна презентација на извештаите по нивното разгледување од страна на Советот на ИПР

Освен за мониторинг, ИКП на Источниот плански регион за развој на туризмот ќе се користи и за евалуација на спроведувањето на стратешкиот план, со цел да се утврди дали планираните цели на политиката биле постигнати на ефикасен начин и дали и до кој степен се јавиле несакани ефекти. Нарушувањето или прекинувањето на причинско-последичната поврзаност на приоритетите, како и непостигнувањето на целните вредности на показателите за одделни приоритети ќе даде информации за тоа дали и какви измени треба да се направат во стратешкиот план.

Со воспоставувањето на организациски облик за развој на туризмот на СИПР, улогата за мониторинг на Стратегијата ќе се префрли на новоформираниот субјект.

Избалансираната карта на показателите на ИПР за развој на туризмот е дадена подолу.

| ИЗБАЛАНСИРАНА КАРТА НА ПОКАЗАТЕЛИ НА ИПР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ 2016-2025 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВИЗИЈА:**<br>**ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО СЛЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ ДА СОЗДАДЕ НЕКОЛКУ РЕСПЕКТАБИЛНИ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ, ЧИИ ПРОИЗВОДИ ЌЕ СЕ БАЗИРААТ ВРЗ ПРИРОДНОТО, ДВИЖНОТО И НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА РЕГИОНОТ И ВРЗ ТРАДИЦИЈАТА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ ТУКА; ПРОИЗВОДИ ПРЕПОЗНАТЛИВИ ПО СВОЈОТ КВАЛИТЕТ И ЦЕЛОСНО ПРИЛАГОДЕНИ КОН БАРАЊАТА И ПОТРЕБИТЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ТУРИСТИ..** | | | | |
| ***ПРИОРИТЕТНИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ*** | ***ПОКАЗАТЕЛИ*** | ***Почетни вредности*** | ***Целни вредности*** | ***МЕРКИ*** |
| | | ***2016*** | ***2025*** | |
| **МАРКЕТИНГ И БРЕНДИРАЊЕ** | | | | |
| 1. КРЕИРАЊЕ ПОЗИТИВНА СЛИКА ЗА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН КАКО АТРАКТИВЕН ГЕОГРАФСКО - ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР | 1. БРОЈ НА ТУРИСТИ<br>2. БРОЈ НА НОЌЕВАЊА<br>3. % ОД БДП НА РЕГИОНОТ ОД ТУРИЗАМ<br>4. ОСТВАРЕН ПРОМЕТ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО (милиони ЕУР) | 1. 23.000<br>2. 59.000<br>3. НИ<br>4. 9,5 | 1. 53.000<br>2. 113.000<br>3. 10%<br>4. НИ | 4.1. БРЕНДИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ИПР<br>4.2. МАРКЕТИНГ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ НА ИПР |
| **ТУРИСТИЧКА ПОНУДА** | | | | |
| 1. РАЗВИВАЊЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ КОИ ЌЕ ГИ ПРИВЛЕЧАТ ТУРИСТИТЕ ВО ИПР | 1. БРОЈ НА ПОНУДЕНИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ<br>2. БРОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ФАЗА НА ПЛАНИРАЊЕ, РАЗВОЈ ИЛИ КОМПЛЕТИРАЊЕ | 1. 0<br>2. 0 | 1. 25<br>2. 20 | 1.1. ПОДДРШКА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО РАЗВОЈОТ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ИПР<br>1.2. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР<br>1.3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР<br>1.4. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ТРАДИЦИИТЕ ВО ИПР<br>1.5. ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАКЕТИ ВО ИПР |
| 2. ОПТИМИЗИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОРИСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО И БИЗНИС СЕКТОРОТ ПРЕКУ ТУРИЗМОТ | 1. БРОЈ НА ПРЕПОЗНАТИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ ОД СТРАНА НА НАСЕЛЕНИЕТО И БИЗНИС СЕКТОРОТ | НИ | 5 | 2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНТЕГРАЛНА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО<br>2.2. ГРАДЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ СИНЏИР НА ВРЕДНОСТИ ВО ИПР ПРЕКУ РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ |

| ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. ОВОЗМОЖУВАЊЕ ПОДОБАР ПРИСТАП И ДВИЖЕЊЕ НА ТУРИСТИТЕ НИЗ ИПР | 1. БРОЈ НА ТУРИСТИ | 23.000 | 53.000 | 1.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ДО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКТИВНОСТИ ВО ИПР<br>1.2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА |
| 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СМЕСТУВАЧКИ И УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ КОИ ЌЕ ГИ ПРИВЛЕЧАТ ТУРИСТИТЕ ВО ИПР | 1. БРОЈ НА СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ<br>2. БРОЈ НА СОБИ<br>3. БРОЈ НА ЛЕГЛА<br>4. БРОЈ НА УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ<br>5. БРОЈ НА СЕДИШТА<br>6. БРОЈ НА ТУРИСТИ<br>7. БРОЈ НА НОЌЕВАЊА | 1. 33<br>2. 640<br>3. 1.870<br>4. 166<br>5. 9.350<br>6. 23.000<br>7. 59.000 | 1. 50<br>2. 1100<br>3. 3.200<br>4. 200<br>5. 13.000<br>6. 53.000<br>7. 113.000 | 2.1. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СМЕСТУВАЧКИ И УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ ВО ИПР<br>2.2. ИЗГРАДБА НА НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ ВО ИПР |
| 3. ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ АТРАКТИВНОСТИ (ЛОКАЛИТЕТИ) | 1. БРОЈ НА ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДЕНИ АТРАКТИВНОСТИ (ЛОКАЛИТЕТИ) | 0 | 30 | 3.1. РЕКОНСТРУКЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ АТРАКТИВНОСТИ (ЛОКАЛИТЕТИ)<br>3.2. ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА И ИЛУМИНАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ АТРАКТИВНОСТИ |
| **РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ** | | | | |
| 1. ГРАДЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПР КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА | 1. БРОЈ НА АКТИВНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ДЕСТИНАЦИЈАТА | 0 | 6 | 1.1. ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО ИПР<br>1.2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ПОДДРШКА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР |
| 2. РАЗВИВАЊЕ НА ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА КАЈ РАБОТНАТА СИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО ИПР | 1. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ ВО ИПР | 1.100 | 2.500 | 2.1. ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР<br>2.2. ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР<br>2.3. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ИПР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ |

**ПРИНЦИПИ/ВРЕДНОСТИ ВРЗ КОИ ЌЕ СЕ БАЗИРА ТУРИЗМОТ ВО ИПР:**

- ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ
- ПРОФИТАБИЛНОСТ
- СЕЛЕКТИВНИ (ПРИОРИТЕТНИ) ИНВЕСТИЦИИ
- ЦЕЛЕН МАРКЕТИНГ
- ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО (ЈПП)

# 13.АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР 2016-2025

## 13.1 ВОВЕД

Одговорите на сегашните и идните потреби за развој на туризмот во Источниот плански регион се дел во Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион во периодот 2016 – 2025 година. Стратегијата содржи дефинирана визија, водечките принципи за нејзина имплементација, како и стратешките приоритетни цели и мерки за постигнување на потцртаната визија.

Стратешката карта на ИПР за развој на туризмот претставува приказ на причинско-последичната поврзаност на стратешките приоритетни цели во постигнувањето на визијата за развој на туризмот во ИПР до 2025 година.

Врз основа на сеопфатните анализи на секоја од стратешките области во стратегијата се дефинирани стратешките приоритетни цели (стратегиите) за секоја област поодделно, показателите за мерење на нивното постигнување, како и соодветните мерки за постигнување на целните вредности.

Со Акциониот план е направена понатамошна разработка на потребните мерки во активности/проекти, нивен опис, моделот на финансирање и проценка на потребните финансиски средства и временската рамка за нивна имплементација. Со оглед дека не постои функционална институционална поставеност за развој на туризмот во ИПР, ниту, пак, координирана институционална соработка меѓу засегнатите страни, овој документ заедно со стратегијата ќе бидат рамка за идните оперативни планови на засегнатите страни во функција на планирањето на активностите поврзани со развојот на туризмот во ИПР.

Во прилог на Акциониот план се приложени 8 проектни карти како пример за проектни активности, а кои се меѓу приоритетите за развојот на туризмот во ИПР.

## 13.2 ЦЕЛИ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Главната цел на Акцискиот план за имплементација на стратегијата за развој на туризмот во ИПР 2016 - 2025 е да развие клучни активности што треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегијата и Акцискиот план ќе бидат основните алатки што ќе ги водат засегнатите страни за развој на туризмот во ИПР во постигнувањето на својата визија за развојот на туризмот во регионот.

Акцискиот план ги дефинира активностите за развој на туризмот во ИПР кои треба да се преземат во периодот 2016 – 2025 година. Активностите во рамките на мерките се поделени на три категории: првични активности (2-3), краткорочни (3-5 години) и долгорочни (5-10) години.

Дефинираните активности ќе бидат почнати и завршени во различни временски периоди, иако нивната целосна реализација треба да биде завршена во периодот предвиден за целосно спроведување на Стратегијата (2025). За таа цел, кон крајот на 2018 година треба да се изработи нов акциски план со фокус на периодот 2019 – 2020 година, кој ќе ги земе предвид постигнувањата во периодот 2016-2018.

Поради фактот што овој акциски план е проектиран врз основа на претпоставени капацитети и достапни финансиски средства, постои реална можност дел од дефинираните активности, иако наведени, да не бидат реализирани во периодот на важност на овој документ. Доколку постојат основа и услови за нивна реализација, тие ќе бидат префрлени во следниот акциски план 2019 – 2020.

Со оглед на фактот дека во Источниот плански регион не постои посебен организациски облик за развој на туризмот, спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво ќе се одвива преку годишната програма на ЦР на ИПР и преку годишните програми изработени за различни области на надлежности на општините во ИПР или, пак, со изработка на посебна меѓусекторска програма за развој и управување на дестинацијата. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план дополнително ќе бидат разработени во проекти кои јасно ќе ги дефинираат проектните цели и очекувани резултати, индикаторите, потребните трошоци, како и одговорните субјекти за нивната реализација.

Акцискиот план е составен дел на Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион во периодот 2016 – 2025 година. Процесот на акциското планирање се изведе во соработка со засегнатите страни – учесници на планирачките сесии (работилници) – и низ процес на јавни расправи и консултации со засегнатите страни за развој на туризмот во ИПР.

# 13.3 АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО ПЕРИОДОТ 2016 – 2025 ГОДИНА

| **СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка приоритетна цел:** **1.** ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПР КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА | **Показател: 1.** БРОЈ НА АКТИВНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ДЕСТИНАЦИЈАТА<br>**Почетна вредност: 0** | | **Целна вредност: 6** | | | | |
| **Мерка:** | 1.1. ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Создавање координативно тело/кластер за развој на туризмот во ИПР | Формирање координативно тело кое ќе има доделена задача за дефинирање и мониторинг на спроведувањето на клучните политики за развој на туризмот во ИПР. | Јавно-приватно | 20.000 | X | | | ЦР на ИПР |
| 2. Формирање на ТИЦ во општините | Идентификација на стратешки локации за формирање туристичко информативни центри. Формирање, опремување и дефинирање на работата на туристичките информативни центри. Испорака на услуги и информации до туристите. | Јавно-приватно | 120.000 | X | | | Општини |
| 3. Формирање организации за менаџмент на дестинацијата | Избор на модел на организација за менаџмент со дестинацијата според можностите на ИПР, нивно формирање и ставање во функција.<br>Зајакнување на организациската поставеност и стручната и професионална компетентност на управувачките капацитети на организацијата за менаџмент со дестинацијата | Јавно-приватно | 100.000 | | X | | ЦР ИПР, Општините, бизнис секторот |
| 4. Формирање одбори за туризам во селските населби | Со оглед на фрагментираната природа на туризмот воопшто (особено руралниот туризам), добрата организација е од суштинско значење за да се обезбеди основа за развој на селскиот туризам и негово успешно управување. | Јавно-приватно | 100.000 | | x | | ЦР ИПР,Општините,месните заедници,приватен сектор |

**СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ**

**Стратешка приоритетна цел:**
**1.** ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПР КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

**Показател: 1.** БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ПАРТНЕРСТВА И ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ

**Почетна вредност:** **0**

**Целна вредност:** **10**

**Мерка:** 1.2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ПОДДРШКА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР

| Активности/Проекти | Краток опис на Активноста/Проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Унапредување и зајакнување на системот за комуникација и размена на информации со засегнатите страни во туризмот | Подигнување на соработката на клучните чинители во процесот на спроведување на стратешкиот план преку зајакнување на системот на комуникација и размена на информации. | Јавно-приватно | ТДО | X | | | ЦР на ИПР |
| 2. Унапредување на соработката и координација на заемни преземени активности на чинителите | Воспоставување систем за доставување предлози и идеи за заедничка соработка, размена на проектни идеи и реализација на заеднички проекти и проектни активности | Јавно-приватно | 10.000 | X | | | ЦР на ИПР |
| 3. Зајакнување на капацитетите на ЦР на ИПР и организациите за менаџмент на дестинацијата за вмрежување, соработка и комуникација со домашни субјекти и меѓународни сродни институции и организации | Градење на капацитетите на управувачкиот и административниот кадар за работа во и со мрежи и градење култура за мрежно работење и координација кај засегнатите страни | Јавно-приватно | ТДО | | X | | ЦР ИПР, Општините, бизнис секторот |

<table>
<tr><th colspan="9">СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ</th></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2"><u>Стратешка приоритетна цел:</u><br>2. РАЗВИВАЊЕ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА КАЈ РАБОТНАТА СИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО ИПР</td><td colspan="7">Показател: 1. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ ВО ИПР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност: 900</td><td colspan="5">Целна вредност: 2500</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерка:</td><td colspan="7">2.1. ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Активности/Проекти</th><th rowspan="2">Краток опис на активноста/проектот</th><th rowspan="2">Модел на финансирање:</th><th rowspan="2">Инвестиција (ЕВРА)</th><th colspan="3">Период на имплементација (години)</th><th rowspan="2" colspan="2">Одговорен</th></tr>
<tr><th>2-3</th><th>3-5</th><th>5-10</th></tr>
<tr><td>1. “Гостопримливи општини“</td><td>Едукација на администрацијата во општините за значењето на туризмот и зајакнување на општинските капацитети за развој на туризмот. Посебен фокус врз планирањето на просторот за развој на одржлив туризам.</td><td>Јавно</td><td>100.000</td><td>X</td><td></td><td></td><td colspan="2">ЦР ИПР, Општините</td></tr>
<tr><td>2. “Учиме од добрата пракса“</td><td>Студиски посети во земјите со развиена туристичка традиција на локално и регионално ниво. Користење на европските фондови кои овозможуваат посети и размена на добри искуства.</td><td>Јавно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td colspan="2">ЦР ИПР, Општините</td></tr>
<tr><td>3. “Туризам врз основа на информации“</td><td>Иницирање и организирање на различни видови истражувања за потребите на управувањето и маркетингот на туризмот во ИПР.</td><td>Јавно-приватно</td><td>100.000</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td colspan="2">ЦР ИПР, Општините</td></tr>
<tr><td>4. Обуки за вработените институциите од култура и невладините организации во ИПР за користење на Creative Europe i Media од фондовите на Европска комисија</td><td>Обуките имаат за цел оспособување на лица за користење на новите и актуелни програми на Европска комисија од каде може да се добијат средства за проекти од културата</td><td>Јавно</td><td></td><td>x</td><td>x</td><td></td><td colspan="2">ЦР ИПР, Општините и Министерство за култура</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерка:</td><td colspan="7">2.2. ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ИПР</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Активности/Проекти</th><th rowspan="2">Краток опис на активноста/проектот</th><th rowspan="2">Модел на финансирање:</th><th rowspan="2">Инвестиција (ЕВРА)</th><th colspan="3">Период на имплементација (години)</th><th rowspan="2" colspan="2">Одговорен</th></tr>
<tr><th>2-3</th><th>3-5</th><th>5-10</th></tr>
<tr><td>1. Студија за потребите од вештини и знаења за работа во туристичкиот сектор во ИПР</td><td>Оценка за потребите од обуки на работната сила во ИПР за работа во туристичкиот сектор во ИПР.</td><td>Јавно</td><td>10.000</td><td>X</td><td></td><td></td><td colspan="2">ЦР ИПР</td></tr>
<tr><td>2. Анимирање на приватниот сектор за можности на туризмот во ИПР</td><td>Презентирање на стратегијата за развој на туризмот на бизнис секторот и организирање настани за промоција на потенцијалите за развој на туризмот во ИПР.</td><td>Јавно-приватно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td colspan="2">ЦР ИПР</td></tr>
<tr><td>3. Обука на туристички водичи, за локално и регионално ниво</td><td>Организирање обука и преквалификација за туристички водичи, за потребите на туристичкиот развој на општинско ниво и на</td><td>Јавно-приватно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td colspan="2">ТДО</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ниво на ИПР. Ова произлегува од фактот што е дозволено само лиценцирани водичи да водат групи и туристи во туристичките дестинации во РМ. Од таму, потребни се водичи со лиценца кои ги издава Факултетот за туризам. | | | | | | |
| 4. Развој на курикулуми и организирање обуки | Врз основа на студијата за оценка на потребите од знаења и вештини за работа во туристичкиот сектор на ИПР ќе се развијат соодветни курикулуми и ќе се организираат обуки. Да се вклучи академската заедница од ИПР и реалниот сектор. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | ТДО |
| 5. Изучување странски јазици | Подигање на степенот на познавање на англискиот јазик кај туристичките работници. Обуки за изучување на англискиот јазик за вработени во туристичкиот сектор кои воспоставуваат директен контакт со туристите | Јавно-приватно | 10.000 | X | | | |
| **Мерка:** | 2.3. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ИПР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. “За нашите внуци“ | Организирање настани за јакнење на свеста и анимација на населението во ИПР за зачувување на културното и природното наследство во регионот | Јавно | 60.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 2. “Гостопримливост“ | Обуки за локалното население и младите како да се вклучат во развојот на туризмот. Едукација преку обуки на населението како да комуницираат со туристите, да бидат подобри домаќини и да обезбедат дополнителни средства од туризмот во ИПР | Јавно | 60.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општините |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка приоритетна цел:** **1.** ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПОДОБАР ПРИСТАП И ДВИЖЕЊЕ НА ТУРИСТИТЕ НИЗ ИПР | **Показател 1:** БРОЈ НА ТУРИСТИ | | | | | | |
| | **Почетна вредност: 23.000** | | | | **Целна вредност: 53.000** | | |
| **Мерка:** | 1.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ДО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКТИВНОСТИ ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Изработка на планска и техничка документација | Изработка на соодветни планови, физибилити студии и технички проекти, како и обезбедување градежни дозволи за патната инфраструктура, трекинг, планинарски и велосипедски патеки, мини пристаништа, жичарници и ски лифтови и др. | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 2. Изградба на регионална патна мрежа | Изградба на регионалните правци: • Кочани-Делчево, | Јавно | ТДО | X | X | | АП |
| 3. Реконструкција на регионална патна мрежа | Реконструкција на регионалните правци: • Делчево-Берово-Струмица | Јавно | ТДО | X | X | X | АП |
| 4. Изградба на локална патна мрежа | Изградба на локални правци до туристичките локалитети и центри во целиот регион (пример: СРТЦ Пониква) | Јавно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 5. Реконструкција на локална патна мрежа | Реконструкција на локални правци до туристичките локалитети и центри во целиот регион | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 6. Уредување и изградба на патеки | Уредување и изградба на трекинг, планинарски и велосипедски патеки во секој од туристичките субрегиони (како пример е изградбата на патеки во малешевскиот субрегион) | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 7. Изградба на жичарници и ски лифтови за вертикален транспорт | За подобрување на мобилноста и поврзаноста помеѓу и во самите локалитети Пониква, Царев Врв, Сокол, Руен и Калин Камен како најпотенцијални зимски туристички центри. | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 8. Отворени патишта - повеќе туристи | Изработка на туристичка транспортна стратегија за ИПР со цел подобрување на комуникациските фактори во цел регион автобуски линии, означување на англиски јазик, возни редови, одржување, отворање на привремени автобуски линии за време на настани и сл. | Јавно | ТДО | | X | | ЦР ИПР, Општините |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. Поставување мини информативни центри со сувенирници | Поставување мини информативни центри со сувенирници на локалитетите Баргала, Виничко Кале, Исар и Мородвис. Во рамките на проектот се предвидени мали монтажни објекти, кои можат да се наречат мини информативни центри, но и можат да се користат како билетарници, сувенирници. Истите можат да претставуваат и канцеларии за водичи | Јавно | 25.000 | x | x | | Министерство/ Завод и музеј ИПР |
| 10. „Паркирај се и фотографирај“ | Изградба/реконструкција/уредување на паркинг-проширувања на атрактивни локации долж позначајните патишта, со поставување видиковец, санитарен објект, клупи. Особено потребно покрај ез. Калиманци (над браната и кај с. Тодоровци); кај м.в.Средорек - проширувањето (паркинг просторот) кај Злетовска река на влезот кај с. Уларци општина Чешиново-Облешево; потоа на патот Виница-Берово низ клисурата на Осојница; на патот Пробиштип-Кратово кај с. Кундино; на патот за с. Лесново; на патот за Пониква; за с. Цера и др. | Јавно | ТДО | | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 11. „Посети ја Калата“ | Изградба на платформа, патека и видиковец на островот Калата во Калиманско Езеро. Користење само на природни материјали вклопени во амбиентот. Поставување мобилна платформа за чамци. | Јавно | ТДО | | X | | Општина М. Каменица |
| **Мерка:** | 1.2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Оценка за потребите од туристичка сигнализација | Изработка на студија и изготвување датабаза за потребна опрема и сигналитика за туристичките атрактивности. | Јавно | 10.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |
| 2. “Компас на ИПР“ | Изработка на туристички-топографски мапи за постојните атрактивности во ИПР и нивно ажурирање.<br>Изготвување модерна мапа каде што ќе бидат прикажани најуникатните и најзначајните места за посета од аспект на културниот туризам | Јавно | 40.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |
| 3. “Патоказ до атрактивноста на ИПР“ | Поставување туристичка сигнализација до сите постојни туристички атрактивности во ИПР.<br>Означување на културно историските објекти/споменици, со соодветни табли и патокази, на македонски и англиски јазик, работно време, цени -според ЕУ стандарди за туристичка сигнализација | Јавно | 150.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *4.* | “Пештерски келии Лесново“ | Реконструкција и изградба на пешачки патеки до пештерските келии во село Лесново, нивно означување, осветлување и осветлување на пештерите | Јавно | 100.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општина Македонска Каменица |
| 5. | Рурални патеки | Изградба на пешачки патеки за збогатување на понудата во руралниот туризам | Јавно | 150.000 | x | x | | АППТРМ и МЗШВ |
| *6.* | Маркирање на патеки | Означување на воспоставените трекинг, планинарски и велосипедски патеки со боја, патокази, природни ознаки. Целта е полесно следење на ваквите патеки. | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| *7.* | Поставување на туристички инфо-табли и инфо-мапи | Поставување туристички информативни табли и мапи на македонски и англиски јазик (по можност и на трет светски јазик) кај селектираните значајни атракции во регионот, со интересни и концизни податоци за атракцијата и приказ на квалитетни мапи (заради ориентација и планирање на патот). Користење природни материјали и добра заштита од надворешни влијанија. | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |

<table>
<tr><th colspan="9">СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА</th></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2"><u>Стратешка приоритетна цел:</u><br>2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СМЕСТУВАЧКИ И УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ КОИ ЌЕ ГИ ПРИВЛЕЧАТ ТУРИСТИТЕ ВО ИПР</td><td colspan="7">Показател 1: БРОЈ НА СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ<br>Показател 2: БРОЈ НА СОБИ<br>Показател 3: БРОЈ НА ЛЕГЛА<br>Показател 4: БРОЈ НА УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ<br>Показател 5: БРОЈ НА СЕДИШТА<br>Показател 6: БРОЈ НА ТУРИСТИ<br>Показател 7: БРОЈ НА НОЌЕВАЊА</td></tr>
<tr><td colspan="3">Почетна вредност 1: 33<br>Почетна вредност 2: 640<br>Почетна вредност 3: 1.870<br>Почетна вредност 4: 166<br>Почетна вредност 5: 9.360<br>Почетна вредност 6: 23.000<br>Почетна вредност 7: 59.000</td><td colspan="4">Целна вредност 1: 50<br>Целна вредност 2: 1.100<br>Целна вредност 3: 3.200<br>Целна вредност 4: 200<br>Целна вредност 5: 13.000<br>Целна вредност 6: 53.000<br>Целна вредност 7: 113.000</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерка:</td><td colspan="7">2.1. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СМЕСТУВАЧКИ И УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ ВО ИПР</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Активности/Проекти</th><th rowspan="2">Краток опис на активноста/проектот</th><th rowspan="2">Модел на финансирање:</th><th rowspan="2">Инвестиција (ЕВРА)</th><th colspan="3">Период на имплементација (години)</th><th rowspan="2" colspan="2">Одговорен</th></tr>
<tr><th>2-3</th><th>3-5</th><th>5-10</th></tr>
<tr><td>1. Изработка на ДУП за сместувачки, угостителски капацитети и други комерцијални објекти со намена туризам и изработка на физибилити студии и технички проекти</td><td>Секоја од општините според своите ГУП треба да обезбеди ДУП за изградба на хотели и угостителски капацитети, независно од големината и капацитетот на објектите. Исто така, треба да бидат предвидени и други комерцијални објекти со намена туризам (спа центри, аквапарк, базени и др.) за кои треба да се изработат физибилити студии и технички проекти.</td><td>Јавно</td><td>30.000</td><td>X</td><td></td><td></td><td colspan="2">Општините</td></tr>
<tr><td>2. Изградба на спа центар „Кежовица“</td><td>Реконструкција, реновирање, проширување на објектите во бањата Кежовица, осовременување со спа содржини (џакузи, турска бања, парна бања, дополнителен базен, отворен базен). Подобрување на сместувачките капацитети во бањата, како и нивото на услуги.</td><td>Јавно-приватно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td colspan="2">Општина Штип, Бизнис сектор</td></tr>
<tr><td>3. Изградба на спа центар „Бања“</td><td>Изградба на сосема нов бањски-спа објект со користење на локалните термални води: сместувачки објект, внатрешен и надворешен базен, спа содржини, велнес содржини.</td><td>Јавно-приватно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td colspan="2">Општина Кочани, бизнис сектор</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Изградба на спа центар „Истибања“ | Изградба на сосема нов бањски-спа објект со користење на локалните термални води: сместувачки објект, внатрешен и надворешен базен, спа содржини, велнес содржини. Промовирање и понуда на велнес-спа производи и пакети. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | | Општина Кочани, Бизнис сектор |
| 5. Реконструкција на хотел „Делчево“ | Инвестициски зафат за реконструкција на хотел „Делчево“ во модерен сместувачки капацитет заради зголемување и подобрување на сместувачките капацитети | приватно | ТДО | X | X | | Бизнис сектор |
| **Мерка:** | 2.1. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СМЕСТУВАЧКИ И УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 6. Реконструкција на хотел „Берово“ | Инвестициски зафат за реконструкција на хотел„ Берово“ во модерен сместувачки капацитет заради зголемување и подобрување на сместувачките капацитети | приватно | ТДО | X | X | | Бизнис сектор |
| 7. Изградба на мали семејни хотели | Изградба на мали семејни хотели во општините на ИПР | приватно | ТДО | X | X | X | Бизнис сектор |
| 8. Локации за кампови | Одредување на места за кампирање и изградба на соодветна инфраструктура.<br>• М.в. Ридо, КО Тодоровци – Македонска Каменица | Јавно-приватно | ТДО | | x | | Општина М. Каменица, Бизнис сектор |
| 9. Рурална куќа | Презентирање на бенефитите од развој на сместувачки капацитети кај населението. Изработка на стандарди на рурални куќи според традиционалната архитектура на ИПР. Изградба на нови куќи со двор и базен. | Приватно | 250.000 | X | X | X | Бизнис сектор |
| 10. Реконструкција на селските куќи во сместувачки капацитети | Реконструкција на постоечки селски куќи во кои не се живее, во сместувачки капацитети | Приватно | 40.000 | X | X | X | Население, Бизнис сектор |
| 11. Изградба на етно-угостителски објекти | Со изградбата на етно и пренамената на угостителски објекти во етно стил ќе се овозможи промоција на локалните производи и специјалитети, а истовремено ќе се изврши брендирање на истите | Приватно | 250.000 | X | X | X | Бизнис сектор |
| 12. Изградба на угостителски објекти преку валоризација на културното наследство | Поддршка на инвестиции за изградба на угостителски објекти со архитектонски решенија базирани на архитектонските вредности на најрепрезентативното културно наследство во ИПР | Јавно-приватно | 250.000 | | X | X | МК, Општини, бизнис сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. Поддршка на бизнис секторот во изградба и реконструкција на сместувачки капацитети | Од страна на јавниот сектор, изработка на ДУП, типизирани урбанистички решенија, ослободување од локални даноци и такси, продажба на земјиште по поволни услови итн. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините, |
| 14. Поддршка на населението во изградба и реконструкција на сместувачки капацитети | Од страна на јавниот сектор, изработка на ДУП, типизирани урбанистички решенија, ослободување од локални даноци и такси, продажба на земјиште по поволни услови итн. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 15. Викендички како сместувачки објекти | Адаптација на постоечките, погодни и посовремени туристички викендички во сместувачки капацитети, со што корист ќе имаат сопствениците, туристите и пошироката заедница. Пилот проект на 10 викендички. | Приватно | 80.000 | X | X | X | Население, Бизнис сектор |
| 16. „5 нови планинарски домови во ИПР“ | Реконструкција на 5 постоечки јавни објекти и нивна пренамена-адаптација во планинарски домови. Особено потребно на планината Осогово кај с. Цера, потоа помеѓу Лопен и Длгидел, во областа под врвот Руен, на источниот дел на Плачковица и на планината Влаина. Неопходност за развој на трекинг и планинарење. | Јавно-приватно | 500.000 | | X | X | МК, Општини, бизнис сектор |

| **Мерка:** | 2.2. ИЗГРАДБА НА НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Изработка на планска и техничка документација | Изработка на физибилити студии, технички проекти и обезбедување градежни дозволи | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 2. Изградба на нова комунална инфраструктура на туристичките локалитети | Изградба на нова комунална инфраструктура на туристичките локалитети:<br>• Равна Река (Пехчево),<br>• Голак, | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 3. Реконструкција на комунална инфраструктура на туристичките локалитети | Реконструкција на комунална инфраструктура на туристичките локалитети:<br>• Лесново,<br>• Беровско Езеро,<br>• Абланица,<br>• Суви Лаки,<br>• Пониква | Јавно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР, Општините |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка приоритетна цел:**<br>**3.** ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ АТРАКТИВНОСТИ (ЛОКАЛИТЕТИ) | **Показател: 1.** БРОЈ НА ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДЕНИ АТРАКТИВНОСТИ (ЛОКАЛИТЕТИ) | | | | | | |
| | **Почетна вредност:** 0 | | **Целна вредност:** 30 | | | | |
| **Мерка:** | 3.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ АТРАКТИВНОСТИ (ЛОКАЛИТЕТИ) | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Анализа на статусот на употребливост и потребите од туристичка инфраструктура на регионалните туристички локалитети | Изработка на студии за проценка на статусот и потребите од туристичка инфраструктура на регионалните туристички локалитети. | Јавно | 15.000 | X | | | ЦР на ИПР Општини |
| 2. Проектирање | Изработка на проекти и техничка и документација за туристичка инфраструктура на регионалните туристички локалитети | Јавно | ТДО | X | | | ЦР на ИПР Општини |
| 3. Изградба на туристичка инфраструктура на туристичките локалитети | Реконструкција и конзервација на регионалните туристички локалитети. Изградба на потребната туристичка инфраструктура на туристички локалитети. | Јавно | ТДО | x | X | X | ЦР ИПР, Општините, бизнис секторот |
| 4. Партерно и хортикултурно уредување на регионалните туристички локалитети | Изработка на елаборати за партерно и хортикултурно уредување и реализација на програми за партерно и хортикултурно уредување на регионалните туристички локалитети. | Јавно | ТДО | | x | X | ЦР ИПР,Општините,месните заедници |
| **Мерка:** | 3.2. ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА И ИЛУМИНАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ АТРАКТИВНОСТИ | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Анализа на потребите од електрификација на регионалните туристички локалитети | Изработка на студии за проценка на потребите од електрификација на регионалните туристички локалитети, | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 2. Проектирање | Изработка на елаборати, проекти и техничка и документација за електрификација и илуминација. на регионалните туристички локалитети | Јавно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 3. Електрификација | Реализација на програма за електрификација на регионалните туристички локалитети | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |
| 4. Илуминација | Реализација на програма за илуминација на регионалните туристички локалитети | Јавно | ТДО | X | X | X | ЦР ИПР, Општините |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ПОНУДА** | | | | | | | |
| **Стратешка приоритетна цел:**<br>**1.** РАЗВИВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ КОИ ЌЕ ГИ ПРИВЛЕЧАТ ТУРИСТИТЕ ВО ИПР | **Показател 1:** БРОЈ НА ПОНУДЕНИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ<br>**Показател 2:**БРОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ФАЗА НА ПЛАНИРАЊЕ, РАЗВОЈ ИЛИ КОМПЛЕТИРАЊЕ | | | | | | |
| | **Почетна вредност 1: 0**<br>**Почетна вредност 2: 0** | | | **Целна вредност 1: 15**<br>**Целна вредност 2: 10** | | | |
| **Мерка:** | 1.1. ПОДДРШКА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО РАЗВОЈОТ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестициј а (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| 1. Изработка на физибилити или пред-физибилити студии за развој на туристички производи. | Изработка на гап анализи за потребите од нови туристички производи или осовременување на постоечките. Потребно е да се направат истражувања за да се потврди кој тип на атрактивности се барани и за кои пазари. Анализа на барањата на пазарите за препорачаните туристички производи. | Јавно | 40.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |
| 2. Промоција на можностите за развој на туристички производи пред потенцијалните инвеститори. | Советот на Источниот плански регион, заедно со општините и централната власт има задача да развива политики, пред сè планирањето на користењето на просторот, и да обезбеди инфраструктура која ќе ги олеснат комерцијалните инвестиции во развојот на туристички производи. Овие можности треба да бидат промовирани пред бизнис заедницата. | Јавно | 50.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |
| 3. Субвенционирање во развојот на туристичките производи | Да се испитаат можностите и да се развијат и воспостават евентуални процедури за субвенционирање на развојот на туристички производи. Пример, од страна на јавниот сектор, изработка на ДУП, типизирани урбанистички решенија, ослободување од локални даноци и такси, продажба на земјиште по поволни услови итн. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | | Владата, Општините, бизнис сектор |
| **Мерка:** | 1.2. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестициј а (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. Спа центар „Кежовица“ | Реконструкција, реновирање, проширување на објектите во бањата Кежовица, осовременување со спа содржини (џакузи, турска бања, парна бања, дополнителен базен, отворен базен). Подобрување на сместувачките капацитети во бањата, како и нивото на услуги. Промовирање и понуда на велнес-спа производи и пакети. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општина Штип, бизнис сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Спа центар „Истибања“ | Изградба на сосема нов бањски-спа објект со користење на локалните термални води: сместувачки објект, внатрешен и надворешен базен, спа содржини, велнес содржини. Промовирање и понуда на велнес-спа производи и пакети. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општина Виница, бизнис сектор |
| 3. Спа центар „с. Бања“ | Изградба на сосема нов бањски-спа објект со користење на локалните термални води: сместувачки објект, внатрешен и надворешен базен, спа содржини, велнес содржини. Промовирање и понуда на велнес-спа производи и пакети. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општина Кочани, бизнис сектор |
| 4. Рударење и рудници | Посета и разгледување на минеролошки збирки (Пробиштип). Посета на рудниците во Злетовско и Саса<br>Посета на рудникот Опалит с. Спанчево | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општините бизнис сектор |
| 5. Ски центар „Пониква“ | Формирање на туристички понуди кои вклучуваат неколкудневно сместување и користење на ски патеките на Пониква, трекинг, планинарење, релаксација во природа и посета на локалните атрактивности. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општина Кочани, бизнис сектор |
| 6. Лесновски кратер | Посета и разгледување на вулканскиот релјеф во областа | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општина Македонска Каменица, бизнис сектор |
| 7. „Геопаркови на Истокот“ | Изработка на студии и воспоставување - прогласување на првите геопаркови во ИПР и во Република Македонија. Геопаркови се одлична можност за промоција и валоризација на природните атракции на ИПР. Особено туристички потребни и погодни се: Геопарк „Лесново“, Геопарк „Долина на Каменица“, Геопарк „Кукуље“, Геопарк „Туртел“, Геопарк „Црник“ и Геопарк „Равна Река“. | Јавно | ТДО | X | X | X | Владата, Општините, бизнис сектор |
| 8. Еко–етно паркови | Изградба на еко-етно парк за промоција на еко и етно производите (пример во Чешиново-Облешево). | Јавно - приватно | 200.000eur | | | | Општините, бизнис сектор Донатори |
| 9. Параглајдинг центар „Туртел“ | Воспоставување на полетна параглајдинг позиција кај погодната зарамнина на врвот Туртел на Плачковица. Обезбедување слетни позиции. Дефинирање и промовирање на параглајдинг трасата Туртел. | Јавно | 30.000 | X | X | X | ИПР, Опш. Зрновци, бизнис сектор |
| 10. Со велосипед низ Истокот | Развој и промоција на планински велосипедизам во ИПР. Обезбедување на 50 велосипеди и едуцирање за издавање на истите на туристите. Воспоставување велосипедски патеки. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Владата, Општините, бизнис сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. „Со џип низ дивината“ | Пилот-проект за развој на џип-сафари туризам во ИПР, со едукација, избор на рута и изведување пробни тури. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општините, бизнис сектор |
| 12. По трагите на Сасите | Посета на рудникот Саса, разгледување, влегување во напуштено окно, разгледување на јаловиштето, посета на стари јами, археолошки остатоци од Сасите и нивното рударење | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | М. Каменица бизнис сектор |
| 13. Зип-линии - „почувствувај го адреналинот“ | Поставување на 3 зип линии на избрани и атрактивни туристички места во ИПР, со адреналинско-пејсажни доживувања. | Јавно-приватно | 180.000 | X | X | X | Владата, Општините, бизнис сектор |
| **Мерка:** | 1.3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. “Спомени од минатото” | Изработка на студија за зачувување на културно-историското наследство во функција на развојот на туристички производи во ИПР. | Јавно | 20.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 2. “Реставрација и конверзација“ | Проекти за континуирана конзервација и реставрација на објекти од профана, сакрална архитектура со цел зачувување на културното наследство и ставање во функција на туризмот. Континуирана програма за конзервација на икони и фрескоживопис коишто претставуваат ремек дело и своевидна атракција во црквите и манастирите во ИПР.<br>• Реставрација и конзервација на фасади од градска архитектура<br>• Реставрација и конзервација на фасади од сакрална архитектура<br>• Реставрација и конзервација на фрески, фрескоживопис и икони | Јавно | ТДО | x | x | x | Министерство/ Завод и музеј |
| 3. Меѓународна колонија на иконопис | Проектот предвидува организација на колонија од меѓународен карактер за иконопис во комплекс Еленец –манастир Покров на Пресвета Богородица. Се планира комплексот да заживее во текот на летните месеци. Во проектот ќе бидат вклучени и лица од црквата, како и професионални уметници, иконописци | Јавно | | x | | | ИПР/ Општини / НВО |
| 4. “Стари занаети - нови можности” | Изработка на студија и одржување на серија работилници - како до туристички производи преку искористување на духовното наследство | Јавно | 50.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општините, занаетчии |
| 5. “Профано во сребро опковано” | Изработка на материјали за обука, обезбедување на логистика за работилниците и организирање на серија работилници за создавање | Јавно | 50.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општините, занаетчии |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | туристички производи настанати како комбинација на техниката филигран и минералите и кристалите како природни ресурси на ИПР | | | | | | |
| 6. Осовременување/ модернизирање на музејските поставки, | Вклучување на музеите во ИПР во програмите на Министерството за култура за финансирање на осовременување на музејски поставки. | Јавно | ТДО | Х | Х | | Музеи во ИПР |
| 7. Обновување на Спомен домот на Разловечкото востание во Разловци | Во рамките на проектот предвидена е неопходната обнова на архитектурата на Домот, но и обновување на поставката/ изложбата. Потребна е постојана грижа за библиотеката во рамките на Домот. | | | х | | | Министерство, Завод и музеј, ИПР |
| 8. Доистражување и означување на археолошките локалитети | Мапирање на археолошките локалитети, детален опис, нивно означување и управување со истите. | Јавно | ТДО | Х | Х | Х | Музеи во ИПР |
| 9. Уредување и презентирање на локалитет Црквиште-Мородвис | Локалитетот ќе биде уреден и подготвен за дочекување туристи со претходна сигнализација. Во моментот локалитетот е во незавидна положба | Јавно | | х | | | Министерство/ Завод и музеј ИПР |
| 10. Програма за зголемување на интерактивноста и анимацијата во музеите и спомен куќите | Подготовка за едукативни проекти за ученици согласно формалното образование наменето за училиштата од РМ.<br>Подготовка на едукативни работилници за возрасни лица и за лица со посебни потреби. Последните години Министерство за култура поддржува музејски иницијативи за ваков тип проекти. | Јавно | ТДО | | Х | Х | Министерство за култура Музеи во ИПР Општини |
| 11. Баргала | Уредување и опремување на локалитетот за подобар дочек и третман на туристите, поставување сигналитика и информативни табли | Јавно | ТДО | Х | Х | Х | Музеи во ИПР |
| 12. Виничко кале | Уредување и опремување на локалитетот за подобар дочек и третман на туристите | Јавно | ТДО | Х | Х | Х | Музеи во ИПР |
| 13. Византиски цркви | Уредување и опремување на локалитетите за подобар дочек и третман на туристите | Јавно | ТДО | Х | Х | Х | МПЦ, Општини Музеи во ИПР бизнис сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. “Отоманско наследство во ИПР“ | Отоманското наследство на Источниот плански регион концентрирано во Штип. Со својата богата понуда, дава одлична можност за развој на еден тип туризам кој е специфичен и уништен не само за Република Македонија туку и за Балканот. Од особено голема важност е да се искористи фактот што градот Штип заедно со Скопје, Битола и Тетово се едни од ретките градови надвор од Република Турција коишто имаат зачувано архитектонски ансамбли од отоманскиот период во оригинална и/или реконструирана форма. | Јавно-приватно | ТДО | X | X | | Општини Музеи во ИПР бизнис сектор |
| 15. “Креативните индустрии низ призмата за изработка на сувенири” | Изработка на студија и организирање серија работилници “Работилници за создавање и брендирање на креативни сувенири” | Јавно | 40.000 | X | X | | Комора на занаетчии |
| 16. “Шармот на УНЕСКО и ИПР” | Изработка на Студија, организирање на форум и работилници за создавање, унифицирање и брендирање на одредени сувенири кои би биле бренд на ИПР | Јавно | 40.000 | X | X | | |
| 17. Фестивал за креативни индустрии (занаетчии, уметници дизајнери, информатичари) | Со организирањето на ваков фестивал ќе се овозможи развој на креативноста, но и натпреварувачкиот дух кај локалното население | Јавно-приватно | 10.0000 | X | X | X | ЦР ИПР, Општините, бизнис сектор |
| 18. Саем – Мода | Поддршка во промоцијата и подигнување на професионалните перформанси на настанот | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Бизнис сектор |
| 19. Шопинг – понуда на сите брендови на една локација | Изработка на студија за исплатливост и идентификација на локација и градба (реконструкција) на современ продажен објект; Изработка на елаборат за идентификација на брендови кои би се продавале на локацијата и обезбедување поддршка за инвестицијата преку олеснувања предвидени со закон | Јавно-приватно | ТДО | | | | Општините, бизнис сектор |
| **Мерка:** | 1.4. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ТРАДИЦИИТЕ ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. “Вински пат низ ИПР“ | Изработка на план за развој на винскиот туризам | Јавно-приватно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР Општини бизнис сектор |
| 2. “Гастрономија на ИПР“ | Понуда на гастрономски специјалитети | Јавно-приватно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР Општини бизнис сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. “Вкусот на оризот“ | Изработка на готвач за подготовка на традиционални јадења од ориз. Организирање обуки за готвење на традиционални јадења од ориз. | јавно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР Општини бизнис сектор |
| **Мерка:** | 1.5. ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАКЕТИ ВО ИПР | | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. “Заеднички до повеќе туристи“ | Здружување, координирање и заедничка подготовка на понуди (поврзување) на повеќе здруженија и организации кои се занимаваат со алтернативен туризам | Јавно-приватно | ТДО | X | X | | ТА, Општини бизнис сектор |
| 2. “Туристички рути низ Источниот плански регион” | Изработка на студија и создавање/креирање на оптимални регионални, национални и/или меѓународни тури кои ќе ги опфатат природните и културните ресурси на ИПР | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | ТА, Општини бизнис сектор |
| 3. “По патот на византиските фрески” | Регионална рута долж Источниот дел на Република Македонија, сса 200 км - од Скопје - Штип - Скопје, во времетраење: од 7 - 9 часа со возило (автомобил или автобус).<br>Тргнување од Скопје и патување преку автопатот кој поминува крај Велес. Пристигнување во Штип и панорамско разгледување на градот со вклучена пешачка тура која ги опфаќа: Црква Св. Архангел Главатов (14 век), Црква Св. Архангел Михаил - Фитија (14 век), Црква Св. Јован (1350 год.) и Црквата Св. Спас (1369 год.). По паузата за ручек и освежувањето со можна промоција за средновековни јадења, турата продолжува со посета на Тврдината „Исарот“ и завршува со посета на Црква Св.Никола (1867 год.) во чиј склоп на првиот кат се наоѓа галерија на фрески.<br>Турата завршува доцна попладне на зборното место во Скопје. | Приватно | ТДО | X | X | | Бизнис сектор |
| 4. “Трагите на отоманското наследство низ вековите” | Регионална рута долж Источниот дел на Република Македонија, сса 200 км - од Скопје - Штип - Скопје, во времетраење: од 7 - 9 часа со возило (автомобил или автобус).<br>Тргнување од Скопје и патување преку автопатот кој поминува крај Велес. Пристигнување во Штип и панорамско разгледување на градот со вклучена пешачка тура која ги опфаќа: Мост на Султан Ќучук Емир (17 век), Саат кула (17 век), Хусамедин - паша џамија (17 век) и Кадин Ана џамијата (19 век) и Безистен (16-17 век). По паузата за ручек и освежувањето со можна промоција за турски јадења, турата продолжува со посета на тврдината „Исарот“. Турата евентуално може да се заокружи со посета на Музејот на град Штип, каде би се | Приватно | ТДО | X | X | | Бизнис сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | погледнала поставката со акцентот на отоманскиот период. Турата завршува доцна попладне на зборното место во Скопје. | | | | | | |
| 5. “Еврејското наследство во РМ“ | Покрај Битола и Скопје, Штип е еден од ретките градови во Македонија во кои живеела голема еврејска заедница со столетија. Дел од ова наследство во форма на еврејските гробишта, куќите во кои живееле Евреите, како и Споменикот на депортираните Евреи, претставуваат основа за тура низ еврејското културно наследство на Штип. Овој тип на наследство може да биде комбиниран и координиран со уште неколку објекти на национално ниво, како археолошкиот локалитет Стоби и, секако, Меморијалниот музеј на холокаустот во Скопје. | Приватно | ТДО | X | X | | Бизнис сектор |
| 6. ‘’По трагите на револуционерите” | Со оглед на богатото историско минато и случувања во Источниот плански регион кои не го опфаќаат само периодите на Првата и Втората светска војна туку и на Балканските војни, а и нешто порано, востанијата во времето на владеењето на Отоманската империја, се отвора одлична можност за еден интересен тип на историски туризам кој би опфатил повеќе локации, музеи и спомен куќи од овој период. | Приватно | ТДО | X | X | | Бизнис сектор |
| 7. “Да го запознаеме Истокот на Македонија“ | Организирање летни школи за ученици (културно наследство, туризам, историја, археологија) и студенти кои би престојувале и учеле во регионот.<br>Организирање екскурзии за деца од основно, средно училиште (да се нудат за време на распуст, празници, добро да се планира понудата)<br>Да се креираат понуди/ пакети за пензионери по манастирите (дводневни, тродневни) пр. Манастирска тура ( една тура со манастири само од ИПР и друга со соседните региони ) или со други атракции | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општини, бизнис сектор |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ПОНУДА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка приоритетна цел:**<br>**2.** ОПТИМИЗИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА КОРИСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО И БИЗНИС СЕКТОРОТ ПРЕКУ ТУРИЗМОТ | | **Показател: 1.** БРОЈ НА ПРЕПОЗНАТИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ ОД СТРАНА НА НАСЕЛЕНИЕТО И БИЗНИС СЕКТОРОТ | | | | | |
| | | **Почетна вредност: НИ** | | | **Целна вредност: 5** | | |
| **Мерка:** | | 2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНТЕГРАЛНА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/рроектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| | | | | 2-3 | 3-5 | 5-10 | |
| 1. “За нашите внуци“ | Организирање настани за јакнење на свеста и анимација на населението и бизнис секторот во ИПР за зачувување на културното и природното наследство во регионот | Јавно-приватно | 60.000 | X | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 2. Подобрување на управувањето со културното и природното наследство во регионот | Изработка на менаџмент планови за културното и природното наследство во регионот и обука на администрацијата и персоналот во културните институции за зголемување на ефикасноста во управувањето | Јавно | ТДО | | X | | ЦР ИПР, Општините |
| **Мерка:** | | 2.2. ГРАДЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ синџир НА ВРЕДНОСТИ ВО ИПР ПРЕКУ РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ | | | | | |
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/рроектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| 1. Иницирање на инвестициони активности | Програми за поддршка за привлекување инвестиции во туризмот | Јавно-приватно | ТДО | X | X | X | Општини, Бизнис сектор |
| 2. Рурален туризам | Со развојот на руралниот туризам ќе се добие додадена вредност на локалните земјоделски производи,производите на локалните занаетчии,како и гастрономските специјалитети | Јавно-приватно | ТДО | | X | | |
| 3. “Со знак на ИПР“ | Градење политика на пристапни цени и максимално користење на производи и услуги од ИПР | Приватно | ТДО | X | X | X | Бизнис сектор |
| 4. Воведување ознаки за квалитет | Пред сè друго, квалитетот на производите на руралниот туризам ќе треба да се развива со највисоките стандарди за да се задоволат потребите на потрошувачите и да ги охрабри за повторно доаѓање, што е важно за обезбедување долгорочна одржливост. Обележувањето или давањето ознаки може да се користи како гаранција за квалитет. | Јавно | ТДО | x | x | x | ЦР ИПР |

<table>
<tr><th colspan="9">СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: МАРКЕТИНГ И БРЕНДИРАЊЕ</th></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2"><u>Стратешка приоритетна цел:</u><br>1. КРЕИРАЊЕ ПОЗИТИВНА СЛИКА ЗА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН КАКО АТРАКТИВЕН ГЕОГРАФСКО - ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР</td><td colspan="7">Показател 1: БРОЈ НА ТУРИСТИ<br>Показател 2: БРОЈ НА НОЌЕВАЊА<br>Показател 3: % ОД БДП НА РЕГИОНОТ ОД ТУРИЗАМ<br>Показател 4: ОСТВАРЕН ПРОМЕТ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО (милиони ЕВРА)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност 1: 23.000<br>Почетна вредност 2: 59.000<br>Почетна вредност 3: НИ<br>Почетна вредност 4: 9,5</td><td colspan="5">Целна вредност 1: 53.000<br>Целна вредност 2: 113.000<br>Целна вредност 3: 10%<br>Целна вредност 4: НИ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерка:</td><td colspan="7">1.1. БРЕНДИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ИПР</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Активности/Проекти</th><th rowspan="2">Краток опис на активноста/рроектот</th><th rowspan="2">Модел на финансирање:</th><th rowspan="2">Инвестиција (ЕВРА)</th><th colspan="3">Период на имплементација (години)</th><th rowspan="2">Одговорен</th></tr>
<tr><th>2-3</th><th>3-5</th><th>5-10</th></tr>
<tr><td>1. Студија за брендирање на ИПР</td><td>Изработка на студија за брендирање на ИПР</td><td>Јавно</td><td>20.000</td><td>X</td><td></td><td></td><td>ЦР ИПР</td></tr>
<tr><td>2. Брендирање на регионални производи (храна, настани, манифестации)</td><td>Програма за брендирање на ИПР - практична имплементација на препораките од студијата</td><td>Јавно-приватно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td>ЦР ИПР</td></tr>
<tr><td>3. Изработка на листа карактеристични производи од ИПР вредни за „Green Label”</td><td>Студија за идентификација на потенцијали на карактеристични производи од ИПР за стекнување со @Green Label” и поддршка во процесот на стекнување на ваквата марка</td><td>Јавно</td><td>20.000</td><td>X</td><td></td><td></td><td>ЦР ИПР</td></tr>
<tr><td>4. Изработка на лого – симбол – препознатлив бренд за конфекциски производ</td><td>Поддршка на текстилната индустрија (кластер) во подобрување на нивната видливост и препознатливост преку дизајн и изработка на лого – симбол за конфекциски производ од ИПР</td><td>Приватно</td><td>ТДО</td><td></td><td>X</td><td></td><td>Бизнис сектор</td></tr>
<tr><td>5. “ИПР - Регион на оризот“</td><td>Со создавањето на патеката на оризот ќе се постигне уникатност на регионот што ќе претставува конкурентна предност како пред другите региони во РМ така и пошироко на Балканот</td><td>Јавно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td>ЦР ИПР</td></tr>
<tr><td>6. Заштитено географско потекло на производи од ИПР</td><td>Студија за идентификација на потенцијали на карактеристични производи од ИПР за стекнување со заштитено географско потекло и поддршка во процесот на стекнување на ваквата марка</td><td>Јавно-приватно</td><td>ТДО</td><td>X</td><td>X</td><td></td><td>ЦР ИПР</td></tr>
</table>

| **Мерка:** | 1.2. МАРКЕТИНГ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ НА ИПР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности/Проекти | Краток опис на активноста/проектот | Модел на финансирање: | Инвестиција (ЕВРА) | Период на имплементација (години) | | | Одговорен |
| 1. Туристичка маркетинг стратегија на ИПР | Изработка на маркетинг стратегија на туризмот во ИПР | Јавно | 20.000 | X | | | ЦР ИПР |
| 2. Веб туристички портал на ИПР | ГИС мапирање на туристичките атрактивности и изработка на веб туристички портал за ИПР. На истиот на систематизиран начин би можеле да се регистрираат сите заинтересирани лица и компании, кои нудат некој производ или услуга поврзани со туризмот. Покрај можноста за регистрација во базата, добра пракса е базата да има и едукативен карактер за потенцијалните интересенти, односно да нуди и стручна литература неопходна за едукација.<br>На пр. - кои се минималните предуслови за одредено семејство го нуди својот дом, или куќа за сместување на туристи, што е потребно и на кој начин се станува туристички водич, законски прописи во областа на туризмот итн. | Јавно | 10.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |
| 3. Промотивен материјал за туризмот во ИПР | Изработка на брошурки за најзначајните објекти, локалитети, обичаи, настани, со цел популаризација на истите и запознавање на домашните потенцијални туристи. Брошурите можат да содржат и легенди и приказни кои на интересен начин ќе ги доближат атракциите до потенцијалните туристи. Создавање квалитетен промотивен материјал од типот на промотивни видеа, висококвалитетни фотографии, и нивно поставување на соодветен туристички портал и интеграција со социјалните мрежи. Поставување на овие материјали во „Публиц” домен, со што се отвора можноста истите да бидат употребени во промотивни цели од секое заинтересирано лице или, пак, фирма, нормално со претходна дозвола на имателот на овие дела. Оваа практика е покажана како успешна во многу примери и истата значително ги олеснува промотивните кампањи на туристичките агенции, хотелите, ресторантите, општините и сл. | Јавно | ТДО | X | X | | ЦР ИПР, Општините |
| 4. Календар на настани во ИПР | Изготвување и публикување на календар на настани во ИПР во печатена и дигитална форма. Во овој календар на настани би влегле оние настани кои имаат најголем потенцијал за посета | Јавно | 5.000 | X | | | ЦР ИПР, Општините |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од страна на туристи, и би биле основа за осмислување на еднодневни/дводневни екскурзии до други атракции, или комбинирани туристички тури со што би се запазил регионалниот принцип и би имале корист поголем број од локалното население. | | | | | | |
| 5. „Користи го е-туризмот“ | Проекти и активности за презентирање и рекламирање на сместувачките капацитети на Booking.com, TripAdvisor, AirBNB и други светски познати е-туристички портали | Јавно | ТДО | Х | Х | Х | ЦР ИПР, Општините |
| 6. “ИПР туризам на мобилен“ | Креирање на андроид апликација, која би се ставила во функција на туристите, нудејќи им ги сите неопходни информации во зависност од локацијата во тие се наоѓаат. | Јавно-приватно | 5.000 | Х | | | ЦР ИПР, Општините |
| 7. Промоција на туристички настани и производи | Организирање фестивали и манифестации. Учество на саеми за туризам. Меѓународните саеми во организација на АППРМ се одлична можност за меѓународна промоција на ИПР фестивалите, за новокреираните туристички производи | Јавно-приватно | ТДО | Х | Х | Х | ЦР ИПР, Општините во соработка со Агенцијата |
| 8. Покана на туристички агенции од регионот со цел запознавање на истите и понуда на регионот | Неопходна е соработката со туристичките агенции од ИПР заради креирање на квалитетен комплетен туристички производ и негово пласирање во РМ и во меѓународни рамки. Во Стратегијата се јасно издвоени атракциите кои можат да бидат дел од тие производи-сами атракции или група на атракции. | Јавно-приватно | ТДО | | Х | | Туристички агенции |
| 9. Покана на туристички писатели со цел вметнување на најзначајните атракции во странски туристички водичи | Наметнувањето на туристичките писатели и презентирањето на самите нив е од особено значење за меѓународна промоција на ИПР. Најпрестижните туристички писатели можат многу да придонесат за зголемена посета од страна на туристите од поширокото опкружување. | Јавно | | x | x | Х | ЦР ИПР, Општините |
| 10. Промотивни документарни филмови за ИПР и богатото движно и недвижно културно наследство | Изготвување промотивни документарни, но и туристички видео разгледници е од особено значење за промоција во РМ и во меѓународни рамки. За истите да се ангажираат професионалци од оваа област.Филмовите да се промовираат на меѓународни саеми. | Јавно | | | x | | ЦР ИПР, Општините |

## 13.4 ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Акцискиот план може да се финансира со средствата за рамномерен регионален развој од Буџетот на РМ, буџетите на линиските министерства, буџетите на општините од ИПР, средства од буџетот на Република Македонија, средства од бизнис заедницата и дополнителна финансиска помош и поддршка обезбедени преку финансирање проектни активности од страна на други национални и/или меѓународни институции и организации.

Покрај финансиските средства што ќе бидат одобрени од страна на Советот на ИПР и Советите на општините во ИПР, како и добиените средства во рамките на повиците за доставување проекти од министерствата, дополнителни финансиски средства за финансирање на активностите и проектите кои ќе произлезат од овој акциски план ќе се бараат од следниве извори:

| **Финансиска програма** | **Институција** |
|---|---|
| Различни програми и проекти | Влада на РМ |
| Финансирање проекти од областа на туризмот | министерства при Владата на РМ<br>донатори и меѓународни финансиски институции |
| Инфраструктура | Министерство за транспорт и врски<br>Министерство за животна средина<br>Министерство за економија<br>донатори и финансиски институции во РМ |
| Фондови на ЕУ, вклучително ИПА 1 и 2 | Европска комисија и Централното одделение за финансирање и договори (CFCD - Central Finance and Contracting Department) |
| Програми и проекти поврзани со туризмот | национални агенции |
| Различни типови проекти | донаторите во РМ |
| Кредитни линии за општините | на пр. Проектот за подобрување на општинските услуги (Светска банка) |
| ЈПП | бизнис секторот |

# 13.5 КОСТ БЕНЕФИТ АНАЛИЗА

## 13.5.1 Методолошки пристап во кост бенефит анализа (CBA)

За процена на економските и социјалните придобивки од инвестициите предвидени со проектите за развој на туризмот во Источниот плански регион во периодот 2016-2025 година препорачливо е да се изработат физибилити студии, во чија основа е користењето на кост бенефит анализа (CBA). Суштината на CBA е проценка на паричните еквиваленти на кост бенефит и трошоците од примената на предвидените проектни активности со цел да се одлучи дали истите се прифатливи, корисни и одржливи.

Со помош на оваа метода за оценка, кост бенефит кои ќе произлезат од (на пример) подобрувањата на пристапот до туристичките атракции, развојот на туристичката инфраструктура, подобрувањата во животната средина, зголемениот број домашни и странски посетители, развојот на селата во регионот, како и нивната одржливост се разгледуваат наспроти трошоците поврзани со мерките, активностите и проектите за нивно постигнување.

Со цел да се добие реална квантификација на многуте компоненти на трошоците и кост бенефит и да се постигнат општо прифатливи решенија, односно за да се дојде до релевантни заклучоци за изводливоста и прифатливоста на проектот, сите негови позитивни и негативни страни се изразени во една заедничка единица, односно сите придобивки и трошоци на проектот се изразени во еквивалент на нивната парична вредност. Ова практично значи дека проектот ќе генерира комерцијална корист, но и корист која не можат директно да се изрази во нивната парична вредност, иако индиректно постои соодветен паричен износ кој примателите на користа можат да го сметаат како „добро“ од проектниот бенефит. Повеќето апстрактни придобивки, како на пример, заштита на отворен простор на определени локации, имаат ограничена парична вредност за јавноста. За таа цел во економската анализа се применува класична CBA за проектите за кои можат да се квантифицираат јасно определени комерцијални придобивки за корисниците од тие придобивки, но и специфична CBA, која се применува за проекти, на пример, во областа на животната средина, за проектни активности кои немаат јасно диференцирани комерцијални придобивки.

CBA во оваа сфера треба да ги идентификува кост бенефит изразени како подобрувања во човековата добросостојба и трошоците дефинирани како намалување или влошување на именуваната специфична човекова добросостојба.

За проектите и политиките да бидат оценети како подобни врз основа на CBA, потребно е општествените и комерцијалните придобивки да ги надминуваат планираните трошоци.

## 13.5.2 Влезни инпути за кост бенефит анализа

Со оглед дека овој Акционен план е прв од ваков вид во ИПР, активностите и проектите кои се идентификувани во истиот се со различен степен на развиеност од страна на различните чинители/засегнати страни за развојот на туризмот во ИПР. Во прилозите се дадени осум (8) т.н. проектни карти кои даваат повеќе детали за самите проекти. Овие идентификувани проекти може да се разгледуваат и како интегрирана целина на проекти, интегрирани во Програма на првични чекори за развој на туризмот во ИПР.

За да може да се направи СВА потребна е што појасна и пореална квантификација на трошоците и придобивките, која треба да се направи при изработка на физибилити студии за самите проекти или при деталното планирање на проектните апликации за потребите на различните извори на финансирање.

Овде ќе дадеме еден можен пристап во оценката на оправданоста на т.н *Програма на првични чекори за развој на туризмот во ИПР*, која во себе обединува проекти од развој на туристичката понуда, туристичкиот маркетинг, развој на туристичката инфраструктура и развој на човечките ресурси во ИПР за развој на туризмот.

Анализата на Програмата се базира врз идентификација на клучните параметри за трошоците на инвестицијата, како и идентификацијата на сите комерцијални и социјални придобивки од спроведување на програмата. Планирано е проектите кои се дел од програмата да се спроведат во период од две години, при што за оние проекти кои се планирани во две фази (времетраењето на една фаза е една година), во првата година да се инвестираат 60% од средствата, а во втората 40% од потребните средства. Врз основа на овие претпоставки подолу се дадени инпутите за трошоците за имплементација на програмата по фази:

- Фаза I: 668.000 евра
- Фаза II: 212.000 евра

Вкупни трошоци на Програмата на првични чекори за развој на туризмот во ИПР се проценуваат на 880.000 Евра (Табела 10).

**Табела 10**

| **ПРОГРАМА ЗА ПРВИЧНИ ЧЕКОРИ ВО РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР** | | | **Фази на имплементација на Програмата/Проектот** | | **Финансиски ресурси** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | Име на проектот | Категорија на проектот: | 1 | 2 | Вкупно | Општини во ИПР | Донатори |
| 1 | Е-туристичка промоција на сместувачките капацитети во ИПР | Туристички маркетинг | 42.000 | 28.000 | 70.000 | 20.000 | 50.000 |
| 2 | Туристички ГИС на ИПР | Туристички маркетинг | 60.000 | 40.000 | 100.000 | 20.000 | 80.000 |
| 3 | Геопарк Лесново | Развој на туристичка понуда | 96.000 | 64.000 | 160.000 | 20.000 | 140.000 |
| 4 | Создавање на координативно тело/кластер за развој на туризмот во ИПР | Развој на човечки ресурси | 50.000 | | 50.000 | 10.000 | 40.000 |
| 5 | Еко-етно парк во Чешиново-Облешево | Развој на туристичка понуда | 100.000 | | 100.000 | 20.000 | 80.000 |
| 6 | Еко-етно камп во с. Зрновци | Развој на туристичка понуда | 120.000 | 80.000 | 200.000 | 40.000 | 160.000 |
| 7 | Традицијата и вештините како алатка за развој на туризмот | Развој на туристичка понуда | 50.000 | | 50.000 | 10.000 | 40.000 |
| 8 | Патокази до атрактивности на ИПР | Туристичка инфраструктура | 150.000 | | 150.000 | 20.000 | 130.000 |
| **ВКУПНО** | | | **668.000** | **212.000** | **880.000** | **160.000** | **720.000** |

Покрај погореопфатените проекти, за потребите на анализата, со цел да се опфатат и инвестициите од населението, е претпоставена рехабилитација и адаптација на 45 селски куќи кои можат да се стават во функција на развој на алтернативни форми на селски, планински, ловен и агротуризам. Инвестициите ќе бидат од страна на сопствениците на објектите.

Инпути за процена на комерцијални придобивки[13]:

- Предвиден број на дополнителни посетители во ИПР како резултат на имплементација на *Програма на првични чекори за развој на туризмот во ИПР*: - 7500 посетители во првата година
- Предвиден број на дополнителни стационирани туристи: 20% од предвидениот број на посетители – 1500 туристи во првата година
- Цена за ноќевање со појадок и вечера 20 евра/лице
- Приходи на локалното население врз основа на дневни расходи на посетители (угостителски услуги и набавка на други локални производи и услуги): 8 евра/лице/ден.
- Приходи на локално население по основа на купување сувенири, локални еколошки производи, користење услуги на локални водичи и др. услуги: 6 евра/лице/ден.
- Периодот на реализација на проектите од програмата е претпоставен до 2 години.
- Периодот на реализација на рехабилитација и адаптација на старите селски куќи, 45 на број, кои можат да се стават во функција на развој на алтернативни форми на селски, планински, ловен и агротуризам е претпоставен на 3 години

### 13.5.3 Кост бенефит анализа

Анализата трошоци – корисност се базира на проценет број на туристички посети кои ќе се остваруваат на база ноќевање со појадок и вечера и број на посетители на дневна основа. Доколку ИПР се интегрира во интегралната туристичка понуда за Северо-источниот, Вардарскиот и Југо-источниот плански регион, може да ги привлече домашните и странски туристи кои гравитираат во овие региони. Планираниот дополнителен обем на посетители во ИПР е даден во Табелата 11.

**Табела 11**

| Опис | Пред Инвест ирање | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 | Година 5 | Година 6 | Година 7 | Година 8 | Година 9 | Година 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечен број на ноќевања | 0 | 1.500 | 3.000 | 4.500 | 5.400 | 6.300 | 6.750 | 7.200 | 7.650 | 8.100 | 8.550 |
| Просечен број на посетители кои не остваруваат ноќевања/годишно | 0 | 6.000 | 12.000 | 18.000 | 21.600 | 25.200 | 27.000 | 28.800 | 30.600 | 32.400 | 34.200 |
| **ВКУПНО** | 0 | 7.500 | 15.000 | 22.500 | 27.000 | 31.500 | 33.750 | 36.000 | 38.250 | 40.500 | 42.750 |

[13] Вредноста на инпутите е одредена врз база на анализа на податоците од тековните постигнувања во туристичкиот сектор во ИПР

Претпоставката за анализата е дека со имплементација на *Програма на првични чекори за развој на туризмот во ИПР* може да се привлечат нови 7.500 посетители во првата година или нови 1500 туристи кои остваруваат ноќевање и оброци. Постојната посетеност на регионот е 26.000 туристи годишно.

Доколку се реализираат предвидените активности за сите 8 проекти од програмата и ставањето во функција на 45 селски куќи, се очекува посетеноста да порасне на околу 9.000 нови туристи на годишно ниво. Реално е да се очекува дека ова оптимистичко сценарио, поддржано од реализацијата на тековните и планираните национални и регионални инфраструктурни проекти, како и спроведување на другите активности и проекти од Акциониот план, може да се реализира за период од 5 до 10 години, а по првите пет години по засилената промотивна кампања и интегрирање на Источниот регион во поширокатa туристичка понуда посетеноста да се зголеми со околу 32.000 нови посетители/годишно.

Вкупно проценетите трошоци за инвестирање во *Програма на првични чекори за развој на туризмот во ИПР*, во проекти од развој на туристичката понуда, туристичкиот маркетинг, развој на туристичката инфраструктура и развој на човечките ресурси во ИПР за развој на туризмот ќе изнесуваат околу 880.000 евра.

При анализа и пресметка на трошоците, освен основните инвестициски трошоци во фазите на реализација се предвидуваат годишни трошоци за одржување до 10% од основната инвестициска вредност во секоја фаза.

Директните материјални трошоци за реализација на проектот и трошоците за одржување се дадени во Табела 12.

**Табела 12**

| **ПРОГРАМА ЗА ПРВИЧНИ ЧЕКОРИ ВО РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР** | | | Пред инвестирање | **Година** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | Име на проектот | Категорија на проектот: | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Е-туристичка промоција на сместувачките капацитети во ИПР | Туристички маркетинг | 0 | 42.000 | 28.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 |
| 2 | Туристички ГИС на ИПР | Туристички маркетинг | 0 | 60.000 | 40.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 |
| 3 | Геопарк Лесново | Развој на туристичка понуда | 0 | 96.000 | 64.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 |
| 4 | Создавање на координативно тело/кластер за развој на туризмот во ИПР | Развој на човечки ресурси | 0 | 50.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 |
| 5 | Еко-етно парк во Чешиново-Облешево | Развој на туристичка понуда | 0 | 100.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Еко-етно камп во с.Зрновци | Развој на туристичка понуда | 0 | 120.000 | 80.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 |
| 7 | Традицијата и вештините како алатка за развој на туризмот | Развој на туристичка понуда | 0 | 50.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 |
| 8 | Патокази до атрактивности на ИПР | Туристичка инфраструктура | 0 | 150.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 |
| **ВКУПНО** | | | **0** | **668.000** | **247.000** | **88.000** | **88.000** | **88.000** | **88.000** | **88.000** | **88.000** | **88.000** | **88.000** |

За утврдување на комерцијалните придобивки и одржливоста на проектот се утврдени и единечните цени за планираните услуги за туристите и цените за продажба на сувенири и други производи (Табела 13).

**Табела 13**

| **Единечни цени за туристички производи и услуги** | | **Пред инвестирање** | **Година** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | Опис | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Просечна цена за ноќевање со појадок и вечера | | 20 | 20 | 21,0 | 22,1 | 23,2 | 24,3 | 25,5 | 26,8 | 28,1 | 29,5 |
| 2 | Единечни цени за користење на локални угостителски услуги, гастрономски специјалитети од локална кујна | | 8 | 8 | 8,4 | 8,8 | 9,3 | 9,7 | 10,2 | 10,7 | 11,3 | 11,8 |
| 3 | Единечни цени за купување сувенири, локални еколошки производи, услуги на локални водичи и сл. | | 6 | 6 | 6,3 | 6,6 | 6,9 | 7,3 | 7,7 | 8,0 | 8,4 | 8,9 |

Со ваквите влезни инпути можно е да се реализираат задоволително ниво на приходи за локалното население по сите три основи: издавање на сместувачки капацитети, давање угостителски услуги, како и продажба на сувенири и давање други услуги на туристите. Планираните придобивки се дадени во Табела 14.

**Табела 104**

| **Единечни цени за туристички производи и услуги** | | **Пред инвестирање** | **Година** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **#** | **Опис** | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
| 1 | Приходи од стационарни туристи | 0 | 30.000 | 60.000 | 94.500 | 119.070 | 145.861 | 164.093 | 183.785 | 205.035 | 227.950 | 252.645 |
| 2 | Приходи од угостителски услуги | 0 | 48.000 | 96.000 | 151.200 | 190.512 | 233.377 | 262.549 | 294.055 | 328.055 | 364.720 | 404.232 |
| 3 | Приходи од продажба на сувенири, локални еколошки производи, услуги на локални водичи и сл. | 0 | 45.000 | 90.000 | 141.750 | 178.605 | 218.791 | 246.140 | 275.677 | 307.552 | 341.925 | 378.967 |
| | **ВКУПНО** | 0 | **123.001** | **246.002** | **387.453** | **488.191** | **598.034** | **672.789** | **753.524** | **840.650** | **934.605** | **1.035.854** |

Трошоците за рехабилитација и адаптација на старите селски куќи кои можат да се стават во функција на развој на алтернативни форми на селски, планински, ловен и агротуризам се пресметани во интегралната анализа - трошоци&бенефити, бидејќи истите ќе бидат на товар на сопствениците на објектите. Се предвидува дека за период од три години можат да се санираат и адаптираат до 45 селски куќи (секоја година по 15). Секоја поединечна санација е планирана со трошок од 10.000 евра по објект. Се смета дека е реално овие инвестиции да се одвиваат со динамика која ќе биде усогласена со порастот на бројот на посетители, посебно на оние кои се со намера да поминат и по неколку дена во Источниот плански регион. Согласно постоечките иницијативи, промоции и достапни финансиски ресурси, се предвиде овие инвестиции да се одвиваат со динамика од три години. Предвидените придобивки се прикажани во Табела 15.

**Табела 15**

| | | Пред инвестирање | Година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | Опис | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | **ПРИХОДИ** | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра | Евра |
| 1 | Приходи од стационарни туристи | 0 | 30.000 | 60.000 | 94.500 | 119.070 | 145.861 | 164.093 | 183.785 | 205.035 | 227.950 | 252.645 |
| 2 | Приходи од угостителски услуги | 0 | 48.000 | 96.000 | 151.200 | 190.512 | 233.377 | 262.549 | 294.055 | 328.055 | 364.720 | 404.232 |
| 3 | Приходи од продажба на сувенири, локални еколошки производи, услуги на локални водичи и сл. | 0 | 45.000 | 90.000 | 141.750 | 178.605 | 218.791 | 246.140 | 275.677 | 307.552 | 341.925 | 378.967 |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **123.001** | **246.002** | **387.453** | **488.191** | **598.034** | **672.789** | **753.524** | **840.650** | **934.605** | **1.035.854** |
| | | | | | | | | | | | | |
| | **РАСХОДИ** | | | | | | | | | | | |
| | **ИНВЕСТИЦИСКИ РАСХОДИ** | | | | | | | | | | | |
| 1 | Е-туристичка промоција на сместувачките капацитети во ИПР | 0 | 42.000 | 28.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 | 7.000 |
| 2 | Туристички ГИС на ИПР | 0 | 60.000 | 40.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 |
| 3 | Геопарк Лесново | 0 | 96.000 | 64.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 16.000 |
| 4 | Создавање на координативно тело/кластер за развој на туризмот во ИПР | 0 | 50.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 |
| 5 | Еко-етно парк во Чешиново-Облешево | 0 | 100.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 |
| 6 | Еко-етно камп во с.Зрновци | 0 | 120.000 | 80.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 |
| 7 | Традицијата и вештините како алатка за развој на туризмот | 0 | 50.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 |
| 8 | Патокази до атрактивности на ИПР | 0 | 150.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 |
| 9 | САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА СЕЛСКИ КУЌИ | | 150.000 | 165.000 | 180.000 | 45.000 | 45.000 | 45.000 | 45.000 | 45.000 | 45.000 | 45.000 |
| | ДРУГИ НЕПРЕДВИДЕНИ РАСХОДИ | | 45.000 | 47.250 | 49.613 | 52.093 | 54.698 | 57.433 | 60.304 | 63.320 | 66.485 | 69.810 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | **863.000** | **459.250** | **317.613** | **185.093** | **187.698** | **190.433** | **193.304** | **196.320** | **199.485** | **202.810** |
| | **ОДНОС ТРОШОЦИ/ПРИДОБИВКИ** | | **-739.999** | **-213.248** | **69.841** | **303.098** | **410.336** | **482.356** | **560.219** | **644.330** | **735.120** | **833.044** |

Според сценариото за инвестиции и придобивки за *Програмата на првични*

*чекори за развој на туризмот во ИПР*, во која се содржат проекти од развој на туристичката понуда, туристичкиот маркетинг, развој на туристичката инфраструктура и развој на човечките ресурси во ИПР за развој на туризмот, се добиваат позитивни економски параметри.

Рациото трошоци/бенефити во анализираниот десетгодишен период покажува дека освен во првата година, кога трошоците ги надминуваат приходите, во сите наредни години во периодот придобивките ги надминуваат трошоците. Ова е логично ако се земе предвид фактот дека првата година е период во кој ќе се спроведуваат планираните инвестиции. Приходите (придобивките) од проектот е реално да се очекуваат во наредните години, особено по засилената промотивна кампања и вложувањата од страна на локалното население.

Рациото трошоци/приходи во првата година е негативно бидејќи трошоците се димензионирани така што се за 702% повисоки од остварените приходи. Во сите наредни периоди трошоците имаат тренд на опаѓање, односно во втората година се на ниво од 187% од остварените приходи, во третата година на ниво од 82% од приходите, во четвртата година 38% од приходите, и во десеттата година се на ниво од 20% од остварените приходи. Во Табела 16 е даден во % односот трошоци/придобивки.

**Табела 16**

| **година** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОДНОС ТРОШОЦИ/ПРИДОБИВКИ %** | **702%** | **187%** | **82%** | **38%** | **31%** | **28%** | **26%** | **23%** | **21%** | **20%** |

Движењето на трошоците во однос на приходите за период од 10 години е претставено на Графикот 4.

**График 4**




Клучните економски параметри: Нето сегашна вредност (NPV) и Интерна стапка на рентабилност (IRR) се позитивни и упатуваат на заклучокот дека програмата е економски ефикасна и одржлива како што се потврдува и со односот трошоци –

корисност.

Нето сегашната вредност (NPV) определена е со дисконтен фактор од 5% изнесува 1.912.485 евра, а интерната стапка на рентабилност (IRR) е 0,28, т.е поголема од „0“.

Комерцијалните придобивки од програмата јасно укажуваат на нејзината економска исплатливост и одржливост. Програмата освен комерцијални ефекти има и социјални придобивки. Социјалните придобивки се состојат во:

- Амортизирање на процесот на миграции село-град во рамките на регионот
- Поголеми можности за самовработување преку развој на претприемнички потфати базирани на развој на туризмот и искористување на неговите лукративни својства
- Развој на локалната економија
- Промоција на локалните традиции во сферата на гастрономијата и културата
- Промоција на туристичките атракции на регионот.

# ПРИЛОГ

# 14.ПРИМЕРИ НА ПРОЕКТНИ КАРТИ КАКО ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР

**ПРОЕКТНА КАРТА 1**

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | **Е-туристичка промоција на сместувачките капацитети во ИПР** |
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | Туристички маркетинг |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: МАРКЕТИНГ И БРЕНДИРАЊЕ<br>Стратешка приоритетна цел: 1.2<br>МАРКЕТИНГ НА ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ ВО ИПР |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани и друг инволвиран партнер доколку постои) | ИПР |
| **Поднесена од:** | ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |
| **ОПИС НА ПРОЕКТОТ** | |
| **Цел на проектот: Промоција на сместувачки објекти на глобалните туристички портали** | |
| **Очекувани резултати:**<br>• Зголемена посетеност на ИПР<br>• Меѓународна промоција на ИПР<br>• Подобрена туристичка понуда<br>• Засилен развој на туризмот<br>• Економски развој | |
| **Активности:**<br>(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)<br>Прва фаза<br>А1: Воспоставување методолошки пристап и подготвителни активности<br>А2: Избор на заинтересирани субјекти кои нудат сместување (по можност што поголем број) во ИПР | |

A3: Одржување на работилници за запознавање на заинтересираните со можностите на интернет презентација и промоција (со покана на соодветни лица од струката и субјекти од регионот и пошироко со искуство во овој сегмент)
A4: Запознавање со Booking.com, Expedia, AirBNB и др.

Втора фаза
A3: Подготовка за вклучување на заинтересираните субјекти во промоција на е-туристичките портали (подготовка на содржини, описи, фотографии)
A4: Регистрација и промоција на порталите
A5: Следење на резултатите и давање препораки
A6: Одржување на завршна конференција

**Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**
(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)
E1: Зголемена понуда на сместувачки капацитети од ИПР на интернет
E2: Зголемена посетеност и туристички промет
E3: Подобрен квалитет на услуги
E4: Подобрена туристичка промоција
E5: Засилен развој на туризмот
E6: Економски развој

**Корисници на проектот:**
**Директни корисници (клучни):**
ИПР
**Индиректни корисници:**
(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)
**Туристи, сопственици на сместувачки објекти, економијата на ИПР и на РМ,**

**Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна)**:**
- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем
  Овој проект ќе има за цел да се зголеми застапеноста и промоцијата на сместувачките капацитети во ИПР (која сега е на многу ниско ниво) на глобалните интернет туристички портали: Booking, Expedia, AirBNB. Според искуствата од регионот и од Македонија, присутноста на сместувачки објекти на овие портали, значи неколкукратна зголемена посетеност, посебно ако се води сметка за брзо и позитивно реагирање на забелешките, барањата и потребите на туристите. Со тоа ќе се покачи нивото на услуги и севкупниот ефект од туризмот во регионот.
- Активности и фази застапени во проектот
  Прва фаза
  - Воспоставување методолошки пристап и подготвителни активности
  - Избор на заинтересирани субјекти кои нудат сместување (по можност што поголем број) во ИПР
  - Одржување на работилници за запознавање на заинтересираните со можностите на интернет презентација и промоција (со покана на соодветни стручни лица)
  - Запознавање со Booking.com, Expedia, AirBNB и др.

Втора фаза
- Подготовка за вклучување на заинтересираните субјекти во промоција на е-туристичките портали (подготовка на содржини, описи, фотографии)
- Работилница за подобрување на квалитетот на понудата во сместувачките објекти, како и односот кон туристите

| |
|---|
| • Избор на најсоодветни е-туристички портали согласно типот на сместувачки објекти<br>• Регистрација и промоција на порталите<br>• Следење на резултатите и давање препораки за што подобри оценки од туристите<br>• Одржување на завршна конференција |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br>Човечки ресурси: Стручни лица од областа на е-туризмот, консултанти, сопственици на сместувачки објекти. |
| **Финансии (вкупно): 70.000 евра**<br>**Од ИПР: 0-20.000 евра**<br><br>**Од надворешни извори на финансирање: 50.000-70.000 евра (донатори)** |

## ПРОЕКТНА КАРТА 2

| Име на проектот | Туристички ГИС на ИПР |
|---|---|
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | Туристички маркетинг |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: МАРКЕТИНГ И БРЕНДИРАЊЕ<br>Стратешка приоритетна цел: 1.2<br>МАРКЕТИНГ НА ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ ВО ИПР |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани и друг инволвиран партнер доколку постои) | ИПР |
| **Поднесена од:** | ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

**Цел на проектот: Изработка на туристички ГИС на ИПР, а преку него подобрена туристичка промоција на ИПР во Македонија и во странство**

**Очекувани резултати:**

- Изработка на интегриран туристички ГИС на ИПР
- Изработка на тематски туристички мапи за ИПР
- Меѓународна промоција на ИПР
- Подобрена туристичка понуда
- Зголемена посетеност
- Засилен развој на туризмот
- Економски развој

**Активности:**

(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)

Прва фаза

А1: Воспоставување на методологија и содржина на ГИС-от

А2: Мапирање и изготвување на датабази за сите атракции, понуди, сместувачки капацитети, угостителски објекти и други туристички содржини во ИПР

А3: Изработка на туристички ГИС на ИПР

Втора фаза

А3: Изработка на тематски туристички мапи на ИПР

А4: Изработка на веб-страница врз основа на туристичкиот ГИС на ИПР

| |
|---|
| А5: Воспоставување на одговорна структура задолжена за ажурирање и одржување на ГИС-от и порталот |
| **Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**<br>(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)<br>Е1: Постоење на интегриран ГИС со сите туристички содржини во ИПР<br>Е2: Можност за изработка на разновидни тематски туристички мапи<br>Е3: Воспоставување на туристички ГИС портал на ИПР<br>Е4: Меѓународна промоција на ИПР<br>Е5: Подобрена туристичка понуда<br>Е6: Зголемена посетеност<br>Е7: Засилен развој на туризмот<br>Е8: Економски развој |
| **Корисници на проектот:**<br>**Директни корисници (клучни):**<br>ИПР<br>**Индиректни корисници:**<br>(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)<br>**Туристи, економијата на РМ,** |
| **Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна):<br>- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем<br>Географските информациски системи се неопходни за воспоставување на интегрален преглед на туристичките содржини, атракции, понуди и можности во ИПР. Воедно, со помош на ГИС ќе можат да се изработат квалитетни туристички мапи за ИПР или за кој било дел на регионот. Туристичкиот ГИС може да биде основа за добар туристички портал, а со тоа и одлична туристичка промоција на ИПР.<br>- Активности и фази застапени во проектот<br>Прва фаза<br>• Воспоставување на методологија и содржина на ГИС-от<br>• Мапирање и изготвување на датабази за сите атракции, понуди, сместувачки капацитети, угостителски објекти и други туристички содржини во ИПР<br>• Изработка на туристички ГИС на ИПР<br>• Промоција на туристичкиот ГИС<br>Втора фаза<br>• Изработка на тематски туристички мапи на ИПР<br>• Изработка на веб-страница врз основа на туристичкиот ГИС на ИПР<br>• Воспоставување на одговорна структура задолжена за ажурирање и одржување на ГИС-от и порталот |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br>Човечки ресурси: Стручни лица од областа на ГИС, ВЕБ и мапирање. |
| **Финансии (вкупно): 100.000 евра**<br>**Од ИПР: 0-20.000 евра**<br>**Од надворешни извори на финансирање: 80.000-100.000 евра (донатори)** |

**ПРОЕКТНА КАРТА 3**

| Име на проектот | Геопарк Лесново |
|---|---|
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | Развој на туристичка понуда |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ПОНУДА<br>Стратешка приоритетна цел:1.2<br>РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани и друг инволвиран партнер доколку постои) | Општина Пробиштип во координација со ИПР |
| **Поднесена од:** | Општина Пробиштип |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

**Цел на проектот: Развој на еко туризмот во регионот**

**Очекувани резултати:**

- Меѓународна промоција на Лесново, општина Пробиштип и целиот ИПР
- Зачувување на природата
- Зголемена посетеност
- Пристап до ЕУ фондови наменети за развој на геопаркови
- Развиен еко туризам
- Користење на природното богатство како ресурс за развој на туризмот
- Едуцирано на локалното население за правилно користење на природните ресурси
- Економски развој

**Активности:**

(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)

Прва фаза

А1: Изработка на проектна студија

А2: Воспоставување одговорна структура задолжена за активностите околу геопаркот

А3: Воспоставување соработка со геопаркови од Хрватска, Словенија и/или Грција заради размена на искуства и помош во аплицирањето

Втора фаза

А3: Изработка на апликација за Геопарк Лесново до Европската мрежа на геопаркови

А4: Подготовка и помош во фазата на евалуација од странските експерти

А5: Изработка на веб-страница, брошури и друг промотивен материјал

| |
|---|
| А6: Изработка на План за управување со Геопарк Лесново |
| **Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**<br>(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)<br>Е1: Меѓународна промоција на Лесново и целиот ИПР врз основа на Геопаркот<br>Е2: Зачувана природа<br>Е3: Зголемена продажба на локални производи<br>Е4: Развиен туризам во подрачјето на геопаркот и во целиот ИПР<br>Е5: Економски развој на регионот |
| **Корисници на проектот:**<br>**Директни корисници (клучни):**<br>Општина Пробиштип<br>**Индиректни корисници:**<br>(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)<br>**Туристи, економијата на РМ,** |
| **Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна):<br>- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем<br>Геопарковите стануваат препознатливи европски туристички простори, кои привлекуваат сè повеќе внимание и посетеност. Тие укажуваат на атрактивност од геолошки, релјефен, климатски, хидролошки аспект, но и во однос на севкупната природа, културно наследство и традицијата во областа. Во таа смисла, Лесново со стариот вулкански релјеф, кратерот, геоформациите и сл. ги има сите услови да стане Европски геопарк. Ако го добие тој статус, не само што ќе биде брендиран простор (со логото на Европски геопаркови), туку ќе има приоритет во финансирање на разни проекти, зголемена посетеност, засилен развој на општина Пробиштип, па и на целиот ИПР. Севкупната постапка вообичаено трае од една до две години.<br>- Активности и фази застапени во проектот<br>Прва фаза<br>• Изработка на проектна студија за идниот геопарк Лесново (можности, атракции, конкретни чекори и сл.)<br>• Воспоставување одговорна структура задолжена за активностите околу геопаркот<br>• Воспоставување соработка со геопаркови од Хрватска, Словенија и/или Грција заради размена на искуства и помош во аплицирањето<br>Втора фаза<br>• Изработка на апликација за Геопарк Лесново до Европската мрежа на геопаркови<br>• Подготовка и помош во фазата на евалуација од странските експерти<br>• Изработка на веб-страница, брошури и друг промотивен материјал<br>• Изработка на План за управување со Геопарк Лесново |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br>Човечки ресурси: ИПР, еколошки здруженија, производители на еко и етно производи |
| **Финансии (вкупно): 160.000 евра**<br>**Од  општински буџет: 0-20.000 евра**<br><br>**Од надворешни извори на финансирање: 140.000-160.000 евра (донатори)** |

## ПРОЕКТНА КАРТА 4

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | **Создавање на координативно тело/кластер за развој на туризмот во ИПР** |
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | Развој на човечки ресурси |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ<br>СЦ1 ГРАДЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПР КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани и друг инволвиран партнер доколку постои) | ИПР |
| **Поднесена од:** | ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

**Цел на проектот: Зајакнување на капацитетите на ИПР за развој на туризмот**

**Очекувани резултати:**
(краток опис на очекуваните резултати - во неколку точки)

- **Формирано координативно тело (КТ)**
- **Обучени членови**
- **Креирана програма за работа**

**Активности:**
(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)

А1: Селекција на учесниците во координативното тело од сите 11 општини
А2: Студиско патување
А3: Обуки за членовите на КТ
А4: Изработка на програма за дејствување
А5:Воспоставување на канцеларија
А6.Воспоставување на локални одбори
А7: Отпочнување на активности од акциониот план

**Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**
(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)
Е1: Развиени човечки ресурси во областа на туризмот во ИПР

| |
|---|
| Е1: Развиен туризам во ИПР<br>Е3: Економски развој на регионот |
| **Корисници на проектот:**<br>**Директни корисници (клучни):**<br>Населението од сите 11 општини од ИПР<br>**Индиректни корисници:**<br>(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)<br>**Туристи, економијата на РМ** |
| **Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна):<br>- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем<br>ИПР се соочува со сериозен недостиг на човечки ресурси во областа на развој на туризмот и доколку се сака да се постигне реализирање на стратегијата за развој на туризмот,неопходно е да се формира координативно тело<br>Со формирањето и ставањето во активност на КТ,ќе се започне со реализација на Стратегијата и ќе се постигнат значајни резултати во развојот на туризмот во ИПР<br>- Активности и фази застапени во проектот<br>- Селекција на учесниците во координативното тело од сите 11 општини<br>- Студиско патување<br>Обуки за членовите на КТ<br>- Изработка на програма за дејствување<br>- Воспоставување на канцеларија<br>- Воспоставување на локални одбори<br>Отпочнување на активности од акциониот план<br>- Одржливост на проектните активности<br>Одржливоста на самото КТ ќе биде преку неговите активности и реализација на стратегијата и развојот на туризмот.Подоцна во втора фаза ова тело може да прерасне во претпријатие за дестинациски менаџмент.<br>- Предвиден датум на почеток и датум на финализација на проектот |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br>Човечки ресурси: ЛЕР, бизнис сектор, вработени во културни установи, медиуми, здруженија на граѓани и др.<br>Материјални ресурси: Канцеларии, опрема за истите, едукативни материјали и прирачници и сл<br>Технички ресурси: Статут, програма за работа, избор на органи |
| **Финансии (вкупно): 50.000 евра**<br>**Од општински буџет: 0-10.000 евра**<br><br>**Од надворешни извори на финансирање: 40.000-50.000 евра (донатори)** |

## ПРОЕКТНА КАРТА 5

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | **Еко-етно парк во Чешиново-Облешево** |
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн.) | Развој на туристичка понуда |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ПОНУДА<br>Стратешка приоритетна цел:1.2<br>РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница, здружение на граѓани, и друг инволвиран партнер доколку постои) | ИПР |
| **Поднесена од:** | ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |
| **ОПИС НА ПРОЕКТОТ** | |
| **Цел на проектот: Развој на еко и етно туризам** | |
| **Очекувани резултати:**<br>• Користење на природното богатство како ресурс за развој на туризмот<br>• Едуцирано на локалното население за правилно користење на природните ресурси<br>• Промоција на етно богатството на ИПР<br>• Економски развој | |
| **Активности:**<br>(да се наведат активностите кои се планира да се презема за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)<br>А1: Поставување на 8 етно куќички<br>А2: Промоција на Село на штркови – општина Чешиново – Облешево<br>А3: Потавување на набљудувачници за птици и туристчки инфо табли<br>А4: Подготовка и реализација на саем за еко-етно производи<br>А5:Организација и реализација на школа за екологија<br>А6 :Подготовка и изработка на промотивен материјал | |
| **Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**<br>(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)<br>Е1: Зголемена продажба на локални производи<br>Е2: Развиен туризам во ИПР<br>Е3: Економски развој на регионот | |
| **Корисници на проектот:** | |

**Директни корисници (клучни):**
Општина и еколошки друштва, производители на еко и етно производи
**Индиректни корисници:**
(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)
**Туристи, економијата на РМ,**

**Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна)**:**

- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем

Од 2013 година, Чешиново – Облешево стана европско село на штрковите. Општината, истата година е прогласена за општина на годината во Европа од германската фондација Еуронатура поради грижата кон штрковите. Штркот прерасна во заштитен симбол на Чешиново-Облешево. Од друга страна во општината не постои современо уреден простор каде што туристите организирано можат да го набљудуваат животот на штрковите и истовремено да уживаат и во останатите атрактивности на општината и регионот. И крајно, во ИПР не постои место каде што туристите и другите посетители на едно место можат да купат органски производи, како и рачни ракотворби,но истовремено да пробаат и традиционално подготвена храна.

- Активности и фази застапени во проектот

• Поставување на 8 етно куќички

• Промоција на Село на штркови – општина Чешиново – Облешево

• Потавување на набљудувачници за птици и туристчки инфо табли

• Подготовка и реализација на саем за еко-етно производи

• Организација и реализација на школа за екологија

• Подготовка и изработка на промотивен материјал

**Потребни ресурси за реализација на проектот:**
Човечки ресурси: ИПР, приватен бизнис сектор, еколошки здруженија, производители на еко и етно производи

**Финансии (вкупно): 100.000 евра**
**Од општински буџет: 0-20.000 евра**
**Од надворешни извори на финансирање:80.000-100.000 евра (донатори)**

**ПРОЕКТНА КАРТА 6**

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | **Еко-етно камп во с. Зрновци** |
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | Развој на туристичка понуда |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ПОНУДА<br>Стратешка приоритетна цел:1.2<br>РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИПР |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани, и друг инволвиран партнер доколку постои) | ИПР |
| **Поднесена од:** | ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

**Цел на проектот: Развој на еко и етно туризам**

**Очекувани резултати:**

- Зачувување на природата
- Развиен еко туризам
- Користење на природното богатство како ресурс за развој на туризмот
- Едуцирано на локалното население за правилно користење на природните ресурси
- Економски развој

**Активности:**

(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)

Прва фаза

А1: Изработка на студија за одржливост

А2: Изработка на техничка документација

Втора фаза

А3: Поставување на дрвени бунгалови и инфраструктурата на кампот

А4: Подготовка и реализација на саем за еко-етно производи

А5:Организација и реализација на школа за екологија

А6 :Подготовка и изработка на промотивен материјал

**Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**

(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)

Е1: Зачувана природа

Е2: Зголемена продажба на локални производи

Е3: Развиен туризам во ИПР

| Е4: Економски развој на регионот |
|---|
| **Корисници на проектот:**<br>**Директни корисници (клучни):**<br>Општина и еколошки друштва, производители на еко и етно производи<br>**Индиректни корисници:**<br>(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)<br>**Туристи, економијата на РМ,** |
| **Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна)**:**<br>- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем<br>Иако еколошки сѐ уште е незагадена средина, ИПР не ја користи таа своја конкурентна предност пред другите региони во Р.М.Исто така локалното население нема знаење за зачувување на природата и истовремено нејзино искористување за развој на туризмот и економска добивка.<br>- Активности и фази застапени во проектот<br>Прва фаза<br>• Изработка на студија за одржливост<br>• Изработка на техничка документација<br>Втора фаза<br>• Поставување на дрвени бунгалови и инфраструктурата на кампот<br>• Подготовка и реализација на саем за еко-етно производи<br>• Организација и реализација на школа за екологија<br>• Подготовка и изработка на промотивен материјал |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br>Човечки ресурси: ИПР, приватен бизнис сектор, еколошки здруженија, производители на еко и етно производи |
| **Финансии (вкупно): 200.000 евра**<br>**Од општински буџет: 0-40.000 евра**<br>**Од надворешни извори на финансирање:160.000-200.000 евра (донатори)** |

**ПРОЕКТНА КАРТА 7**

| **Име на проектот** | **Традицијата и вештините како алатка за развој на туризмот** |
|---|---|
| **Категорија на проектот:** (инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | Развој на туристичка понуда |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:** (Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИСТИЧКА ПОНУДА<br>Стратешка приоритетна цел:2<br>ОПТИМИЗИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА КОРИСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО И БИЗНИС СЕКТОРОТ ПРЕКУ ТУРИЗМОТ |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани и друг инволвиран партнер доколку постои) | ИПР |
| **Поднесена од:** | ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

**Цел на проектот: Развој на туризмот во селата на ИПР**

**Очекувани резултати:**
(краток опис на очекуваните резултати - во неколку точки)

- **Стекнати практични вештини**
- **Локалната заедница ги пласира своите производи и го развива туризмот**
- **Поттикнат натпреварувачки дух во заедницата**
- **Стална продажна поставка на рачни изработки**

**Активности:**
(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)
А1: Организирање на работилници од областа на стари занаети (ткаење, плетење, везење, грнчарство, плетење корпи )
А2: Организирање на часови за готвење на традиционални јадења
А3: Прирачници и промотивен материјал
А4: Организирање на продажна изложба
А5 :Организирање на натпревар за најдобро традиционално јадење

**Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**
(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците)
Е1: Развиени вештини и зачувана традиција
Е2: Зголемена продажба на локални производи
Е3: Развиен туризам во ИПР

| Е4: Економски развој на регионот |
|---|
| **Корисници на проектот:**<br>**Директни корисници (клучни):**<br>Населението од сите 10 села најдобро рангирани при валоризацијата од ИПР<br>**Индиректни корисници:**<br>(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)<br>**Туристи, економијата на РМ** |
| **Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна)**:**<br>- Опис на позадината на проблемот – опис на идентификуваниот проблем<br>Во селата во ИПР не постојат организирани форми на здружување на занаетчии и занаетите полека изумираат.Исто така, со намалувањето на старото население многу традиционални јадења паѓаат во заборав.<br>Не се користат како алатка за економски и развој на туризмот.<br>- Активности и фази застапени во проектот<br>• Организирање на работилници од областа на стари занаети (ткаење, плетење, везење, грнчарство, плетење корпи )<br>• Организирање часови за готвење на традиционални јадења<br>• Прирачници и промотивен материјал<br>• Организирање на продажна изложба<br>• Организирање на натпревар за најдобро традиционално јадење |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br>Човечки ресурси: ИПР, лица од селските заедници заинтересирани за работа во туризмот<br>Материјални ресурси:,штандови, опрема за работилниците,<br>Технички ресурси: едукативни материјали и прирачници, промотивни материјали |
| **Финансии (вкупно): 50.000 евра**<br>**Од општински буџет: 0-10.000 евра**<br>**Од надворешни извори на финансирање:40.000-50.000 евра (донатори)** |

## ПРОЕКТНА КАРТА 8

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | **"Патокази до атрактивности на ИПР"** |
| **Категорија на проектот:**<br>(инфраструктура, социјала, образование, комунални дејности итн) | **Туристичка инфраструктура** |
| **Поврзаност на проектот со развојните стратегии на општината:**<br>(Да се наведат стратешките планови, стратешките цели, приоритети и акции) | СТРАТЕШКА ОБЛАСТ<br>**Стратешка приоритетна цел-**<br>1. Овозможување на подобар пристап и движење на туристите низ ИПР<br>**Мерка 1.2**<br>Обезбедување туристичка сигнализација |
| **Имплементира**: (општина, месна заедница,, здружение на граѓани, и друг инволвиран партнер доколку постои) | ЦР ИПР во соработка со општините |
| **Поднесена од:** | ЦР ИПР |
| **Лице за контакт** (име и презиме, адреса, телефон, е-пошта) | |
| **Датум на поднесување** | 2016 |
| **ОПИС НА ПРОЕКТОТ** | |
| **Цел на проектот:**<br>**Целта на проектот е да ги направи достапни за туристите постоечките атракции во ИПР, а со тоа да за зголеми бројката на туристи / посетители.** | |
| **Очекувани резултати:**<br>Зголемена посета на туристичките атракции во текот на целата година од страна на индивидуални посетители, туристи и организираните групи | |
| **Активности:**<br>(да се наведат активностите кои се планира да се преземат за постигнување на целите и реализација на очекуваните резултати – во неколку точки)<br><br>А1. Изработка на елаборат за туристичка сигнализација на ИПР, според ЕУ стандарди<br>А2.Вклучување на општините и релевантните институции и експерти<br>А3. Објавување на јавна набавка за изработка<br>А4. Поставување туристичката сигнализација на одредените локации<br>А5. Подготовка на промотивен ( печатен и електронски ) материјал со локациите | |
| **Долгорочни ефекти од реализација на проектот:**<br>(накратко, да се наведат ефектите – придобивките со кои на подолг период ќе се стекнат корисниците) | |

| |
|---|
| Е1: Зголемување на бројот на туристи<br>Е3: Зголемување на туристичкиот промет на територијата на ИПР |
| **Корисници на проектот:**<br>**Директни корисници (клучни):**<br>**Туристите**<br>(да се наведат субјектите кои ќе имаат директна корист/придобивка од реализација на проектот)<br>**Индиректни корисници:**<br>(да се наведат субјектите кои на индиректен начин ќе се стекнат со корист/придобивка од реализација на проектот)<br><br>**Жителите од ИПР** |
| **Краток опис на проектот** (не повеќе од 1 страна):<br><br>Големиот број на туристички атракции / локалитети во ИПР не поседуваат или имаат несоодветна туристичка сигнализација. Со тоа остануваат во позиција да не бидат посетени од страна на туристите, особено од оние кои патуваат во сопствена режија.<br>Со цел да се подобри оваа состојба се предлага проектот за туристичка сигнализација, која претставува прв чекор и неминовност доколку сакаме да ја зголемиме бројката на туристи во ИПР.<br>За да се реализира овој проект, неопходна е помош од стручни лица за мапирање на атракциите / локациите, како и стручна екипа за изработка на елаборат по ЕУ стандардите за туристичка сигнализација.<br>Се очекува соработка од сите општини во ИПР заради обезбедување на потребната документација при изработката на елаборатот.<br>Координацијата на проектот ќе биде од страна на ЦР ИПР.<br>Секако дека во овој проект не можат да се опфатат сите атракции/ локалитети, но во оваа фаза тоа да бидат локалитетите со регионално значење.<br>Се планира за обележените туристички атракции / локалитети да биде испечатена мапа, како и истата да биде ставена на веб-страниците на ИПР, општините и туристичките агенции. |
| **Потребни ресурси за реализација на проектот:**<br><br>Човечки ресурси: Координатор ЦР ИПР, соработници од општинска администрација на сите општини, стручни лица за изработка и поставување<br><br>Материјални ресурси: изработени табли, знаци и патокази, соодветна механизација ( доколку не е предвидено со јавната набавка изработка и поставување на истите )<br><br>Технички ресурси: Елаборат-техничка документација, технички ресурси... |
| **Финансии (вкупно): 150.000 евра**<br>**Од  општински буџет: 0-20.000 евра**<br>**Од надворешни извори на финансирање: 130.000-150.000 евра** |

# 15.ПРИЛОЗИ

## Прилог 1: SWOT анализа на туризмот во Источниот плански регион

| | Силни страни (СС) | Слабости (Слаби страни) (С) | | Можности (М) | Закани (З) |
|---|---|---|---|---|---|
| Внатрешни фактори | Местоположба на регионот и динамична релјефна структура | Состојбата на сместувачките капацитети на територија на регионот (недоволно, поголем дел од постоечките имаа потреба од подобрување на инфраструктурата и услугите) | Надворешни фактори | Природни атрактивности | Регионална неусогласеност |
| | Сопствен имиџ | Вонпансионска понуда | | Културно и историско богатство | Маргинализација на помалку атрактивните општини |
| | Концентрација на атрактивности на мал простор | Квалитет на понудата и услугите | | Концентрација на атрактивности на мал простор | Конкуренција |
| | Природни убавини | Изразита сезоналност | | Местоположба на регионот - бизона до ЕУ и релативна близина до Скопје како најголемо емитивно подрачје за потенцијални туристи во ИПР | Незавршена транзиција, приватизација |
| | Термални води и образован кадар за обезбедување здравствени и физиотерапевтски услуги | Менаџерски кадар | | Термални води | Недостиг на инвестиции |
| | Културно и историско богатство | Информатизација | | Атракции од религиозен карактер | Загадување на природната средина |
| | Постоење на препознатливи туристички локации во регионот | Маркетинг и промотивни активности | | Високо образование - Факултет за туризам – Штип | Девастација на културното богатство |
| | Локални и регионални манифестации | Организација на туризмот | | Развој на сообраќајот - Изградба на Коридор 8, Автопат: Скопје - Штип, Експресен пат: Велес - Штип | Недостиг на средства за ревитализација на руралната архитектура (закана за изумирање на рур. туризам) |
| | Атракции од религиозен карактер | Неискористен природен потенцијал | | Активна улога на локалните самоуправи и Советот на ИПР | Политичко – безбедносна состојба (нестабилност) |
| | Здрава храна | Недостиг на финансиски средства | | Активна улога на државата | Недостиг на финансиски средства |
| | Прифатливи цени | Неодржување на веќе постоечки туристички локалитети | | Привлекување нови инвестиции | Невработеност (закана за миграција на населението, посебно на младите) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Гостољубивост | Недоволна едуцираност на населението за зачувување на природните убавини | | Нови (уникатни) производи | Непостоење санитарни јазли покрај туристичките атрактивности |
| | Нови (уникатни) производи | Недоволна туристичка сигнализација | | Близина до аеродром | Неквалитетна сообраќајна инфраструктура |
| | УГД Гоце Делчев - Факултет за туризам – Штип | Неквалитетна сообраќајна (патна и железничка) инфраструктура, посебно до туристичките атракции | | Користење ЕУ фондови | Силната конкуренција која доаѓа од странство и соседните региони |
| | Стекнување практични знаења за работа на високообразуван кадар за работа во туризмот кој студира на Факултетот за туризам при УГД во странство (Германија и Шпанија) | Непостоење санитарни јазли во близина на туристичките атрактивности | | Услови за преквалификација и доквалификација на невработено население | |
| | Задолжителна практична работа во угостителско-сместувачки капацитети за учениците и студентите во образовните институции од овој плански регион | Несоодветно и нередовно подигање на отпадот во туристичките места | | Ревитализација на стари занаети | |
| | Климатски и почвени услови за производство и понуда на локална органска храна | Недоволна промоција преку интернет | | Отворање граничен премин кон Република Бугарија | |
| | Постоење на реновирани капацитети за сместување | Незаинтересираност на туристичките агенции за носење туристи во регионот | | Привлекување нови инвестиции | |
| | Започнат процес на ревитализација на стари занаети | Маргинализација на помалку атрактивните општини | | Поголеми СДИ со ориентирање на земјата кон ЕУ при што треба да се искористи нејзиниот статус на земја кандидат | |
| | Постоење на регионална пакет туристичка понуда | Недефиниран стратешки правец за развој на туристички активности | | Реновирање на капацитети за сместување | |
| | Воспоставена соработка на домашни со регионални ТА (бугарски, грчки и српски) | Несоработка со соседните региони за заеднички развој на туристичка понуда | | Понуда на органска храна | |
| | Претприемнички дух кај дел од населението | Недоволно образован кадар за работа во туристички објекти | | Сопствен имиџ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Евтина работна сила | Мал број на средни стручни училишта кои имаат туристичко угостителски насоки и слаб упис во истите | | Создавање локални и регионални брендови | |
| | Образован кадар во јавната администрација | Слаба конкретна поддршка на ЛС за развој на туризам по општините (поддршката е пред сè декларативна) | | | |
| | | Не постои заштита за квалитет или географско потекло на храна од овој плански регион | | | |
| | | Речиси непостоечка соработка со прехранбени преработувачки капацитети или примарни производители | | | |
| | | Низок степен на развој на занаетчиство и изработка на ракотворби и сувенири | | | |
| | | Неповрзаност со други стопански сектори за развој на специфична и препознатлива туристичка понуда | | | |
| | | Туристичките агенции не работат на „incoming tourism“ | | | |
| | | Низок степен на инвестиции во туризмот и ниска акумулација на сопствен капитал | | | |
| | | Малубројни примери на развивање сопствен бренд | | | |
| | | Непостоење на програми за развој, визија за иднината, немање бизнис планови и сопствена информациона основа | | | |
| | | Непостоење деловни здруженија, ниската поврзаност помеѓу деловните субјекти, самостојниот настап, како и големата меѓусебна недоверба | | | |
| | | Ранливост на секторот од промените на условите на странските пазари | | | |
| | | Ефикасноста на менаџментот е на многу ниско ниво | | | |
| | | Постои само еден граничен премин кон република Бугарија (Делчево) | | | |

## Прилог 2: Глобални критериуми за одржлив туризам

### A. Демонстрирање на ефективен одржлив менаџмент.

- A.1. Компанијата имплементирала долгорочен систем за менаџмент на одржливоста што е соодветен на реалноста и размерот и којшто ги има предвид еколошките, социокултурните, здравствените, безбедносните и прашањата за квалитет.
- A.2. Компанијата делува во согласност со сите релевантни меѓународни или локални закони и прописи (вклучувајќи ги, меѓудругите, и оние за здравство, безбедност, труд и еколошките аспекти).
- A.3. Сите вработени добиваат повремена обука во врска со нивната улога во менаџментот на еколошката, социокултурната, здравствената и безбедносната практика.
- A.4. Задоволството на корисникот е мерливо и се преземаат корективни мерки кога е тоа потребно.
- A.5. Промотивните материјали се точни и комплетни и не ветуваат повеќе од она што може да се добие од бизнисот.
- A.6. Дизајн и изведба на зградите и инфраструктурата:
    - A.6.1. во согласност со локалните планови и услови за заштитени или локалитети со наследство;
    - A.6.2. го почитуваат природното или културното наследство во поглед на локалитетот, дизајнот, проценка на влијанието и права на земјиште;
    - A.6.3 користат локално соодветни принципи за одржлива изградба;
    - A.6.4 нудат пристап за лица со посебни потреби.
- A.7. Информации за и толкување на природната околина, локалната култура и локалитетите со културно наследство.

### B. Максимизирање на општествените и економските поволности за локалната заедница и минимизирање на негативните влијанија.

- B.1. Компанијата активно ги поддржува иницијативите за општествен и инфраструктурен развој на заедницата вклучувајќи, меѓудругото, образование, здравство и санитарии.
- B.2. Вработено е локалното население, вклучувајќи и на менаџерски позиции. Обуката се врши по потреба.
- B.3. Бизнисот купува локални услуги и стоки, како и според договорите за фер трговија, кога е во можност.
- B.4. Компанијата нуди средства за да можат локалните мали претприемачи да развиваат и продаваат одржливи производи што се засновани врз природата, историјата и културата на местото (вклучувајќи храна и пијалак, занаетчиство, сценски уметности, земјоделски производи и сл.).
- B.5. Составен е кодекс за однесување за активности во домородечки и локални заедници, со согласност од и во соработка со заедницата.
- B.6. Компанијата имплементирала став против комерцијалната експлоатација, посебно на деца и адолесценти, вклучувајќи и сексуална експлоатација.

- B.7. Компанијата е рамноправна во вработувањето жени и локални малцинства, вклучувајќи и на менаџерски позиции, а ја спречува експлоатацијата на деца.
- B.8. Се почитува меѓународната или националната правна заштита на вработените, а вработените добиваат барем минимална дозволена плата.
- B.9. Активностите на компанијата не го загрозуваат снабдувањето со основни услуги, како што се вода, енергија или санитарни услуги, во соседните заедници.

**C. Максимизирање на поволностите за културното наследство и минимизирање на негативните влијанија.**

- C.1. Компанијата следи воспоставени директиви или кодекс на однесување за посети на културно или историски чувствителни локалитети, со цел да се минимизира влијанието на посетителите, а да се максимизира нивното уживање..
- C.2. Историските и археолошките артефакти не се продаваат, менуваат или прикажуваат, освен ако тоа е дозволено со закон..
- C.3. Бизнисот придонесува во заштитата на локалните историски, археолошки, културни и духовно важни имоти и локалитети и не го спречува пристапот до нив за локалното население.
- C.4 Бизнисот користи елементи на локална уметност, архитектура или културно наследство во своите активности, дизајн, декорации, храна или продавници; при што ги почитува правата на интелектуална сопственост на локалните заедници.

**D. Максимизирање на поволностите за средината и минимизирање на негативните влијанија.**

- D.1. Конзервација на ресурси
  - D.1.1. Куповната политика е во полза на еколошки производи за изградба, капитални стоки, храна и сличен потрошен материјал.
  - D.1.2. Купувањето стока за консумирање и за една употреба се мери, а бизнисот активно бара начини да ја намали нивната употреба.
  - D.1.3. Потрошувачката на енергија треба да се мери, да се укаже на изворите и да се усвојат мерки за општо намалување на потрошувачката, при што се поттикнува употребата на обновлива енергија.
  - D.1.4. Потрошувачката на вода треба да се мери, да се укаже на изворите и да се преземат мерки за општо намалување на потрошувачката.
- D.2. Намалување на загадувањето
  - D.2.1. Испуштањето на карбон диоксид и метан од сите извори под контрола на компанијата се мерат и се имплементираат процедури за нивно намалување и надокнадување како начин да се постигне климатска неутралност.
  - D.2.2. Отпадната вода, вклучувајќи и сива вода, се преработува ефикасно и повторно се користи каде што тоа е возможно.
  - D.2.3. Имплементиран е план за справување со цврст отпад, со квантитативни цели за минимизирање на отпадот што не се рециклира или користи повторно.
  - D.2.4. Користењето штетни супстанци, вклучувајќи пестициди, бои, средства за дезинфекција на базени и материјали за чистење е минимизирано; кога може е

заменето со безопасни производи; а секое користење на хемикалии е соодветно набљудувано.

- D.2.5. Бизнисот имплементира практика за намалување на загадување со бучава, светлина, истечни води, ерозија, соединенија што го уништуваат озонот и загадувачи на почвата и воздухот.

- D.3. Зачувување на биодиверзитет, екосистеми и пејсажи.
  - D.3.1. Дивите животни се земаат само од дивината, консумираат, прикажуваат, продаваат или се тргува меѓународно со нив само со строга законска регулатива, со цел нивното користење да биде одржливо.
  - D.3.2. Не се чуваат диви животни во заробеништво, освен за соодветно регулирани активности, а живи примероци на заштитени видови се чуваат само од оние овластени и соодветно опремени за нивна грижа.
  - D.3.3. Бизнисот користи локални видови за реставрација и правење панорами и презема мерки да го избегне воведувањето на туѓ вид.
  - D.3.4. Бизнисот придонесува во поддршката на конзервација на биодиверзитетот, вклучувајќи и поддршка за заштитените локалитети и местата со висока вредност во поглед на биодиверзитетот.
  - D.3.5. Интеракциите со дивиот свет не смеат да дадат несакани ефекти врз постоењето на популациите во дивината; секое нарушување на природните екосистеми е минимизирано, рехабилитирано и воспоставена е компензирачка донација за менаџментот на конзервацијата.